**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 14 април 1999 година**

Седницата се одржа во Владата на Република Македонија, во големата сала, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, попретседател на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Петнасеттата седница со утврдениот дневен ред по точката Информација за безбедносната состојба во Република Макеоднија.

Отсуство од оваа седница побараа Радмила Пеќеринска, Љубомир Поповски и г. Чедомир Кралевкси.

Со оглед дека мнозинството пратеници се присутни во салата исполнети се условите за натамошна работа.

Има збор г. Оломан Сулејмани, пријавен на минатата седница.

Ве известувам дека со г. Оломан имаме уште 12 пратеници кои се јавиле за збор.

Редоследот ќе го почитуваме онака како кој е пријавен.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Денеска расправаме за чувствителна тема односно продолжување на дискусиите кои ги почнавме пред неколку дена во врска со оваа тема.

Уште на почетокот морам да речам дека пратеничката група на ПДП уште дента кога имавме излагање на премиерот бевме цврсто заинтересирани да почне дебата по дискусијата на премиерот, бидејќи рековме дека работите се одвиваат како на филмска лента, забележавме дека се тактизира, како обично, за вакви чувствителни теми како да немаме храброст да се снаоѓаме со проблемите и тактизирањето на претседателот на државата дека ќе се обрати на парламентот или нема да се обрати еве денеска темата за која расправаме не е толку, може да се рече. актуелна оти нормално дека и стенограмите што ги поседуваме од излагањето на премиерот ако ги прочитате денеска фактички имаме доста промени и измени. Значи, и во стилот на војната која се одвива на просторите на Југославија односно во република Косово и во сето она што значи Република Македонија за истераните албанци од Косово. (на зборовите република Косово реагираа дел од пратениците)

Продолжувам понатаму.

Во СР Југославија имаме војна и тоа војна од чудесен вед односно карактер. Фактички војската на Југославија, полицијата и паравојската и другите криминалци вршат етничко чистење на Косово. За оваа проблематика не само што ние сме запознати , туку и целата меѓународна јавност. Кога реков дека имаме чудна војна јас би ја на-рекол вака. Се борат две струи. Тоа е НАТО -ПАКТОТ за да воспостави демократија, слобода и толеранција во регионот односно на Косово. Од друга страна имаме диктаторско однесување кое не го памети истори-јата со ваков геноцит кој се врши врз недолжно албанско население во република Косово.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Немојте колега, да одредувате државнички односи...

**ОЛОМА СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжувам понатаму.

Некои го обвинуваат НАТО дека не војува правилно. Меѓутоа, јас би рекол дека тој многу умно ја води оваа војна, бидејќи негова цел е ништење на воени објекти, воени цели на СРЈ и резултатот на оваа војна е само материјална штета. Меѓутоа, војната која ја води диктаторот Милошевиќ со недолжното албанско население се врши чистење на Косово односно од оваа војна фактички Милошевиќ сака да постигне неколку цели.

Првата цел му е Косово да биде како метла очистено од албанците. Ние сме сведоци дека со организиран превоз ги праќа низ државите кои граничат со СРЈ. Дел од истераните одат кон Република Црна Гора, дел од нив одат кон Република Албанија, а дел од нив одат кон РМ. Што значи ова? Стратешки дестабилизација на земјите кои се поблиску до СРЈ . Од друга страна тука сакам да подвлечам дека нашата Влада односно РМ како ги прифати избеганите бегалци од Косово. Бидејќи од една членка од СРЈ Црна Гора тие истерани албанци беа многу добро прифатени сметајќи дека Мило Ѓукановиќ односно Црна Гора е сеуште членка на СРЈ. Ние како држава како да се плашевме од тие бегалци односно истерани невини албанци. Истераните албанци патуваа ноќе,

пешки и со сите незгодни прилики што им ги наметнуваше агресорот односно политиката на диктаторот Милошевиќ. За жал дојдоа во меѓупросторот на границата меѓу Југославија и Македонија. Мислам дека моите колеги тоа го искажаа, јас нема да должам многу. За жал овие деца, жени и изнемоштени старци останаа меѓу два полициски кордона од север кордонот што тепаше, а нашиот полициски кордон што требаше да ги прифати тие истерани бегалци. Најдобра илустрација беше СНН и да не должам повеќе врз оваа работа. Бидејќи се работеше за чисто хумана акција и спрема сите меѓународни гаранции секоја држава е должна таквите дискриминирани луѓе од војна требаше да им ги отвори границите. За жал, нашите граници од наши луѓе кои се еминентни во државата се фалевме дека ја зајакнавме границата со голем број на полицајци. Јас се прашува, дали се плашевме од масата на бегалци кои ни стоеја на дожд и кал или ја зајакнавме против некоја агресија од север? Мислам дека до ден денеска одговор на ова прашање немаме. Јас велам дека е второто фактички ја зајакнавме границата заради тоа да воспоставиме ред бегалците легално да влегуваат низ местата каде што се предвидени. Дали со ова помогнавме, јас тврдам дека не. Секој еден бегалец бега веројатно од нешто не од волја дека овде ќе му биде подобро. Јас го поставувам прашањето обратно. Дали не бевме индиректни учесници за нивниот живот и за 29 гроба кои по повлекувањето односно преземањето на дел од истераните и оние кои ги презеде СРЈ кога се отвори местото само можевме да броиме 29 гроба. Ова е чисто од хуманитарна гледна точка.

Во излагањето на премиерот несакам да го цитирам овде да не ви одземам време вели дека дали ќе се најде некој од нив да рече макар една реченица благодарност. Јас верувам дека некој ќе се најде некој од нив, меѓутоа, на нашата граница Блаце може да се рече дека беше половина Приштина, а Приштина е елитен град и во таа маса на луѓе освен деца, жени и изнемоштени старци, ви гарантирам дека имаше големи интелектуалци кои најдобро ќе го кажат нивниот третман на меѓуграничниот простор.

Морам да изнесам уште еден факт дека претседателот Глигоров пред две години како претчувствуваше дека ќе имаме масовно истерување од Косово и предлагаше коридор. Тука вреди да се пофали премиерот дека тој нудеше прифаќање на бегалци само бројот беше 20 илјади. Договорот кој траеше меѓу претседателот на Републиката со Советот за меѓунационална безбедност иако за ова време со денови чекаа истераните на граница, се најде еден компромис. Меѓу коридор и прифаќање на бегалци компромисот беше воздушниот мост иако ПДП и сите членки на НАТО и Европската заедница и сите хуманитарни друштва се против ова бегалците да се префрлуваат на други места. То во брза иднина сите земји од Европската заедница односно од НАТО пактот ќе го дадат своето мислење , а мислам дека и до сега го дадоа дека се против тој воздушен мост оти тие се оптимисти дека овие луѓе многу бргу ќе се вратат на своите огништа и ќе живеат безбедно и веројатно ќе си ги реализираат нивните колективни права.

Одделни министри од оваа Влада правеа и со сета желба да помогнат, правеа грешки. Кои се тие грешки? Зарем може еден министер да рече дека ги молиме сите политички субјекти да не организираат протести и митинзи, бидејќи ни треба полицијата да ја однесеме за обез-бедување на границата. За мене тоа е наивно однесување на едно министер ство заради тоа што однапред им кажуваме на луѓето кои веќе сакаат да ја дестабилизираат земјата да ги организираат тие протести. За жал и такви протести имавме, меѓутоа премиерот веројатно во неговото изла-гање мислеше да ги намали тензиите, меѓутоа, главната поента освен на политичките партии и другите субјекти на државата рече дека главната поента им припаѓа на граѓаните што придонесоа да не се вовлече Македонија во црни сценарија односно да се дестабилизира внатрешно, како што тоа го мислеше Милошевиќ. Јас би рекол дека не беше баш така, ние имавме такви протести дури нема земја, повторно велам нема држава во која амбасадите ги чува нивната полиција. На пример како би и било на Словенија од овде да испраќаме полицајци да ја обезбедуваат нашата амбасада. Ова се несериозни работи и овде не смееме многу да се фалиме ако секоја една држава која има амбасада кај нас ни носи нивни полицајци, јас незнам каде е нашата улога односно каде е нашата цел за држа-вата.

Имавме и такви излагања на министри кои бараа од Меѓународната заедница да придонесува само со материјални средства, што значи со пари. Кои сме ние ако имаме некоја хуманитарна катастрофа да кажеме на една соседна држава или било која ние имаме ќебиња, имаме ориз, имаме секакви производи вие

дајте пари, па ние врз таа основа ќе ги финансираме и ќе ги храниме бегалците. Јас мислам дека веднаш демократ-ските земји со традиција кои знаат за вакви случаеви ова веднаш би го сватиле како бизнис. Овде мораме да тврдиме дека, јас се согласувам дека на Македонија и се нанело штета, меѓутоа, овде морам да подвлечам дека не се виновни истераните албанци од Косово за економската катастрофа на РМ, ако смееме да го речеме гса. Е што? До вчера велевме дека ги затворивме фабриките и од дел од тие фабрики ни остгнаа голеп број на стечајци. До вчера велевме дека имаме армија невработени. Зарем вината треба да ја префрлиме сега на бегалците односно на истераните албанци? Јас милам дека ова не е во ред.

Неколку збора ќе кажам што значеше соработка меѓу кризен штаб на Владата и хуманитарните организации. Мислам дека оваа соработка не беше на ниво, бидејќи да се критикува хуманитарното друштво Ел Хилал дека кокетирало со Комесаријатот, а не било во блиска соработ-ка со Кризниот штаб, јас би рекол дека не држи, оти ние имаме сознанија дека токму ова хуманитарно друштво не било ниту покането на тие средби на Кризниот штаб. Зошто? Јас да бев премиер односно министер на оваа Влада прво што ќе требаше да пофалам со јавна пофалба ќе ја пофалев хуманитарната организација Ел Хилал оти таа меѓу првите организации се најде на местото каде требаше.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**: (Продолжение)

Дел од нив преку нејзината организација, таа има и подо-граноци и мислам дека ги прифати бегалците односно истераните и дел од товарот со бегалците односно истераните, токму ја носеше оваа хуманитарна организација, што не сакам да ги минимизирам и другите хуманитарни организации. Верувајте дека големиот товар го носат албанците и истераните албанци кои се наоѓаат во нивните домови, се уште не добиле макар ни еден пакет од кризниот штаб односно Црвениот крст и незнам кои други хуманитарни организации. Се надевам дека и ова ќе се надмине во брза иднина, ќе морате да интервенирате и од овој аспект. Поради тоа што, товарот е преголем а не да се занимаваме со она, да речеме, дека денеска ја напуштија 100, 200 односно 300 бегалци за Турција, за Германија и незнам каде.

Прво, се прашуваме дали тие истерани албанци ја напуштаат Македонија со нивна волја, јас би рекол, не. Колеги, пратеници, тие се уште не се нашле еден со друг. Значи, имамме деца кои ги немаат нивните мајки, односно имаме сопрузи кои ги немаат своите жени. Е, сега, правиме една споредба. И така отежнатата нивна состојба како бегалци, ние придонесуваме и понатаму да им биде лошо. Фактички, едниот дел од семејството да им биде во Германија, а другиот дел да им биде во Турција. Мислам дека овде и меѓународниот фактор го даде своето мнение, меѓутоа, сепак, јас мислам дека време за корекција има. Зашто и во камповите каде што се концентрирани бегалците не им е сјајно. На пример, во кампот Радуша дури за 24 часа се дели само четврт леб. Се надевам дека и Министерството за здравство под хитно треба да преземи мерки затоа што условите во тие кампови се минимални за живот. Постои можност да се појават разни болести, па потоа не знам дали некој ќе не пофали однадвор или одвнатре.

Ова е долга тема, меѓутоа, да не ви одземам многу од времето, чисто не потпаѓам на провокации, само би било редно да слушате. Можам да кажам само една реченица што се однесува до овие хуманитарни акции. Верувајте, да беше жива мајка Тереза и да видеше каков прифат им направи на тие бегалци родното место Скопје само на десет километри, зашто секој од нас знае дека таа е родена во Скопје, мислам дека ова не е за смеење, зашто, солидарност ние како Македонија, би Ве вратил малку наназад само да речеме земјотресот во Скопје што се случи. Вие знаете дека голем дел од албанците презедоа нивни браќа македонци во нивните домови. Со таа наша мака, токму мегународниот фактор ни ја пружи раката и ние излеговме од таа природна катастрофа. Предизвикувач на оваа катастрова е човечкиот фактор, меѓутоа, мислам дека и на овој човечки фактор демократскиот свет на чело со НАТО ќе му го донесе крајот. Бидејќи,народите на овие простори наречен Балкан мора да живеат, како што живеат другите западни земји.

Некои дискутанти лансираат опасни тензии овде. На дел од нив ќе им одговорам. Јас не можам да сватам екс премиерот г-динот Бранко Црвенковски да се изрази во стилог, го молам министерот Трајанов да ја спроведе акцијата против бомбашите во Кичево. Колеги пратеници, оваа реченица оставена вака, без да се елаборира остава простор за страв и несигурност кај граѓаните.

Прво, морам да тврдам дека таа не беше ни бомбашка група, туку група која

веќе се казни во кичевскиот суд со над 40 години. Мислам дека таа процедура е завршена. Меѓутоа, јас би го поставил ова прашање. Исто и јас би го замолил господинот министер Трајанов оваа акција да ја продолжи, меѓутоа во друга конотација. Да ги најде убијците на покојниот кичевчанец токму од оваа група што полицијата го уби во својата куќа. Потоа, да продолжи во Гостивар да ги најде убијците на невините луѓе, па ако сакате да продолжиме

во Тетово, зашто почнавме од Кичево, и дури би му дал задача и би го замолил министерот Трајанов мора да го открие атентатот на прет-седателот Глигоров. Зашто и тука остана дилемата.

Некои од пратениците се изразија овде дека НАТО поддржува сепаратистички групи и незнам што. Мислам дека оваа филозовија е токму филозофија од работата на диктаторот Милошевиќ. Јас не знам за каков сепаратизам се работи во Косово или на други места, дали го заборавивме Рамбује, дали ги заборавивме напорите на Мегународната заедница колку придонесе за да се избегне најлошото, ова што ние денес расправаме. Јас мислам дека албанците го прифатија и минималното што го нудеше контакт групата односно Рамбује. Тие беа првите потписници. Меѓутоа, не колеги пратеници, На Милошевиќ не му одговараше овој потпис, поради тоа што требаше да ги постигне своите цели чисто Косово, фактички да врши етничко чистење во Косово. Неговата паравојска и сите други да ги малтретира граѓаните, што не памти историјата. А, тоа, веројатно ќе имаме прилика директно да ги видиме тие проблеми, за што сепак, СИ ЕН ЕН нас не ни одго вараше но СИ ЕН ЕН оваа работа ја следи и механизмите на НАТО ја следат целата оваа ситуација во Косово.

Имам уште една забелешка и мислам дека ќе завршам, а таа забелешка се однесува до Претседателот Глигоров. Кога беше пофален од премиерот дека соработката беше на ниво и мислам дека таа соработка, веројатно и премиерот можеби е пишман што го рекол тоа, поради тоа што од тој компромис, реков, се најде само воздушниот мост. Глигоров како претседател на државата, како креатор на сето ова што се случува со истераните албанци, кога доаѓаат претседатели од други држави, јас би рекол претседателот на Турција да ги посети камповите, господинот Глигоров не најде за сходно да појде и да види што се случува во тие кампови. За разлика што премиерот најде за сходно и ги посети тие кампови, без оглед на тоа што има слабости. Човек што работи, мора да му се случуваат и вакви слабости.

На крајот, Ви благодарам на Вашето внимание што ме следевте и сите отворете очи, почнувајќи од мене, над нас летаат авиони, кои не фрлаат чоколади и играчки за нашите деца, мора, пред се да се чува стабилноста на Република Македонија, а со тоа помагаме и на Република Косово и на сите други. Јас ви благодарам за трпението што го имавте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не правете територијални поделби надвор од она ... Збор има пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Дами и господа претениц,

Ние се исслушавме овие денови разновидни дискусии некои повеќе или помалку екстравагантни, некои поедноставни, некои по директни, некои индиректни, некои меѓуредовни, сепак, од нив се чувствува едно уверуваше, убедување дека се работи за антинатовско расположение, да не кажам, и за Европската унија и за САД. Но, тоа не е толку трагично од причина што секој има право на свое лично мислење, ние сме демократска држава, секој си има право на свое лично убедување, дури и кога тоа убедување може да е субјективно, пристрасно, еднострано, тенденциозно и тн. Меѓутоа тоа се мислеша. Но, тука е во прашање нешто друго, што сметам дека е многу важно и што не може да се оправдува со никаков политички опортунитет, односно не може да се оправдува со никаков политички прагматизам. Ние како институција, зборувам за Парламентот, имаме одлука за пристапување кон полноправно членство во НАТО, а исто така имаме договор за партнерство за мир со НАТО и се поставува прашањето расправа по оваа точка на дневен ред апсолутно мислам не, а јас денеска говорам иако не би требало да говорам, би требало да про-тестирам затоа што еве има некои министри овде ги почитувам заради вас овде како колеги всушност говорам и за некои медиуми кои си го одработуваат лебот чесно на оваа сеница.

Не е добро. Не е добро затоа што е отворена расправа, иницирана преку излагањето на премиерот потоа ќе го слушаме излагањето на претедателот, меѓутоа, нема заклучоци по кои треба да се сублимира мислењето на овој законодавен дом и ми се чини дека ние расправаме заради некаков тренд овде говорнички, од тоа нема фајда, а некои аргументи што ги

слушам наводно дека биле усвоени некои заклучоци на 24 март, тоа е денот кога всушност започна нападот на СРЈ и дека е тешко, невозможно е пратеничките групи особено од коалицијата да се усогласат по некаков заеднички документ. Ете, токму заради тоа еве ќе расправаме и нема да заклучиме ништо како Парламент а министрите ако слушаат или неслушаат или колку што слушаат Владата тие како самопослуга ќе си земат што им се допаѓа што не им се допа-ѓа, а во тој случај повторно се разбира е суспендиран Парламентот како највисок државен орган на РМ.

Било кој од овие аргументи да е во прашање расправа заради расправа, расправа без завршница не е добра и од тие причини мислам дека вакви работи не треба да ни се повторуваат. Ако е во прашање аргументот веќе биле усвоени ставови на 24 март по истото прашање проблемот е помал, треба да видиме дали тие ставови се остваруваат или дали ја одразуваат ситуацијата по нивното усвојување од моментот на усвојување до денеска. Лично мислам дека треба нивно дополнување обновување, затоа што сите знаеме какви нови состојби настанаа ако не друго барем по интензитетот и ако заклучоци не се предлагаат, не се предвидуваат поради втората причина заради тоа што наводно ќе немало Напротив, излегува една партија која е во коалиција со став дека треба да престанат нападите на НАТО. Излегува друга партија која е во опозиција, исто така, кажува нешто слично. Излегува госпоѓа Кипријанова, за жал, не гледам никого од Владата тука, која ми се чини барем во името на Владата, така си е редот, кажа дека луѓето бегаат поради НАТО бомбардирањата. Никој не може тука да даде никаков коментар. Никој не можеше да претпостави што е против услугата што Македонија ја даде на НАТО во однос на зачувувањето на мирот и безбедноста на Република Македонија. Мислам дека резултатот е нула.

НАТО е политичка, хуманитарна и економска, а пред се, воена структура и безброј пати од највисоко ниво на оваа структура, зборувам за НАТО, е кажано дека НАТО нема мишто против српскиот народ, туку има против српскиот режим, има против фашизмот, кој релано, сакаме ние да го признаеме или не, постои во Србија, поради убиствата на цивилите, поради геноцидот итн. Значи, ние да имавме принципиелен став кон ова прашање, јас сум сигурен дека утре и србите ќе ни беа благодарни од причина што тие изгледа го плаќаат најголемиот цех од политиката на Милошевиќ, тие се веќе во беда, затоа што со години војуваат неоправдано со соседите и со граѓаните. Сега, сосема е реално дека таа држава, поради таквиот режим би требало да плати цех економски, политички, воен, кој ќе ја уназадува Србија најмалку 50 години.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Исто така во донсо на бегалската криза Владата падна на повеќе испити. На испит по морални прашања, на испит по меѓународната политика, на испит по интер етничките односи и на крајот на испит по комуницирањето со јавноста и средствата за јавно информирање. Во значителна мера е разнишана една свес која беше градена за една минимална доверба и толеранција. Но да одиме по ред.

Прво, Владата падна по морален испит. Паднала поради тоа што ние ги гледавме тавките сцени кои не асоцираа на злогласните логори, па дури и полошо од тоа. Цеца, бебиња, старци изнемоштени луѓе 10 дена беа на калта и тоа со никакво образложение не може да се оправда. Десет деца умреа. Сигурно ако не помагаше таа ораганизација која што се вика ЕВБИАИ, сигурно ќе имавме епидемија, па можеби и дестабилизација. Дури и Израел со целиот свет ја сочувствуваше состојбата. Дури Израел кој се наоѓа 4.000 км од тука ја чувствуваше состојбата повеке од нас. Никој не знае што стана точно со 30.000 бегалци кои преку ноќ ги немаше во Блаце. За тоа лесно е и не може да се најде виновник, а тој виновник е госпоѓата Ема Бонино, Стенкове и другите кампови кој личат на логори а не на кампови природно се одвојува состојбата и повторно е виновна госпоѓата Сагато Огата. Листата на виновниците е многу широка, односно виновне се Високиот Комесаријат за бегалци, затоа што доцнеа за шаторите кои никој не ги побара, виновни се повеќе мегународни владини и невладини организации, виновни се лекарите без граници итн.

Второ, Владата падна на испит помеѓу Народно право. Еден од претставниците на Владата кажа минатата недела дека ние примивме бегалци затоа што сме ние во Владата. Навистина се прашувам тука јавно, дали некоја Влада чита нешто или не. Едноставно се работи за акти кој претставуваат дел од нашиот внатрешен поредок. Конвенцијата за бегалците е дел од нашиот внатрешен поредок. И тука не е во прашање волјата,

односно добра волја на некого, туку е прашање на почтиување на нормите и не може неи да се претвориме во единствен егзенплар за непочитување на нормите. Ги почтуваме тие норми кои цел свет се разликува од нас. И Турците и Курдите мегусебно да се истепаат соседните земји имале почит кон Меѓународното право.

Трето, испит кон Меѓународната политика. Ние ги заладивме односите со НАТО, Европската Унија и САД, а од нив бараме помош , поддршка и интеграција. Едноставно не може да се претпостави што е една Македонија како држава без овие институции. Во моментот некои претставници во Владата ја губеа контролата, напаѓајки го НАТО, ЕУ и САД, дури еден побара 100 авиони од еден новинар, па доби аплаузи од некои новинари, иако Запд уште дава по некој комплемент. Тоа го чини поради куртуацзија и тешко дека има реална доверба во нашите институции, од причина што никој нема доверба кај човек кој може да те остави на сред пат, човек кој може да попушти тогаш кога е најнеопходен кој може да се сврти за 180 степени за 24 часа и кој очигледно, ако има друга опција, веднаш би ја прифатил таа опција. Нинините комплементи се на ниво да не биде полошо и на ниво на помалс зло од ова што го има. Никој не сака да се справи со неизвесност.

Четврто, испит по комуницирање со јавноста и средствата за јавно информирање. Многу е смешно да се обвинат СИЕНЕН, БИБИСИ, кои имаат фанатични критериуми како се прави информација, само за тоа што прикажаа инсерти како се тепаат луѓето, иако тие инсерти требаше да ги прикаже нашата телевизија. Напротив, ние треба да си ја гледаме нашата куќа МТВ која е претворена во куќа на послушници, папагали, идејалисти и новинари кои работат со далински управувачи. Нормално тоа не важи за сите. Како е можно репортерката на МТВ да прикаже инсерт кога една жена носи некој гранки, веројатно за огрев, па коментира видете како немилосрдно се уништува шумата. И тоа МТВ која е национална телевизија која располага со парите на сите граѓани, значи за неа е многу важно, односно голема важност имаат гранките од животот на луѓето кои беа на Блаце. Директорот и заменикот директор на МТВ немаат никавка совест и одговорност за тоа што се случи. Од оваа телевизија се криеше измачувањата на луѓето дури од една емсиија на албански јазик пред три дена јас се запре пастив кога навистина слушнав коментар кога се фали Владата поради постапките и мислам дека е тоа трагедија и нека му е на чест на тој што го спремил тој коментар. Од сигурни извори знам дека ако биде пречка нешто во нашиот пат за асоцијативно членство во ЕУ бидете сигурни дека тоа ќе биде МТВ. Каде се тие емисии од типот без наслов, но со повод и тн., каде што практично ние имаме тотална послушност и терор над новинарите. Ние секојдневно читаме и слушаме за штетите кој ги претрпува РМ, кои се вреднвуаат на стотици милиони долари, некои милијарди итн. и сето наводно поради НАТО, а никогаш не е кажано веќе 10-сетина години ние трпиме поради режимот на Милошевиќ, никогаш не е кажано дека поради тој режим ние имаме толку и толку штета за нашето стопанство. Во нормални држави, секако дека до ваква ситуација се поднесува оставка. И тоа е најелемнетарно. Вие знаете дека во Грција само поради Оџалан, луѓето поднесоа оставка и никој не може да ја свати нашата Влада, освен таа што се сваќа себеси, но тоа е друг проблем. Сметам дека сметката за стие овие грешки ќе ги плаќаат граѓамните на РМ, ќе ја плаќа државата како целина и се плашам дека тогаш ќе биде доцна.

Се спомна тука од претходен говорник дека тука има национален итерес и рангирање на тие национални интереси. Ако е приоритетен националниот интерес во една држава, а таа си има столб, а главен столб се меѓуетничките односи, затоа национален интрес претставуваат и меѓуетничките односи. Илузорно е тоа да се гледа надвор од оваа важна компонента.

На крајот ги предлагам следниве заклучоци:

Прво, итно да се реши статусот на луѓето, за да можат да се стекнат со право на основните прехранбени продукти, со здравствено осигурување, со сместување, бидејќи помошта доаѓа а има структури кои велат дека се манипулира со таа помош, се зборува за комерцијализација на состојбата со бегалците во однос на кредитите, отпишувањето на долговите итн.

Второ, веднаш да се престане со протерување на луѓето освен ако има посебен договор со Република Албанија и во тој склоб треба да се градат сите кампови кои беа предвидени и да се престане со коридорите, бидејќи ние имавме еден коридор кој беше сув коридор, а сега имаме три коридори сувиот коридор, воздушниот коридор и фантомскиот коридор. Третиот е за тие 30.000 луѓе кои преку ноќ ги снема. Никој не зане како си заминаа од Република Македонија.

Трето, предлагам од ова Собрание да се излезе со јасен став, поддршка на НАТО во однос на сите активности . Мислам дека можеме да ги исправиме грешките барем делумно.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господа пратеници,

Две недели веќе тревога, не само внатре во Република Македонија, туку и надвор од нејзините граници, за наводната опасност од истерување од Косово. Авторот на информацијата г-динот Љубчо Георгиевски за актуелната безбедносна политичка состојба во РМ, тука не е. Потпретседателката г-ѓа Кипријанова не е тука, министерот за труд и социјална политика не е тука, г-динот во Минситерството за информации е тука, меѓутоа тој во минатите денови ми делуваше како да е шеф на г-ѓа та Кипријанова, другите ресорни министерства заменикот на Министерството за труд и социјална политика, заменикот министер за здравство, заменик министерот за внатрешни работи, замени министерот за народна одбрана не се тука. Да ве потсетам дека во длабока основа на оваа политика е чувството на интелектуална инферијорност и политичко неискуство кое се компензира во нескриена агресија и желба за покажување и докажување на власта. По ова, и во едниот и во другиот случај го покренуваат задоцнети умови. А на задоцнетиот ум лек нема, и не може да му се помага. Мегуетничка тревога и поделеност е знак на една голема опасност и дали за истата треба да се согласиме. Затоа барам од потпретседателот на Собранието да ја прекине расправата по оваа точка и нека се присутни сите компетентни од Владата на РМ инаку ние нема да учествуваме во расправата.

**РЕЏЕП ЗЛАТКУ:**

Дами и господа пратеници, господине потпретседателе,

Сега повод ми даде и г-динот Харуни да кажам два збора дека не знам, како би гледал на тие ТВ преноси на конференциите на Печат, јас се трудам да ја играм таа улога, што треба да ја играм дека ја водам таа коференција, но на неа како што знаете зборот го има потпретседателот на Владата на РМ проф.д-р Кипријанова и во никој случај не можам да и бидам шеф. Многу е незгоден тој збор. Но ќе дадам едно објаснување. Во врска со неколку збора искажани на минатата седница од господинот Бранко Црвенковски. Тој меѓу другото рече дека наводно сум кажал на една од тие конференции сум кажал дека во нашата Влада е забранет за употреба зборот коридор. Јас не сакам да кажам дека г-динот Црвенковски ја измислил оваа реченица, не барам априори така да кажам, затоа што е верно дека јас нешто слично сум кажал. Но слично со исто не е еднакво.

Второ, постои можност во некој медиум и така да сум пренесен. Вистина е дека сум кажал следното: дека во политичкиот респект во Владата на РМ, кога се зборува за бегалците од Косово зборот коридор не се употребува. Мислам дека е точно така. Така било и така е и ден денеска. Можеме да речеме дека денеска не постои еден коридир, туку постојат коридори. Точно, но разликата не е тука само во еднината и во множината, не е само во граматиката, туку првосходно во политиката, а тоа г-динот Црвенковски прекрасно го знае. Го знаеме и ние.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас жалам што не бев пратен доволно. Барав сите членови од Владата да бидат тука. Неслучајно го спомнав г-динот Реџеп Златку министер за информации, кого јас многу го почитувам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**:(продолжение)

Меѓутоа, тој последниве десетина дена ни делуваше како да е шеф на кабинетот на госпоѓа Радмила Кипријанова. Јас се извинувам, да бидеш присутен тука само да им ги наместиш микрофоните, не можам. Ако госпоѓата Кипријанова е потпретседател на Владата, исто така од редовите на ДПА е потпретесдателот Бедредин Ибраими, и тоа исклучиво за ова последново што ни се случува и одговорен. Така агресивно да се потиснуваат и едниот и другиот, мене тоа ми е јасно, тука оправдување нема. Затоа и минатиот пат реков каде се тие радикали од ДПА. Токму на овие лица мислев, односно Муарем Неџипи, заменик министер за здравство, ниту еден лекар од здравствените организации на Република Македонија, Македонец не беше на помош во кампот.

(Реагирање на пратениците од позицијата).

Затоа нас уште од првиот ден, од првото заседание на третите парламентарни избори ни рече претседателот Саво Климовски дека ниту еден член од Владата кога ќе се расправа за некоја актуелна и жешка тема нема да бидат отсутни. Затоа придржете се на тоа. Јас не сум да се продолжи расправа по оваа и тоа како жешка тема. Ако треба ќе се задржиме, како што се вели, не со цементирани глави да разговараме и за некои неотворени теми.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА**:

Господине потпретседателе, господа пратеници, ова е втор ден што во Собранието се расправа за безбедносната ситуација во зејата а тоа е тесно поврзано за настаните што во последно време се одвиваат кај нашиот северен сосед Косово, односно со инвазијата што ја изврши српската воена машинерија и последиците што произлегоа од таа инвазија, големиот бран на насилно протераните луѓе од Косово, упатени кон Македонија. Ќе настојувам да бидам што пократок и да потенцирам само некои релевантни факти од последните настани со албанските избеглици кои кај албанското население, а и дел од светската јавност оставија лош впечаток.

Актуелната Влада на Република Македонија се изјаснила за неутрален став или позиција кога е во прашање решавањето на косовскиот проблем иако мислам дека би било многу поправедно како прв сосед на република Косово, а и што е позначајно како земја каде што дел од населението е од албанска припадност Владата да се определеше за поенергичен став околу праведното решавање на косовскиот проблем. Тоа сигурно позитивно ќе се рефлектираше за угледот на Република Македонија во меѓународната арена. Се знае дека Македонија гласно се произнесува за членство во сите релевантни и светски организации, образложувајќи при тоа дека е држава која се бори за правата и слободите на луѓето, како демократска земја, како земја ориентирана кон западот. Изгледа сите овие изнесувања се разнишаа со последните настани, односно со нејзиниот став околу албанските избеглици, па и со ставот на дел од населението, па и некои високи функционери околу Алијансата и неколкуте моќни западни земји.

Што се однесува до ова Собрание, овде се изнесоа различни ставови и тези кој е се крив за ситуацијата за Косово, па до можното решавање на проблемот и тоа со поделбата на Косово во два дела, а со која поделба би биле задоволни и албанците и србите, од едната страна, а ќе си дојде и до крајот на конфликтот и смирување на Балканот од друга страна. Мислам дека ваквите тези се многу далеку и од мудроста и од праведноста затоа што во суштина тие се и претерани и непрактични. Некој може да си биде наклонет повеќе кон еден народ, отколку кон друг народ. Можеби е природно право поедини народи да си се сакаат повеќе од другите и по правило ќе си го сакате тој свет кој ви е поблизок по јазичните, крвните и верските врски, односно народите кои под влијание на околностите повеќе си се наклонуваат кон вашите интереси. Меѓутоа во поглед на правата сите народи се еднакви па затоа во времето кога целиот демократски свет си го осудува назикомунистичкиот режим во Белград и ги поддржува стремежот на албанскиот народ за слобода настојувањето да се створи едно убедување оти за се се криви албанците, за се се криви бомбардирањата и мешањето на НАТО или пак одбраната на ставот дека подеднакво се криви и режимот на Милошевиќ, кој предизвика четири војни и албанскиот народ кој се бори за слобода и рамноправност. Мислам дека таквит ставови само би го подривале угледот на оваа земја.

Што се однесува до бегалците и нивниот број службено Владата дава цифра од околу 80 илјади луѓе и декларира дека таа веќе неможе да прифаќа други бегалци и тоа поради две причини.

Во прв ред се економските причини, а второ ризикот од етничкиот дизбаланс што можат да си го предизвикаат тие во оваа држава.

Кога е до економските причини навистина Македонија се соочув. со многу тешки економски преоблеми, но на Македонија не и е прв пат да се соочи со проблем на бегалци. Се знаее добро, бидејки не е многу далеку, туку пред 5 или 6 години таа беше соочена со проблемот на босанските бегалци. Тогаш во Македонија си најдоа засолниште околу 30 илјади бегалци и тоа сите сместени во државни објекти или институции, хотели или одморалишта и во почетокот згрижувани од владини трошоци. Немаме ништо против ова, напротив го сметам како најхуман акт што може да се направи, но затоа се прашуваме со право колку од тие 80 илјади албански бегалци се сместени во државни институции и згрижувани со државни трошоци. Можеби е реален фактот дека во РМ немаше прифатни центри, но во емергентни случаи, како што беше овој како прифатни центри можеа многу добро да послужат и многу други објекти каде што бегалците ќе имаа многу подобри услови и ќе беа подобро згрижени отколку таму каде што беа принудени да останат на тие временски услови и на таков начин на третирање. Тоа е уште потешко кога се има предвид дека голем дел од нив беа жени, деца или стари луѓе.

Што се однесува до другото тврдење дека големиот број на бегалци

можеби ќе доведе до нарушување или етнички дисбаланс во регионот, образложувајќи го тоа со фактот дека историски гледано кај ниеден од народите кои биле принудени да се иселат немало потполно враќање во нивните домови. Така било со израелците, со македонците од Егејска Макеоднија, со албанците од Чамерија и со многу други народи, но историјата си е наука која за да се свати правилно мора да се поврзува со две главни детерминанти, времето и просторот каде што еден настан си се одвива.

Косовскиот проблем е проблем за чие решавање се ангажира најмоќната алијанса во светот, НАТО пактот, а една од главните точки за неговото правилно решавање е целосното враќање на сите бегалци во нивните домови. Тоа е едното.

Другото е тоа што албанците никогаш во својата историја не направиле некаде етнички дизбаланс со нивното преместување како избеглици. Со решавањето на Косовскиот проблем. А до тоа ќе си дојде затоа што не може да се поверува на поразот на НАТО силите во овој конфликт. Бидете уверени дека тешко е да остане некој албанец од Косово во овие краишта, барем не овде, а можеби би останал во Германија, Швајцарија или друга западна земја.

На крајот иако можеби никогаш не би било доволно да се зборува за овие трагични болни настани јас би завршил со едно барање упатено до ова Собрание и до Владата за затворањето на сите воздушни коридори и ставање на располагање на сите капацитети кои беа употребени за босанските бегалци, а со тоа сигурно не ќе се ставите на страна на српските планови за етничко чистење на Косово.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, Иако од поднесувањето на Информацијата за актуелната безбедносна состојба во РМ од страна на претседателот на Владата, г-динот Ѓеоргиевски, помина една недела очигледно состојбите по одредени прашања се видно изменети, па дури и од последната седница на која се дискутираше по ова прашање до деенес има промена на дел од актуелните состојби. Сметам дека ќе биде корисно ако и во сегашнава состојба се договори за одредени работи кои во секој случај или биле актуелни во изминатите денови или се денес, но се битни за безбедносната состојба на РМ.

Сметам дека безбедносната состојба во овој регион, а со самото тоа и во РМ никогаш не била послoжена и потешка од осамостојувањето на РМ, и затоа што никогаш не се водело војна во самото соседство. Војна во која што РМ ни крива ни должна е вовлечена во дел од нејзините последици. Зато ова прашање заслужува реално внимание и реален пристап кон него особено кога е во прашање безбедноста на РМ нејзиниот суверенитет и терииторијален интегритет.

Јас чувствувам потреба да ги изнесам моите видувања и видувањата на граѓаните кои ги застапував. Ова е особено важно ако се знае дека доаѓам од западниот дел на РМ, регион во кој изминатите денови се случуваа сите активности поврзани со бранот на бегалци и регион кој што е во центарот на вниманието на некои мрачни размислувања за создавање на некакви си големи држави во кој би влегол токму овој дел од РМ, од една страна и како единствен претставник на македонското населени со исламска религија кое воглавном живее токму на овие простори. Би сакал да се осврнам на неколку работи.

Прво околу состојбата со бранот на бегалци од СРЈ сметам дека и покрај лошата економска и социјална положба на РМ и на самите граѓани во случајот со приемот и згрижувањето на бегалците од СР Југославија Република Македонија и македонскиот народ воопшто уште еднаш покажа дека се мирољубив народ, спремен да помогне на секој кој е во невоља и безразлика на нивната економска и социјална положба дадоа се од себе колку е тоа можно бегалците да ги прифатат како луѓе пред се без разлика на нивната верска и национална припадност и да сочувствуваат со нивните тешки маки. Ја понудија својата територија, ги понудија своите градови и села. Секако бројот на бегалците од ден на ден се зголемуваше така што достигнатата бројка од околу 150 илјади значеше и преголем товар на самата држава, на самиот народ. Всушност како што неколку пати е повторувано и доколку по развиени држави од нашата кога би се соочиле со бројот на бегалци кој би бил 10% од бројот на нивното население и тоа за само десетина дена би се соочиле со тешки проблеми и на економски и на политички план.

Тука сакам да напоменам дек анеколкуте изјави дадени од високи претставници, а пред се од високиот комесеријат на бегалци, како и ставови изнесени од неколку странски информативни

куќи кои негативно ја оценуваат активноста на РМ во најмала рака значат навреда на вековните традиции на македонскиот народ, неговите чувства и неговата хуманост.

Кога сум кај бегалците особено оние кои се сместени по куќи сметам дека треба што побрзо да се изврши нивно евидентирање што треба да се обезбеди хуманитарна помош и за оние кои искажале хуманост што ги сместиле во нивните домови, како и за самите бегалци. Ова од познатите состојби за социјалната помош на граѓаните на РМ. Но и треба што побрзо и што поефикасно функционирање на воздушниот мост и пренесување на бегалците во државите кои сакаат да ги примаат. Секако не сериозни се тврдењата на поедини држави дека бегалците треба да останат што поблиску до своите домови односно на овие простори особено ако се знае дека само за неколку часа бегалците со авион можат да се вратат во своите домови и во интерес на самите бегалци и на евроспските држави и на РМ заради нејзината стабилнсот тие да се пренесат во други држави. Особено ако желбите се искрени на многу европски држави и членките на НАТО за стабилна Македонија, за суверена и самостојна Македонија и за во никој случај менување на границите од овие простори.

И уште нешто. Сметам дека треба што побрзо да се спојат сите фамилии и евентуално нивно транспортирање во други држави да биде на цела фамилија тука , а не треба да се дозволи она што во последнно време се случува на македонскоалбанската граница, во Албанија да се префрлаат само возрасни мажи, а членовите на нивните семејства да ги оставаат во РМ во прватни сместувања или кампови.

Исто така меѓународната јавност треба целата хуманитарна помош да ја доставува преку надлежните државни органи, а не преку разни разни хуманитарни организации особено оние од еднонационален состав, за некој од нив од поодамна, всушност некои и од поодамна постојат на овие просотри и како здружение на македонците со исламска религија јавно доставуваме забелешки за нивнтие активности во населените места со македонци со исламска религија и појавата на познатите проблеми во овие средини.

Ние исто така сме загрижени и за судбината на македонското население со исламска религија кое живее во пограничните делови на СР Југославија спрема Р Македонија, во реонот на Гора. 18 селски населби со околу 20 илјади жители. Не знаеме што се случува со овиелуѓе иако дел од нив кои живееле по градовите се дојдени во Република Македонија. Дури и тука, да напоменам , при нивното евидентирање на самите гранични премини на некој од нив на графата на национална припаднос запишуваа дека се албанци, но на наше инсистирање и наше иинтервенирање таа грешка е исправена.

Второ, овие тешки моменти за РМ од голема важност е обезбедувањето на државната граница како со СР Југославија, исто така многу важно е и со Република Албанија. Состојбата во која се наоѓа РМ со големито број на бегалци на нејзина територија и тоа како може да делува дестабилизирачки особено во западниот дел на државата и населените места долж албанската немирна граница. XX Во тој контекс треба сериозно да размислат и Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи за формациската поставеност на нивнтие единици односно потребата од функционирање подолг период на резервните полициски станици, нивната опременост, мотивираност на вработените.

Ова го кажувам од причина што во пролетните месеци, топењето на снегот во планинските предели се зголемува можноста за чести илегални преминувања на границата на вооружени организирани групи.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:** (Продолжение)

Чести кражби на имотите, појава на шверц со оружје, дрога и друг недозволена трговија. Ваквите појави не се новост за овие простори, па дури и можни вооружени инциденти, како што и неодамна се случи ворегионот на Гостивар, кога трагично го загуби животот и командирот на полициската станица во Галат.

Ние кои живееме во овие простори сериозно сме загрижени за нашата судбина, за имотите на граѓаните, за животите на оние кои совесно и дисциплинирано си ја извршуваат поставената задача во обезбедување на државната граница и редот и морот во регионот, како припадници на Армијата на РМ и припадници на полицијата. Но, исто така сме загрижени и за суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ, особено после дадените изјави на челниците од Република Албанија за можното прекројување на границите во сите простори.

Во оваа прилика сакав да напомнам дека додека не има, Македонците со исламска религија, распоредени во граничниот регион, во Тетовско, во Река, Дебарско и Струшко, Македонија не треба да се грижи за својата безбедност, барем во западниот нејзин дел. Не треба да се грижи за македонштината на тие простори, но бараме и промена на нејзиниот став кон ова население. Всушност, сега е на власт партија која, ако не се лажам, во 1994 година на Конгресот во Кичево прва донесе официјален документ за положбата на ова чисто македонско население и која покажа дека нема да се откаже од 120 илјади граѓани од македонско етничко потекло, но, со исламска религија, кои ја чуват и негуваат исто колку и најголемите исламски верници. Исто така, по никоја цена не се откажуваат од својот македонски идентитет и својата единствена македонска држава.Искрен да бидам, според првите потези на власта ние воопшто не сме задоволни од нашиот третман. Но, исто така, верувам дека во овие тешки времиња за РМ кога многу важно ни е релаксирањето на меѓуетничките односи и кога баш ова македонско население е многу важен фактор, а заради припадноста на македонскиот народ и припадноста нас исламската религија над која припаѓаат и поголемите националности во РМ, македонските политички партии кои се нас власт најпосле сериозно ќе почнат да размислуваат за сопственото македонско население. Сметам дека ова се и те како важни работи кои дури можат да бидат и пресудни за вкупните меѓуетнички односи во РМ.

На крајот, би повикал сите ние да дадеме што поголем придонес за престанување на воените дејствија во соседна Југославија со која не врзуват и многу економски врски, заради што Македонија трпи и огромни штети, заради што претстојат и многу отпуштања од работа, се затвораат фабрики, се зголемува бедата на македонскиот граѓанин. Да се ангажираме за создавање на услови за враќање на сите бегалци во сопствените домови. Да се ангажираме за искажување на вистинските состојби во РМ, особено со контактите со сопствените бирачи со што ќе допринесеме за намалување на меѓуетничките тензии.

Во релаксирање на меѓуетничките односи да прифатиме еднас голема реалност дека судбината одредила да живееме тука заедно со различно етничко потекло, со различни религии, со различно политичко убедување, различни социјални словеви. Да бидеме носители ан вистината дека невозможно е прекројување на границите, делење по етничка основа и прогласување на некакви си големи држави. Да ја прифатиме реалноста дека РМ е наша единствена држава и сите ние со почитување на Уставот и законите да покажеме и да кажеме и докажеме дека сериозно мислиме РМ да ја градиме како суверена самостојна држава.

И сосема на крајот, како човек, а пред се родител, морам да кажам дека горд сум и радосен што во овие тешки моменти за РМ мојот син кој е на отслужување на воениот рок директно учествува во заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ како моја единствена матична држава. Со своите активности придонесува за безбедноста на граѓаните на РМ.

(Аплауз)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, ценети министри, дами и господа пратеници.

Во информацијата за политичко безбедносната ситуација во РМ што ја изнесе премиерот, ги изнесе вистинските сотојби во нашата држава и во таа смисла многу ја пофали опозицијата, при што истакна дека најтешкото веќе е зад нас.

Расправата по информацијата за политичко безбедносната ситуација во РМ опозицијата сака да ја искористи со невиден напад врз Владата, врз поедините министерства и врз премиерот. Слушнавме дискусии кои беа повеќе од два пати подолги од излагањето на нашиот премиер. Пратениците од ПДП нападнаа се што можеа да нападнат и се што можеше да им падне на памет, квалификации за кои не ни смеам да помислам. Јас би ги потсетил нив дека високиот претставник, баш овде беше и посочен, за бегалци на ОН, единствена забелешка што најде за камповите за бегалци беше дека таму нема фудбалски и тениски игралишта.

(Смеа во салата од пратениците на ПДП)

Колегите што се смеат јас би ги запрашал кој од нив може да игра тенис. Фудбал сигурно играме, а за тенис незнам.

Пратеникот на СДСМ, г-динот Бранко Црвенковски исто така се нафрли врз Владата и премиерот Герогриевски со една позавиена форма но во целина и всушност се се сведуваше како дискусиите што се водеа од страна на ПДП. Тој во неговиот воведен дел од излагањето како "воен стратег", изнесе повеќе сценарија за кои морам да признаам дека кој од кој беа поцрни и незнам како му дојдоа на памет и ги стави под а), б), в) и тн.

Јас незнам г-динот Црвенковски што е по професија и

по локација, но иако е воен стратег, а би му препорачал уште еднаш да размисли со ваквите сценарија и малку подетално да ги образложи. Јас мислам дека граѓантие во РМ сето тоа го прочитаа и на овие негови смислени напади врз Владата нема да му поверуваат, бидејќи коалиционата Влада, сегашната Влада со сите министерства и премиерот ја држат состојбата под контрола и тие се повикани да изнесуваат компетентни оценки за политичката и безбедносната состојба во државата.

Г-динот Црвенковски на крајот од неговата дискусија

предлга некој вид заклучоци и на еден од нив јас би се осврнал таму каде предлага да престанат промените што ги врши коалиционата Влада односно актуелната власт. Тој при тоа заборави дека избирачите ни ја дадода довербата токму поради тоа што во Македонија промените стаснаа неминовност за излез од ќорсокакот во кој не доведе Владата баш на Црнековски. Промените кои досега се извршија се делумни и нецелосни. Јас сметам дека натаму ќе уследуваат во согласност со дадените можности и состојби.

Исто така околу заклучокот на Црвенковски што предлага да не се вршат натамошни проверки, натамошни истражувањa и контроли. Тука го спомна "Силекс" од Кратово. Јас би го замолил да посочи уште неколку компании за кои е загрижен тој или опозицијата, сеедно, и кои можат и натаму да дивеат како во периодот на владеењто на СДСМ и нејзинтие коалициони партнери.

Јас незнам зошто цитираниот пратеник ова го предлага. Мислам дека тој македонската јавност доволно не ја познава. Зарем сака повторно октоподот на кој беше главата, сеуште да делува.

Политичко безбедносната состојба ќе беше поинаква, ако претходната власт во која учествуваа баш сега најгласните критикувачи на сегашната Влада и на сите министерств,а не оставаше вистински економски пустош. Оваа Влада наследи, без малку повоена економска состојба. Наследи вистински пустош во сите сфери од нашето живеење. Празните фондови, уништени фирми, огромна невработеност, ограбени и опљачкани граѓани преку пирамидални штедилници кои беа изум на претходната власт на СДСМ. Нема гранка и дејност, било да се работи за стопанството или за нестопанството, секаде се наиде н празни каси, присуство на масовен грабеж и прелевање на опгромни средства од приватните џебови кон претставниците од претходната власт како и на нивните блиски соработници, огромна задолженост на земјата преку земање на кредити кои сеуште не се знае каде се потрошени, минимални инвестиции кои се помали, пониски од нашиот сосед Албанија. И кога работите тргнаа да се решаваат на подобро, кога се поставија ситурни и цврсти темели за идниот забрзан развој, баш благодарение на оваа Влада која со огромен труд, знаење и чесност и умешност, која што умееше дел од состојбите да ги постави на вистинско место и да даде една вистина дијагноза и со прави лекови да се лекува државниот организам и кога тој организам почна да заздравува и да се опоравува, еве не снајде една невидена хумана катастрофа која имаше тенденции и намери да не вовлече во војна од која ние ќе ја изгубивме државноста и нашиот суверенитет, сигурно.

Тука морам да истакнам дека за минатите 15 до 20 дена оваа наша Влада и сите министерства со мудра политика и непреспиени ноќи успеаја да ги решат успешно најтешките проблеми. Опозицијата ја критикува Владата и сите министерства, дури и со една невидена дрскост беше спомнат поединечно и министерот Кљусев. Да биде иронијата уште поголема најмногу се критикувани Министерствата за народна одбрана и внатрешни работи кои мора да признаеме сите, сакале или не, го понесоа најголемиот товар во овие тешки моменти. Со остра критика опозицијата се нафрли и врз нашиот премиер, кој многу смело, мудро и одважно го раководи целиот тим на Владата.

Во оваа прилика јас би го цитирал господинот Строуб Талбот заменик државен секретар на САД кој рече: "Меѓународната заедница не треба да ја остави сама Македонија, треба да и помогне и да го подели товарот што и наметнат со оваа криза. Премиерот Георгиевски е

политички лидер со визија кој не ги решава само денешните проблеми, туку и тие што се во иднина". Јас би додал, ако не беше визионерската улога на премиерот, на целата наша Влада која работеше како еден тим ние сигурно во овој Парламент немаше да расправаме во една ваква релаксирана атмосфера, туку за овие проблеми дали ќе решававме.Со она што го направи досега РМ и нејзината Влада не заслужува да биде жигосана за нехуман однос, уште повеќе од нашата опозиција која досега за целата надворешна политика на Владата даваше целосна поддршка.

Со оваа дискусија на опозицијата, со овие дисонантни

тонови јас неможам да се согласам, бидејќи тие дискусии се проткаени со призвук на омраза. Ваквите дискусии може да предизвикаат огромни штети и внатре во нашата држава, а исто така и надвор во земјите од Европската унија како и во НАТО. Овие се огромни проблеми за Македонија кои силно ги вознемирија сите граѓани во Републиката, без оглед дали се работи за Македонци, Албанци и Турци. Нашата Влада не може да се рече дека беше неспремна и изненадена од оваа криза. Сите наши релевантни партнери оценија дека можеме максимум да примиме 20 илјади бегалци, а дојдоа над 120 илјади и со цел да се дестабилизира нашата земја. Но, Македонија издржа, ја преброди најтешката криза. Тука се потенцираат поединечни пропусти, па се забора тоа што цела Македонија ја споделува болката со сите овие раселени лица и Македониај прави се да им ја ублажи болката и што поскоро тие да се вратат на нивните огништа. Сите човечки судбини на бегалците и ние го споделуваме и сочувствуваме со нив. Македонија во границите на нејзините можности овие луѓе ги прифати, им пружи љубов и топлина и сведоци бевме на една ТВ емисија кога поединци од тие бегалци со солзи на очите искажуваа благодарност кон Македонија, на Владата и на македонскиот народ.

На крајот би истакнал дека Македонија е мала држава но во овие кризни денови покажа дека има големо срце, дека има мудрост и трасира вистински и прави патишта за идниот успешен и среќенразвој за сите граѓани во нашата држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Љупчо Ристовски.

**ЉУПЧЕ РИСТ0ВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, преставници на Влада.

Темата што денес ја дискутираме е сериозна тема и кон оваа тема треба да се има сериозен пристап без при тоа да правиме политички маркетинг, затоа што сите зборови изнесени од оваа говорница имаат голема тежина, бидејќи треба да бидеме свесни со каков интерс јавноста во Македонија па и пошироко ја следи оваа седница па и другите седници. Доколку ние од оваа говорница се обидуваме да правиме популизам и се обидуваме своите политички желби кои не сме можеле на редовни избори да ги преточиме во успех, жалејќи за тој неуспех денес да правиме маркетинг, маркетинг врз сиромаштијата на народот и граѓаните, маркетинг врз патељето и страдањето на бегалците, маркетинг на сметка на невработените, маркетинг на сметка на сиромашните, навистина е нечесно. Нечесно е пред се за луѓе кои се бирани од тие граѓани, луге кои ги претставуваме во овој дом.

Информацијата што ја поднесе премиерот на Владата, гледана од аспект на наша пратеничка група, од аспект на граѓаните на Република Македонија и од аспект на држава што е само со два милион граѓани, која што е со над 300 илјади невработени, над 60-80 илјади семејства што егзистираат благодарение на помош е информација која нуди оптимизам, нуди верба во таа Влада, бидејќи навистина е направен еден сериозен обид, навистина е направена голема работа што далеку ги надминува можностите и на оваа Влада и на оваа држава.

Свесни за ситуацијата во која се наоѓа нашата земја, свесни за сиот оној прогон што го гледаме и го слушаме на само неколку километри од нашата граница, ние мора со сета своја сериозност да застанеме;зад мерките што ги презема нашата Влада и да дадеме максимална поддршка на Владата и да и посакаме многу среќа, бидејќи во овие непредвидливи времиња, во овие непредвидливи ситуации, ретко која Влада во светот и многу поискусна и многу побогата и со многу поголем буџет и со многу поголеми средства тешко може да се снајде. А нашата Влада, штом успеа во овој, според мене, најкритичниот момент

од косовската криза, односно балканската криза да извлече вакви решенија и да направи вакви потези, навистина е за пофалба и за апсолутен респект.

Ние можеме, како политички противници, да се разликуваме во нашиот пристап кон проблемите. МОжеме да имаме најразлични погледи. Меѓутоа, во оваа констатација мора да бидеме единствени и да се согласиме со тоа, бидејќи товарот што го понесе нашата земја е навистина преголем и верувам дека и средствата за информирање, од странските агенции пред се, веројатно ќе најдат простор во нивните извештаи, дека земја со толкав број невработени толкав бој на социјални случаи нашла простор, нашла средства и нашла и начин да прими да прибере толкав голем број бегалци. Мислам, ако сакаат да бидат непристрасни и ако сакаат да бидат реални и да се претставаат како новинари, известувачи на демократски земји, сигурно ќе го изнесат овој податок.

Во нашите настапи пред говорницата, евидентно е дека многу ги именуваме, нашите, пред се, стратешки политички определувања, бидејќи до вчера сите ние имавме еден политички консензус околу тоа дека единствен начин Македонија да опстои во оваа геополитичко опкружување, и со оваа геостратешка положба што ја има, тоа е единствено евроатлантската ориентација.

Како што кризата на Косово зовриваше, како што температурата се подигаше, како што беше се поевидентно дека на Косово и во СР Југославија ќе се случи војна, голем дел од политичките партии се обидуваа да направат маркетинг токму на овие работи, јавно декларирајќи дека се на курсот на својата политика која што ја зацртаа од почеток и, кои што ги потпишаа првите договори за асоцијација, за присуство на НАТО трупи во Македонија. Меѓутоа, штом се создаде друг простор за поинаков маркетинг, почнаа да ги подгреваат народните маси за едно анти НАТО расположение во кое што, за среќа на македонската држава, а за жал по тие политичари, народот ја сфати сериозноста на ситуацијата многу повеќе од нив и не подлегна на таквите инсинуации и таквите пропаганди. Така што тие митинзи останаа со една смешна бројка од само неколку граѓани.

Владата се обвинува дека во овие кризни ситуации нема визија, нема свој концепт по однос на проблемите што се случуваат во Југославија и се случуваат на Косово. Јас мислам околу тоа воопшто не треба да полемизираме. Владата има многу јасни визии и многу јасно и гласно има, во безброј ситуации, кажано дека стратешки интерес за Република Македонија е мирно решавање на кризата во Косово.

Токму држејќи се до таа своја определба, до таа своја политика и денеска Македонија, за среќа на сите, го избегна виорот на војната. Се уште се наоѓаме во ситуација Македонија да биде земја во која што се уште функционираат институциите на системот. И, не само се уште, туку во целина функционираат тие институции на системот, целосно ги извршуваат своите задачи и токму заради тоа функционирање на тие институции некој е многу разочаран, бидејќи можеби во воениот метеж некој гледаше спас, да се спаси, бидејќи институциите, инспекциите почнаа се почесто да вршат контроли, односно да чукаат на вратите на оние кои во минатото длабоко забраздиле во криминал и недозволени работи.

Република Македонија, безброј пати, од сите надворешни фактори, а во последно време голем број на странски државници од ниво на претседатели, премиери па се до министри за надворешни работи ја посетија нашата земја. Сите до еден, од прв до последен, се произнесоа дека Македонија е фактор на стабилноста на Балканот. И токму ваквите оценки, токму нивните оценки се нивна гаранција за тоа дека Македонија ја води стабилна Влада. Не може една држава да биде фактор на стабилност во еден регион, регион што е толку турбулентен, а да биде слаба Влада, да биде Влада без визија, Влада што нема решение за ситуациите што се случуваат околу неа. Токму затоа ги посочувам сите овие надворешни државници што беа во Република Македонија и ги изнесоа своите ставови. Токму нивните ставови, според мене, се најобјективно мерило за она што го направила нашата Влада и за патот што го има трасирано пред себе и за политиката што ја води моментот.

Многу често се наметнува темата дека во Македонија постои некое анти натовско расположение. Анти НАТО расположение постои јавно кај определени националности во Република Македонија кое од свои причини се произнесе дека се против присуството на НАТО трупите во Македонија. Меѓутоа, има и само декларативно изјаснување на дел од политичките структури во Македонија дека

се против НАТО, со цел да и наштетат на Владата која што го поддржува присуството на НАТО во Република Македонија. Меѓутоа, јас би сакал да се ставам во една ситуација, до колку во овој момент во Република Македонија не беа присутни силите на НАТО, како ќе изгледаше Македонија? Навистина, тоа би било едно најцрно сценарио што би можело да ја снајде нашата земја. Замислете, каква е констелацијата на односите и составот на силите и трупите што денеска се вооружени на само 10 километри?

Голем дел во тие вооружени судири учествуваат доброволци, учествуваат војници, учествуваат од најразлични типови влезени луѓе од страна, кои а такви војски кои најчесто не можат да се контролираат. Тие, секогаш не се под контрола на командите на војските што таму војуваат. И денеска, доколку НАТО силите не беа на границите на Република Македонија најголем дел од овие самоорганизирани паравојски ќе наоѓаа прибежиште во Република Македонија. Нашата територија ќе беше простор каде колачите од секаков вид ќе ги остреа камите и немаше да биде случајност за голем број граѓани да страдаат, жители на Македонија, токму од нив.

Мегутоа, се случи тоа што сите го посакувавме. Се надеваме дека војната во најскоро време ќе заврши а Владата на Република Македонија ќе додржи со онаа цврстина што ја дочека кризата и дека навистина успешно ќе избродиме, ќе исловиме од оваа тешка ситуација и дека на нашите поколенија ќе им обезбедиме една посреќна иднина.

Ме зачудува кога тука се долева зејтин на огнот. Зарем некому не му е доволно сето ова што се случува околу нас и зарем не се поставува некој во ситуација, до колку тој пламен се прошири и тука дека и ние како бегалци ќе се најдеме на границите на некоја земја? Зарем и нашите деца нема да бидат во иста ситуација како овие деца што сега се на нашите граници? Затоа, да ги премавнеме сите наши политички разлики, да приидеме кон проблемот сериозно, да не ја палиме атмосферата помеѓу нашите етникуми, туку со еден трезвен пристап, со една релаксирана дискусија да ја насочиме Владата во оние сектори каде може повеќе да се направи, а исто така и јавноста да ја релаксираме, затоа што навистина премногу е изманипулиран целиот народ, премногу е во една предвоена психоза. Сето тоа прави ситуации што се подлога за евентуална дестабилизација.

Не гледам причина од оваа ситуација Македонија да не излезе како една просперитетна земја, затоа што Владата на време го постави прашањето со решавашето на финансиските проблеми на државата. Секоја војна почнува и никоја не траела до бесконечност. И оваа војна ќе заврши. Меѓутоа, веднаш после војната проблемите што Македонија ги има од економски аспект ќе се продлабочат уште повеќе и токму кај мене нуди голем оптимизам тоа што Владата на неколку чекори однапред ги предвидува своите позиции и акции. Токму таквиот начин на размислување и водење на државата ќе обезбеди вистинска иднина.

Посебно би сакал да потенцирам храброста на Владата во моментите кога напливот на бегалци од соседна Југославија беше најголем, во моментите кога Европската Унија и НАТО и најголем број европски земји се однесуваа како во народната, кога глувата баба ќе ја поздравите со "добро утро",а таа одговара "еве, собирам сливи". Токму таквиот однос на земјите членки на Европската Унија и НАТО на некој начин испровоцираа релакција на нашата Влада која што правилно го посочи проблемот и побара навремена помош, што навистина за наша Влада е посебна реткост, затоа што досегашната Влада беше навикната само на понизност и молење, додека сега се случи една нова ситуација што за мене е охрабрувачка.

Во дискусиите, јас би ве повикал сите колеги пратеници да бидеме поконструктивни, да внимаваме да не ги вознемируваме граѓаните со нашите дискусии, посебно не со паушални проценки дека Македонија е загрозена на овој или оној начин, дека во Македонија нема кој да води грижа ниту за бегалците, ниту за граѓаните, дека во Македонија ништо не функционира бидејќи со таквите неконструктивни дискусии само ја продлабочуваме кризата во Македонија и можеме Македонија да ја одвлечеме во несакана насока.

Инаку, за правење маркетинг од оваа говорница е многу лесно.

Господо пратеници,

На Косово се гине, а околу Косово само јунаци. Јунаците се овде, од

други говорници, од Белград, на сите страни. За јунаци има простор каде и за повикување на дестабилизација има каде. Јунаците таму, а оеде само конструктивни дискусии, дискусии што ќе одат во прилог за стабилизација а не за дестабилизација на Република Македонија.

Дека одредени дискусии се злонамерни и дека токму со нив се сака Македонија да се покаже во црно светло пред светската јавност, пред Европската Унија и пред НАТО сојузниците би навел дека дел од дискусии каде од прва рака се наведува дека во Македонија не добро се распоредува хуманитарна помош, дека Македонија сака оваа ситуација да ја комерцијализира, што е за мене една класична дезинформација,и класично антидржавно дејствување.

Доколку ние сакаме Македонија да биде навистина стабилна држава и, доколку на Македонија и мислиме добро, ние ќе дискутираме во подруга насока и нема од тука да мавтаме со прст. Доколку вие направите така да му се мислите. Може и во друг правец да се мавта со прст. Доколку вие ја дестабилизирате Македонија и вие позади вас, да му ја мислите.Тоа кон ништо не води. Јас би сакал сите заеднички со заеднички сили да работиме на стабилизацијата на Македонија, во интерес на оваа земја и во интерес на поколенијата што доаѓаа, да не се најдеме и ние во ситуација утре, на нечии други граници да чекаме за прием.

Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има госпоѓа Марија Јорданова.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Влада, почитувано претседателство,

Си дозволувам да земам збор по оваа тема токму заради чувствителноста и кревкоста на оваа тема за која расправаме еве веќе на две седници, а уште повеќе заради тоа што оваа тема не е само тема, но сушност наша судбина. Судбина што се однесува токму на ова парче земја, Република Македонија и токму на ова поднебје. А, таа е една, заедничка за сите нас и неделива на партии, етноси и вери.

Сите ние ја кроиме таа судбина, согласно со нашите сфаќања. Нашата способност на објективна политичка проценка, на кажаниот збор и чин, а секој чин, ние знаеме, било каков да е, политички или неполитички, може да се коментира од најразлични аспекти.

Но, во едно мораме да бидеме единствени, а тоа е интересот на нашата држава Македонија како наш заеднички интерес и долг како граѓани на Република Македонија. И ме радува и мислам дека сите треба да го делиме тоа задоволство и признание што досегашната политика на нашата Влада преовладува со голема објективност, разум и мудрост изразени во официјалниот став на нашата Влада и изразени во заедничкиот консензус што сите ние овде, сите политички партии го донесовме на една од претходните седници. И, што е највона, што го застапуваат граѓаните на нашата земја. А тој став произлегува како најреално согледување и свест за она што сме. Зошто ако не бидеме објективни и реални ќе залетаме во многу лоши ситуации.

Тоа согледуваше дека станува збор дека сме мал народ, како резултат на минатото без воена, без економска моќ, во длабока економска и социјална криза, но народ кој го има најважното духот на мироољубивост, трпение и мудрост, пред се да го избереме вистинскиот пат. А тој пат е патот што го води нашата Влада. Секаков друг коментар и најразлични шпекулации, не само што се неконструктивни, нерационални и сеат забуна меѓу нашите граѓани, но се пакосни по нашата стабилност и плукаат во бунарот од кој треба да пиеме вода сите ние за да живееме.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:** (Продолжение)

Факт е дека целта и на претходната власт и на оваа Влада е влез во Европската Унија и НАТО, без кои неможеме да излеземе од длабоката економска и социјална криза. И личните интереси, или теснопартиски и страни интереси и нишки кои не врзуваат во минатото не смеат да го плеткаат интересот на нашата држава како интерес за сите нас.

Затоа, она што треба да го правиме сите ние како пратеници од сите партии е да ја потенцираме цената што ја плаќа нашата држава во овие моменти, преку економските загуби во стопанството и трговијата, стравот на граѓаните од кои половината и самите се на работ на сопственото одржување и имаат исто така потреба од хуманитарна помош. Да го потенцираме топлиот и дарежлив дух на нашиот народ, но народ кој што е задушен во неможноста да го прикаже од сопствената беда и сопственото небитие. Она што треба да го потенцираме е да ја потенцираме нашата земја во вистинското светло за да го пласираме нашето место во Европската Унија и Северноатланскиот пакт. Затоа што

цената што ја плаќа нашата земја е голема и за респект и затоа што и најорганизираните држави тешко ќе се снајдат пред неочекуваниот цунами бран на својата граница, да го организираат приемот и трансферот на бранот бегалци. А добро знаеме во изминатите години и ние самите кога одевме на одмор, по нашите граници сме шетале по 20 и 12 часа на високи температури со мали деца. А нема,ниту еден добронамерник кој прави добро да не згреши. И самокритичноста е корисна, но во оваа ситуација било какво пренаглување, влегуваме во ризично поле, зашто одиме по многу тесна патека, господа пратеници. А ние ниту ја почнавме ниту можеме да влијаеме на одредени политички и природни закономерности кои мора да се почитуваат и би ги почитувале сите оние кои се разумни и паметни.Затоа,уште еднаш апелирам значењето на нашата политика и да бидеме благодарни што нормално ги прославивме Велгиденските празници оваа година. И да ја јакнеме вербата и надежта на нашите граѓани дека и идните Велигденски празници и Бајрам господинот Бајрами минатата седница што му честитавме дека господ бог ќе не дарува со милоста зарди нашата истрајсност, трпеливост, верба во нашето лично добро.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Илија Прангоски. Не ја гледам тука госпоѓа Наталија Марковска.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Процедурална забелешка. Не само што не се тука министрите и премиерот, туку нема ни пратеници довллно.Ќе продолжиме ли?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине потпретседателе, господа министри од Владата, почитувани колеги пратеници, навистина долго време се двоумев дали да земам учество со своја дискусија по оваа точка на дневниот ред на Собранието на Република Македонија од две причини.

Првата причина според мене е дека сметам во оваа тешка ситуација во која се најде, буквално речено ни крива ни должна нашата држава, не е време за долги и тешки полемики и дискусии, туку за работа.

И втората причина што е поврзана со првата е ми се чини дека во овие моменти на една зголемена присутна тензија меѓу граѓаните на Република Македонија, поврзана со загриженост и немир, кои за среќа во изминатите неколку дена спласнуваат, секој изговорен збор од оваа говорница и од секој припадник на политичка партија било да е од позицијата или од опозицијата има многу поголема тежина, сега во овие моменти, ако сакате и обврска и одговорност.

Но, јас сепак се одлучив да дискутирам од една едноставна причина. Со мојата дискусија сакам да дадам придонес, конструктивен придонес кој што чинам дека сега на сите нас ни е повеќе од потребен. Дозволете ми уште на почетокот како човек од медицината да го изразам моето лично жалеше за сите и со сите досегашни жртви на оваа трагична војна, со трегедиите на бегалците и жртвите на Косово, со невините цивилни жртви во Сојузна Република Југославија.

Но ја користам оваа прилика да го изразам моето лично сочувство до фамилијата на професионалниот војник Благојче Крстановски од село Ливоишта Охридско, кој трагично загина бранејќиги границите на оваа наша држава. Било и да не се повтори.

На почетокот сакав да изразам едно сопствено мислење кое во еден дел се поклопува со мислењето на одредени дискутанти, а во еден дел е сосема спротивно, за тоа во каква состојба се наоѓа Република Македонија сега. Имено, не се согласувам со овие тврдења дека Република Макеоднија и порано се наоѓала во слични тешки ситуации, особено во нејзината понова историја. Навистина се наоѓала во тешки ситуации, но никогаш досега во нејзината историја не била во олку тешка состојба, односно никогаш досега нашата држава не била толку блиску до едно отворено разгорено воено жариште, кое во првите денови од војната во Сојузна Република Југославија е многу повеќе а сега последниве денови за среќа помалку, но сепак и сега постои одредена можност за прелевање на таа војна на нашата територија.Тоа е битната и суштествена разлика според мене, која споредена со досегашните тешки состојби кои се случувале на Република Македонија, со оваа сегашната во целина ја менува проценката за тежината на состојбата во која сега се наоѓаме. На овие простори мене ми се чини како да се репризираат трагичните и крвави настани од 1914, 1912, 1913 година, кога верувам сите добро знаете единстве вистински губитник на територии, на луѓе на ресурси беше токму Македонија. Но ако тогаш практично не постоело оформена Македонска држава и со

нејзините функции сега во овие трагични моменти за сите во регионот, за среќа ситуацијата е сосема поинаква, односно нашата држава сега е суверена, самостојна, со свој сопствен идентитен и со сите функции на системот и општеството што ја чинат една држава. Тоа е, господа пратеници, според мое длабоко уверување единствена но голема наша предност во овие тешки моменти во нашето соседство кај нас и пошироко на Балканот. Уште повеќе, ова историска прилика еднаш во историјата сите граѓани на Република Македонија да ги препознаат да ги идентифицираат сопствените интереси и еднаш засекогаш тие интереси да станат доминантни и приоритетни и да се преточат во заеднички интерес, а тој ми се чини би требало да биде дека е наш заеднички интерес стабилноста, безбедноста и доброто на граѓаните на Македонија и иднината на нашите деца. Навистина, повеќе не треба да бидеме жртви на сопствени заблуди, и на погрешни ставови кои се повторувале досега повеќепати на овие простори и во кои секогаш ние сме го извлекувале најдебелиот и подебелиот крај.

Од друга страна, факт е дека војната во Сојузна Република Југославија која е иницирана и предизвикана, таа е иницирана и предивикана од туѓи интереси и за туѓи интереси. И тоа не е војна која има нешто заеднички со интересите на Република Македонија. Тие интереси не се и во ниеден момент неможат да бидат и наши интереси. Меѓутоа, од друга страна ако можеме да извлечеме од оваа говорница и да пренесеме една поука дека со оваа војна и со агресијата на НАТО, со нападот на НАТО врз Сојузна Република Југославија, конечно паднаа и сите други заблуди и една друга идеа, односно падна заблудите и идеите за големи држави за таканаречена"Големи србии", исто така и за таканаречени "Големи Албании", кои сега повторно пред неколку дена се говорат од одредени средини. Ако нешто научивме од овие војни во изминатите девет години,кои се водеа на просторите на Поранешна Југославија, исто така е заблудата дека големи држави на овие простори не ќе можат да се остварат.

Но исто така е факт дека Република Македонија голем дел од пратениците досега го кажаа тоа, меѓутоа, ќе го повторам, факт е дека нашата држава во ништо не придонесе за овие настани што се случуваат на север од нас и не придонесе, уште помалку, да се одвиваат на ваков трагичен и крвав начин. Но исто така жалосен е фактот дека Република Македонија е таа што ќе ги трпи последиците од војната на север од нас, а ќе трпи сегашни, актуелни, моментални тешки последици, но ќе трпи и долготрајни, многу подолготрајни последици и посебно на економски план по смирувањето на војната. Пред се, проблемот со економијата што директно негативно ќе се одрази и врз нас, врз нашиот нормален економски развој и просперитет и врз стопанскиот развој, и ќе се одрази директно негативно врз стандардот на сите нас. Бројките и првичните проценки и анализи за штетите што ќе ги трпи нашата држава во овој домен се објавени од Владата и се поразителни и застрашувачки. Преструктуирањето на стопанството во овие тешки моменти не е ни најмалку едноставна, лесна и лесно изводлива работа, туку напротив ќе биде поврзана со големи напори, со големи ангажирања, потребна е голема економска помош во тој период и ќе биде поврзана и со факторот време, за да биде тоа реализирано. Што значи, наоѓањето на други алтернативни пазари, тоа ќе биде процес кој нема да се случи преку ноќ и не така лесно,а ние веќе, господа, директните штети од војната ги трпиме.

Второ, проблемот со бегалците во Република Македонија, навистина во изминатите три недели се случуваше своевиден егзодус на Албанците од Косово, кои беа принудувани, а подоцна и депортирани со организирани траспорти, кои наликуваа на страшните настани од Втората светска војна со Евреите. Илјадници жени, деца и старци беа протерани од своите домови и упатувани кон Република Македонија. Независно од емоциите и чуствата, се поставува прашањето зошто тоа им беше потребно на властите во сојузна Република Југославија.

Не треба да се биде многу паметен за да се заклучи дека настаните се одвиваа по едно одредено сценарио, по кое требаше со еден удар да се постигнат и добијат две цели, односно етнички да се исчисти, пречисти Косово од Албанците и тоа колку што е можно повеќе и второ, со огромниот прилив на бегалци кои се упатуваа и се упатуваат на границите на Република Македонија да се дестабилизира нашата држава. Но, после неколку први денови од тој огромен прилив, неочекуван,од таа огромна бројка, Владата на Република Македонија презеде сопствени енергични мерки кон разрешување на оваа состојба. Денес веќе Блаце е минато, за голема среќа.Бегалците се сите згрижени и според релевантните податоци што во кампови или

домови, во Република Македонија се згрижени 120.00 0 до 130.000 бегалци.

После интензивна дипломатска активност. Владата на Република Македонија успеа да го измени и ствот на Европската заедница и да се избори и тие да примат одреден број бегалци. Воспоставен е воздушниот мост, преку кого досега се евакуирани во Турција, Норвешка, Германија околу 8.000, односно 7.000 до 8.000 бегалци, а еден поголем дел во Република Албанија.

Денес ситуацијата на сите гранични премини и во сите кампови и прифатни центри во Република Македонија веќе постепено се нормализира и е веќе нормализирана. Но се поствува прашањето дали Владата на Република Македонија направи доволно и дали можеше да направи повеќе во овој дел. Јас сум сигурен дека можеше да направи и дека сакаше да направи и дека правеше, меѓутоа, еден дел од она што Владата требаше да го направи не зависеше само од неа и не зависеше од самата Република Македонија туку директно и конкретно зависеше од поддршката и помошта од одредени организации, хуманитарни и други држави кои се членки на НАТО, кои учествуваат во НАТО структурата. Тука мислам пред се на Црвениот крст, Светската организација на Црвениот крст на Високиот комесеријат за бегалци и од држави и други членки на Европската Унија. Но се поставува, господа пратеници едно друго прашаше кое лети во салата и е предизвикано од одредени говорници до сега, а тоа прашање е многу едноставно. Јас јавно ќе го поставам од оваа говорница и до граѓаните на Република Македонија и до претставниците на другите политички партии и до претставниците на хуманитарните организации на западните земји.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:** (продолжение)

Колку бегалци требаше Република. Македонија да прими покрај овие 120 илјади со сопствените економски тешкотии, со сопствените економски и социјални тензии, со сите штети што ги претрпе во изминатите девет години од војување и војувања околу Македонија, колку бегалци требаше РМ да прими за да ги задоволи хуманитарните стандарди на светските хуманитарни организации. Дали таа бројка требаше да биде 150 илјади 250 илјади, 500 илјади. Ако една држава со сопствена влада има проценки дека според нејзините економски состојби, социјални тензии и сеопшти ресурси има можност да прими 20 илјади бегалци, а во меѓувреме примила шест пати повеќе се поставува прашањето што значи одговорот на одредени претставници на влади од високоразвиените европски земји кои викаат дека тие неможат да примат ни еден бегалец. Тоа ќе го крста со една кованица наречена "патетично лицемерие" . Патетично е затоа што на големи ѕвона преку сите мас медиуми европски и светски се жали и се кука над навистина трагичната судбина на бегалците од Косово, но од друга страна се говори дека државите не се подготвени да примат одреден број бегалци и да го намалат тој , како што кажа претходната говорничка пратеничката Марија Јорданова тој бран кој навистина е огромен за Македонија, да ги намалат тензиите од причини што не сакаат да влегуваат во шемата на Милошевиќ за етничко чистење на албанците кога сите знаеме дека светот е денеска глобално село и дека сите врски и сите можни транспортни комуникации аеродромски и авионски превози можат да се остварат за два до три часа од било кое место од Европа.

Но, се поставува едно прашање дали има било кој во оваа сала кој ќе каже дека бројката од 130 илјади бегалци кои моментално се згрижуваат и згрижени во нашата држава не е доволна бројка и не е доказ за хуманоста на македонскиот граганин, не е доказ за сочувствувањето во оваа состојба и за пружањето на она што во оваа состојба може и треба да им се пружи на , за жал, повторно ќе кажам бегалците од Косово. Бројката значи 7-8% од вкупниот број на жители во Македонија,. Јас ова нема да го зборувам во смисла на поместување на етничката карта, туку во смисла на еден физички број што за Македонија значи 8% тоа за едни САД значи прилив од две недели на 10 милиони луѓе. Таа држава сигурно овој прилив не ќе може така беспрекорно да го обезбеди, да го реализира и да го спроведе и покрај тоа што е на такво највисоко економско ниво со својата логистика, со својата економија, со своите врски, со своите можности.

Ако е одговорот дека повеќе 50% од бегалците се во домовите на албанците во Македонија, јас овде ќе ве потсетам дека албанците во Македонија живеат во РМ , тие се граѓани на РМ и дека тешкотиите кои ги чуствуваат од економски аспект за многу брзо време ќе мора да помогне и оваа држава и тие хуманитарни организации и тие тешкотии да се надминат. Неможеме ние сега да кажаме имаме 50 илјади, но тие се кај албанците. Албанците се во Македонија. Едноставно, и економските можности и просторните

можности и финансиските можности на РМ со оваа бројка на згрижени бегалци веќе се надминати и тоа нашата држава не ќе може понатаму да го издржува за еден подолг период.

На крајот на мојата дискусија како заклучок што Владата на РМ можеше да направи, а не направи во овој период, една мала дигресија, мислам дека требаше да земе едни ножици и да ја пресече РМ по границите на картата и така целосно да ја дислоцира сосе луѓе, сосе нас во европските соседни земји во близина на Швајцарија, Холандија каде според степено на остварените демократски права не само на албанците, туку на сите граѓани на РМ, таку и припаѓа местото на оваа држава , но често пати во овие неколку недели во дискусии со нашите граѓани, јас се осврнувам на еден обичен пример со кој би сакал да завршам, а тоа е приказната за големото и малото дрво. Малото дрво е прикрепено до големото дрво по природен тек, тука израснало, дошол дрвосечачот да го сече големото дрво, или шумарот, додека удирал и додека успеал да го начне стеблото на големото дрво, не мавал по малото дрво, но од вибрациите што се пренесувале од ударите паднало, се прекршило помалото дрвце. Јас мислам дека ние треба да направиме се тоа да не и се случи на нашата држава, како што имаме индиции последните неколку дена дека ситуацијата навистина се смирува и треба навистина да направиме се да се осврнеме не само на оваа актуелна ситуација, туку и на оние последиците што понатаму ќе не очекуваат во врска со економските состојби во Македонија , тука треба да ги насочиме сите сопствени сили да ја пребродиме оваа ситуација и Македонија од оваа ситуација да излезе не како губитник, туку во една подобра состојба. Навистина ми треба единство за да не не снајде приказната со големото и малото дрвце, бидејќи тоа ќе биде за сите граѓани на РМ најжалосниот крај. Јас не сакам со такви песимистички тонови да завршам со мојата дискусија, сметам дека има доволно позитивна енергија, ресурси и памет во оваа држава да се сплотат силите, повторно да се обедини целата политичка структура и позицијата и опозицијата да успееме Македонија да ја извлечеме од оваа ситуација заедно со граѓаните на РМ.

Благодарам на вниманието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Азиз Положани, а потоа ќе дадеме пауза за ручек.

**АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:**

Г.потпретседателе, г.пратеници, членови на Владата,

Неможам а да не го покажам своето незадоволство и своето чувство на немоќ од почетокот на оваа криза. Тоа е чувство кое произлегува од фактот дека не само што неуспеавме да се докажеме на висина на својата задача за ублажување на трагедијата на тие несреќни луѓе за кои ние бевме единствена надеж во текот на тие денови, а од друга страна неможноста институционално и ние пратениците благовремено овде да се произнесеме евентуално да придонесеме барем другиот дел од нивните маки да бидат ублажени, адекватно згрижени и разни мали интерпретации, предрасуди и слично сведени на минимум.

Морам да признам дека многу јасна и видна е намерата за пролонгираше со цел релативизација на нештата на една страна за текот на настаните како што видовме на неколку пати и во текот на оваа расправа дека често се среќаваме и ние пратениците сме во некоја мера виновни за тоа, затоа што сме предолги некогаш неконцептуални за овие прилики непримерни дискусии придонесување за истата цел, па така некој си зема за право и во овие моменти да зборува по два часа без да има чувство за важноста на конкретните предлози, другите ја напуштаа седницата без да знаат зашто, веројатно мислејќи дека и така придонесуваат за нештата. Некои трети мислејќи дека оваа зграда е уште зграда ЦК предлага во таков стил "лов на вештерки" ни помалку ни повеќе, туку судски процеси на бомбаши, терористи и кој знае какви и кој знае што без разлика што тие ги нема, но главно е што таквите процеси им требаат на тие незнаејќи дека тоа и за Македонија веќе е минато и тоа горко минато.

Таквите размислувања не ретко следени со истоветни активности од одредени сегменти на власта не е ни чудо што ни се случува Блаце не е чудо што ни се случува американска амбасада, германска и тн. Блаце беше наша трагедија, Блаце беше срамна слика и морална беда на Балканот на крајот на овој век , на крајот на овој милемиум кога хуманоста, човечките права, солидарноста се пдигнаа на највискот степен кога тие постанаа абецеда на човечкото однесување и главен столб за новиот систем на вредности врз кои се гради новиот светски поредок нам ни се случи Блаце. Тоа ни се случи и кога се надевавме

дека по многу нешта крајот на овој век не ќе биде сличен на почетокот на истиот.

Слушаме секој ден аргументи и контраргументи , разни коментари без исклучок емотивни, но сликите остануваат и се надевам нашето колективно паметење, сигурен сум во ова , не ќе обвинува никого, најмалку македонскиот народ , освен вистинскиот произведувач на оваа голгота, на оваа трагетија т.е. Белградскиот режим. Дали беше така , колку беше така, дали така морало да биде мислам компетентните на разни интернационални специјализирани организации и нивните аргументи беа многу јасни консеквенците, за жал, и по тие несреќни луѓе видни, а поуките и обврските за нас , а поготово за Владата се повеќе од јасни. Политичките партии на албанците и албанците во целина покажаа со своето однесување дека се тие за стабилност на Македонија, тие не се и не смеат да бидат дел од нечии мрачни сценарија за дестабилизација на балканот, а од друга страна се дел од тој обесправен народ, дел од тој со години патен народ на кој во овие моменти му требаше подадена рака, една братска љубов.

Убеден сум дека поголемиот дел од македонскиот народ има разбирање кон овие напатени луѓе кои се пред се луѓе бегалци со сила истерани од своите огништа и кои како луге се пренасочија кон своите комшии за една привремена грижа, што не е туѓа во колективното паметење и на овој мал народ и не баш секогаш среќен во овој контекст.

Што се однесува до другиот помал дел по мене, мислам дека е крајно време да сватат дека не мораш да го мразиш другиот народ за да докажеш дека многу го сакаш својот , не мора да го посакуваш ропството на другиот народ за да докажеш дека многу ја цениш својата слобода. Дека слободата, среќата подобриот и подостоинствениот живот се униварзални и неделиви категории кои, ако не ги уживаме сите, во овие простори , тешко ќе може да се зборува за нив ексклузивно и се потешко ќе може двојниот аршин на овие категории да им ги објаснуваме на тие каде што сме се подготвиле за во Европа.

Мислам дека заслужува внимание искажувањето што г.Пајковски во однос на одредена група на граѓани на Македонија се повика затоа што има право слободно да си го искаже своето мислење за одредени активности, феномени како пратеник , се согласувале ние или не, тоа е друга работа, тоа право му припаѓа секому, а ако зборува како претставник на одредена национална група како што тој претендира на македонците муслимани, јас би укажал дека тоа не е реално, не е коректно и недопуштиво, бидејќи барем најголемиот дел од муслиманите кои јас ги претставувам како граѓани на Македонија на кои и тој се повика, тврдам дека по многу нешта тие не го делат неговото мислење , тоа тие секојдневно го докажуваат, а и во оваа прилика каде Лабуништа кое е населено и со муслимани е главно прифатилиште на своите браќа од Косово, а вчера ме обврзаа денеска да се произнесам овде дека можат да примат уште толку. Ако г. пратеник не верува во ова, јас го поканувам да дојде во Лабуништа да се запознае со нивниот став, немам ништо против кога веќе одлучил да зборува и во нивно име.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално за г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитувани потпретседателе, поштовани пратеници, (пратениците му забелешуваат за зборот "поштовани"),

Кој како сака може да изговара на оваа говорница, јас многу работи слушам овде некој апсолутно незнае да зборува македонски а јас можам да им држам настава на некои македонци. (аплауз). Можам настава по македонски јазик затоа што јас сум роден на ул."Христо Смирневски" бр,. 11 тоа е во центарот на град Скопје, живеам во Бутел I сите се доселеници за мене, јас сум прав скопјанец и прав граѓанин на Град Скопје. За македонскиот јазик ќе ви предавам настава, ако треба. Толку да ви биде јасно. Благодрам што ми давате можност повеќе да зборувам.

Видете, сите ние овде се правиме добри говоранти и добри дискутанти. Треба да ни биде јасно, зедов збор затоа што седницата треба да се прекине , потпретседателот сака да ја прекине, има потполно право да ја прекине , дали сме пратеници на РМ, дали сите примате дневници што доаѓате во Собранието, дали точката што се расправа денеска како и на минатата седница за настаните во РМ , се работи за РМ , за иднината на РМ , а без разлика која партија е , што е како е. Јас овде гледам само 40 присутни пратеници ништо повеќе. Тоа не е добро. Значи , незаинтересирани. Ги обвинувам сите политички партии не знае македонската јавност и медиумите кога ќе станам на говорница да говорам нека следат

и нека го дадат на Дневникот  кога што зборува Амди Бајрам затоа што јас зборувам за Македонија, а не против. Реков имаме 40 присутни, дали имаме кворум  за работа, дали има по бифињата, колку души денеска земале дневница. Имаме две политички партии на албанците, една од ромската, имаме од други политички партии, позиција опозиција, да бидиме што се работи дали сме за Македонија или не сме, дајте да се собереме сите пратеници да видиме кои се отсутни да се прочита овде кои се отсутни од Македонија, кои се пријавени за отсутност, кои ги земале дневниците и си отишле. Зошто? Точката е многу сериозна, се работи за Македонија, ние се шегуваме, но ние сме тие што не бирале граѓаните, да знаете. До колку мислите вака, ако мислите да не доаѓате во овој законодавен дом по оваа точка од оваа точка поглавна точка мислам дека не постои. Благодарам што ме сослушавте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Уште г. Љатиф Пајкоски, па ќе прекинеме, а ќе продолжиме во 16,00 часот, но ако мислите дека е многу доцна тогаш ќе продолжиме во 15,30 часот.

(седницата прекина со работа во 14,10 часот)

**ЉАТИВ ПАЈКОСКИ:**

Очигледно, некој многу бргу контактирал со своите бирачи и констатирал дека не се согласуваат со моите ставови. Исто така, очигледно е дека некој тука сака да слуша, како што сака да слуша, затоа што јас не кажав дека македонците со исламска религија се против бегалците. Еве, баш ме радува што дел од бегалците се сместени баш кај ова македонско население, а со ова, практично, се негираат одредени тези дека ни еден македонец не се нашол да згрижи дел од бегалците. Ова е, очгледно, еден добар потег на ова наше население.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, да направиме пауза за ручек, ќе продолжиме во 15,30 часот и да бидеме барем тогаш редовни.

(Паузата траеше од 14,10 до 16,10 часот)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Во овој момент во салата има само 52 пратеници. Статутарно ние не можеме да работиме без 61 пратеник. Мене ми е навистина жал што по оваа мошне значајна тема попладнево не се собра доволен број на пратеници. Ние веќе скоро еден час чекаме од 15,15 часот, еве сега е скоро 16,15 часот е. Меѓувреме доаѓаат уште неколку пратеници, па прашувам дали ќе имаме 61 пратеник. Без 61 пратеник не ќе можеме да ја почнеме седницата. Ако сте спремни да причекаме уште неколку минути, затоа што навистина јас сум за тоа денеска да завршиме со дискусијата барем по оваа точка, бидејќи сметам дека е многу значајна и мораме да ја апсолвираме веќе еднаш, бидејќи и Претседателот на државата ќе сака да се обрати после тоа. Затоа, велам мораме денеска барем да ја привршиме точката, која што веќе втор ден ја водиме. До сега веќе имаме 57 пратеници. Меѓувреме стигнаа доволен број на пратеници и кворумот е постигнат.

Продолжуваме со расправата.

Ќе ве молам Миланчо Черкезов дали сака да зборува?

(Не сака да зборува)

Господинот Љубисав Иванов, дали сака да зборува? (Отсутен е)

Значи и тој се откажува конечно.  Одиме по ред.

Збор има господинот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Во ситуација сме кога НАТО ја бомбардира територијата на Сојузна Република Југославија во еден конфликт и војна, кои не беа посакувани од сите нас во Република Македонија и за чие почнување немаме никаков придонес. Напротив, за цело време бевме консенсуално за мирна разврска на косовската криза.

Јас би почнал со тоа дека непобитен факт е дека во Република Македонија сите политички опции и сили кои нешто значат во политичкио живот на државата, како и претходната, така и оваа Влада имаа недвојбен политички консенсуз околу интегративниот процес во структурите на НАТО. Но и за присуствување и распоредување на тогаш силите за извлекување распоредени на нашата територија непосредно пред војната во СРЈ.

За цело време во изминатиот период сите сакавме да покажеме колку сме европски и натовски ориентирани, колку многу правиме за интеграција во тие процеси и колку сме во корелација со принципите на Европската заедница и НАТО структурите. Меѓутоа, почна кризата со сите настани околу неа кои Ви се добро познати. Се случија во Република Македонија анти натовските протести, за кои се чини дека

направија извесен удар на угледот на нашата држава во очите на Евроатлантските структури, особено за политичкиот консензус, кон натовските структури кои толку го кажувавме во предизборието, пред и во време на доаѓањето на НАТО силите. Во исто време внесовме и збунетост и страв кај нашите граѓани. Стравот е нормална појава во вакви ситуации на војна на границата, покрај другото, збунетоста беше и со присуството и поддршката на овие организирани антинатовски собири на поедини членови и симпатизери на СДС на Македонија. Пример, организираниот неуспешен собир во Штип, кој беше објавен и на медиумите на Радиотелевизија Србија и беше искористен пропагандно, невистинито прикажан, сензационалистички, беше објавено во некоја универзална сала која не постои во град Штип, не постои и спортска сала воопшто. Така што, од тој собир поентира само пропагандата од северниот сосед.

Јас таквите активности ги толкувам како безначајни, помали групи, југоносталгични или инцидентни, само иницијативни инциденти на членови на СДС на Македонија. Меѓутоа, после настапот на еден од нивните пратеници, ми се чини беше од Куманово, а особено после настапот на лидерот нивни г-динот Бранко Црвенковски пред Парламентот веќе не сум сигурен дека не се работи за политика на двојни аршини, а можеби и на неискрена политика кон генералните принципи, за кој тврдевме дека имаме концензус. Конкретно, пратеникот г-дин Бранко Црвенковски ги оправда протестите како страв од војна, за што можеби има некои елементи, но генерално јас воопшто не би се сложил. Зошто, инаку на тие собири сите знаеме дефилираа само луѓе од одредена политичка опција. Повторувам, меѓу нив имаше доста членови на СДСМ, онаму каде што бев сведок. Зар стравот од војната го немаат и сите граѓани и сите политички варијанти и структури во Република Македонија кои очигледно масовно не беа и не ги поддржаа тие собири. Сигурно е дека и кај нив имаше и има страв од војна.

Исто така, г-динот Бранко Црвенковски, кој беше, ако добро се сеќавате, и пратеник во првиот плурален парламент, не ги толкуваше како анти воено расположение протестите и реакциите кога си одеше бившата Југословенска ЈНА, која знаеме однесе и големи делови од опремата која и припаѓаше на Македонија и ми се чини тогаш не ги поддржуваше тие собири.

Исто така, сакам да кажам тука нешто за тие подотворени врати. Дали со изјавата дека со таква и таква политика отишол УНПРЕДЕП за да дојдат некои други структури, се мисли на НАТО структурите. Со тоа, дали не се остава подотворена врата за недоверба кон НАТО структурите и дали значи промена на натовската определба на опозиционата партија.

Би заклучил дека искреноста, принципиелноста и одговорноста кон националните интереси, за кои е постигнат претходен консензус кај политичките фактори, треба да се недвојбени тие определби и бараат сериозен константен пристап.

Што се однесува до делувањето на Владата во периодот на кризата со бегалците, морам да кажам, дека тоа беше период на тешки моменти за сите нас, моменти кога брзо се случуваа настаните со многу изјави, со многу нервоза и акции. Но, генерално ситуацијата не излезе од контрола на Владата. Меѓутоа, јас ја разбирам збунетоста на некои луѓе за новиот начин на водење на надворешната политика на оваа Влада со стил на активна одбрана на нашите позиции активно реагирање на моменталните недоразбирања, а кога е во интерес на Македонија, кога тој интерес е јасен, силно и активно бранење на сопствените ставови. Начин, невиден до сега во нашата надворешна политика, а кој навистина е пријатно изненадување на сите нас, а кај странските дипломатски фактори со опозитивни ефекти.

Што се однесува за спремноста и затеченоста на Владата морам да кажам дека спремањето и организирањето и планирањето на вакви големи акции е студиозен, долгорочен, темелит процес и ако некој зборува за затеченост, а во исто време зборува за иницијативата коридор, која ни е добро позната, од пред две години, се прашувам каде е неговата одговорност за спремањето и организирањето ако во тие две години петнаесет до шеснаесет месеци бил на власт.

Исто така, не можам, а да не се осврнам на евтиниот маркетиншки настап на некои албански пратеници од ПДП посебно со синтагмите кои ги изнесоа од оваа говорница и кои не кореспондираат со реалноста од типот концентрациони логори, терор во Македонија. Не правејќи голема разлика меѓу една политика која врши етничко чистење и друга која, иако е најмалку виновна за ситуацијата активно ги прифаќа избеганите граѓани.

Македонија и Владата се трудеа таа ситуација со бегалците да ја решат што покоректно во рамките на своите можности и не е коректно во оваа ситуација да се спомнува тепање или уште повеќе мачење. Зашто, мислам дека многу повеќе тепање и физичко насилство имаше во ситуации кога самата ПДП беше во власт во коалицијата, во Гостивар, Бит Пазар, и сл. Етички е во ваква ситуација да не се распламтуваат страстите и да се разберат тежината и сложеноста на состојбата. Кога има маса луѓе исплашени најчесто во афект.

На крај, повикувајќи се на состојбите во аферата ТАТ кога во најжешките први моменти денешната позиција, која тогаш беше опозиција покажа политичка етика и култура, се воздржа од маркетиншките изјави и даде целосна поддршка на тогашната Влада за расчистување со таа афера. Мислам дека паралелно на тоа, во оваа многу, многу посложена ситуација со многу понеизвесна иднина, сметам дека сите политички сили, сите сегменти на власта, сите граѓани треба да покажат многу такт, зрелост, разбирање, како и да застанат зад сите акции и потези на Владата, на претседателот на Парламентот и другите институции на државата. Со тоа ќе дадат сите заеднички придонес на пат кон мирната и стабилна состојба.

Пред да завршам морам да кажам дека не се сложувам и со тоа воопшто со размислувањето дека сега не е моментот за акции во Силекс. Мислам дека Владата секој момент, па и во ваков, потребно е да се бори за расчистување, да се бори и да расчистува онаму каде што има сомнеж за незаконски дејанија. Значи ли ова дека во ваков момент институциите на државата ако се посоменваат во против законски дејанија, треба да ги селектираат и да ги превидуваат "помалите прекршоци", заради ситуацијата. Секако, не. И ова е момент кога треба односно сметам дека и ова е момент, бидејќи е посомневано или да се докаже дека постои прекршување на законот, или ако е спротивно на тоа да се симне сомнежот од таа фирма и да се покаже дека работеле според законот и нормите, а правната држава да е на дело.

Морам уште да забележам ми се чини дека во неволјата на многу, многу луѓе во нивната несреќа, сепак се случи една пријатност која еве не ја истакнуваме, заради тешките моменти во кои се наоѓаме, а јас сепак ќе ја спомнам на крај и се случува таа придобивка секојдневно пред нашите очи. За одбележување е дека во оваа ситуација сите странски информативни средства и политичари неословуваат со Република Македонија или Македонија, а никој со Бивша Југословенска Република Македонија, што е можеби и конечна добивка, придобивка за нас во борбата со нашето условно име. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Златко Стојменов.

Збор има господинот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, почитувани колеги, Сакам само да ве потсетам колку бев во право кога реков на претходниот ден кога расправавме на оваа иста тема, дека, практично, ја дисквалификувавме расправата по безбедносната состојба во Република Македонија со самиот факт што неодговорно како Парламент пријдов на третманот на оваа точка. Иако, таа беше скоро пред месец дена поставена на дневен ред, после 15 дена расправата ја продолживме и како што гледате сега нема ниту еден министер, ниту еден заменик.

Јас сакам да предложам, едноставно не чувствувам потреба да расправам во отсуство за безбедносната состојба во Република Македонија, на министерот за внатрешни работи и на министерот за одбрана. Според тоа, ќе го задржам своето право да говорам кога ќе бидат тие тука во салата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Од внимателното следење на досегашните дискутанти се доби впечаток дека постои голема загриженост, поради моменталната состојба што владее во Македонија, поточно поради огромниот број бегалци кои се дојдени во Македонија и поради војната на самата граница. Меѓутоа, од дискутантите на опозицијата, исто така, може да се забележи загриженост, но за Југославија и за Косово, отколку за моменталната ситуација во нашата држава. Па, затоа, се надевам барем еден од пратениците на пратеничката група ПДП ќе најде храброст да му се заблагодари на оваа Влада воопшто на Македонската држава.

Господа пратеници, со доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата Македонија за прв пат

Самоиловата држава води самостојна, независна политика и донесува одлуки витални за интересите на оваа држава. Не случајно премиерот е наречен државник со визија, кој за многу кратко време ги отвори вратите за влегување во НАТО и придружно членство во Европската унија. И покрај тоа што бев убеден дека оваа состојба што ни е наметната, ќе влијае на зближување на позицијата и опозицијата да заземат заеднички ставови и заклучоци, се со цел да ги штитиме државните интереси.

Господата од опозицијата како да сакаат да ја искористат ваквата состојба, па дури и од витален интерес за државата, да ја нападнат партијата на власт.

Крајно е време да сватиме сите присутни во оваа парламентарна седница дека не е време за политички игри и ловење во матно, а ова посебно се однесува за претседателот на пратеничката група на СДСМ г-динот Бранко Црвенковски, бидејќи од оваа говорница беа искажани многу невистини и паушално извлечени тези, кои му се јасни само нему и на неговата партија, исфрлајќи многу отровни стрели кон Владата и коалицијата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ :**

Тој посебно нагласи голема загриженост за опстанокот на Македонија, набројувајќи три приоритети, но не го кажа четвртиот, кој е многу битен, но затоа си зедов за право јас да го објаснам.

На господинот Црвнековкси ќе му верував доколку под а) ако не го уништеше, или не дозволеше да се уништи Македонското стопанство. Под б) ако не ги избркаше, или не дозволеше да ги избркаат на улица вработените. Под в) доколку не го испокрадеше и не дозволеше да се испокраде Македонскиот народ предку пирамидалните штедилници. И покрај наведеното, ќе му верував на г-динот Црвенковски во неговото излагање ако Октоподот го откриеше целосно или делумнио. Можеби ќе го отриеше, ако не беше главата на Октоподот, тој или некој негов близок. Со право господата од моја лева страна можат да кажуваат невистини и да негираат се што ќе им се каже и докаже, па дури и да се чувствувате моќници, бидејќи вашите нечесни дејности, сеуште мируваат во нечии фиоки, но не значи дека нема еден ден да бидат отворени. Република Македонија треба и мора да издржи морално чиста од целокупната ситуација и да не дозволи нејзината територија да се користи за воени дејствија, против било кој сосед. Ние како држава со ништо не придонесовме за создавањето на хуманитарната катастрофа и недогледните колони бегалци. За жал, таа состојба не затекна во услови кои не овозможуваат да реагираме според желбите, туку според можностите.

Во натамошното излагање, ќе стане збор за бегалците од Косово и економската катастрофа што и се заканува на РМ.

Господа пратеници, Блаце не е срам за Македонија, ниту за актуелната власт, туку е голем срам за Меѓународната зедница. Македонската Влада од самиот почеток на војната и пред тоа, постојано нагласуваше дека ќе бидеме солидарни и дека објективно можеме да згрижиме само околу 20.000 бегалци. Поради непредвидливиот развој на воените дејствија никој не можеше да предвиди дека за толку кратко време бројот на бегалците ќе се зголеми од 120 до 150 илјади бегалци Македонија покажа невидена хуманост према бегалците и за многу кратко време прифати огромен број на бегалци, се со цел да ги спаси нивните животи. За жал, сведоци сме на необјективни критики. Како пример г-динот Харуни, прифаќањето на бегалците го нарече невиден терор. Јас би додал, нека му служи на чест. Со уште поголемо жалење можеме да констатираме дека се огласи и Албанија, но со закани. И нејзе ќе и простиме, не и е прв пат. Треба на сите да им е јасно дека една мала земја и релативно сиромашно, како Македонија за толку кратко време не е во можност ефикасно да прими и смести толку голем број на бегалци. Под ефикасно згрижување се смисли сместување, исхрана, овозможување на основни хигиенски и здравствени услови. Дали сме хумани и дали не грешиме, ако прифатиме поголем број бегалци од објективните можности што ги имаме, без разлика дали се работи за Македонија како држава, или индивидуално како граѓани. Зависно ова како ќе го толкуваме, но во секој случај бегалците се присутни. Кај нас една од формите е и семејниот модел на сместување. Нешто за него да кажам. Семеен модел да, семејството кое примило повеќе бегалци од можностите што ги има, најголемиот товар припаѓа на него, а еден дел сигурно дека ќе припадне и на државата, вклучувајќи го овде здравството и образованието. Исто така, треба да бидеме свесни за најразличните последици од неадекватите услови кои ги имаат во тие семејства. Сигурно дека ова е претежно практика за Балканот. Во Европа јас верувам, и во земјите каде што има повисок стандард никој не прима граѓани бегалци во

своите домови, туку во логори, поради причини. Исто така, знаеме дека кога ќе примиме гости, можат само неколку дена да ни останат. Повеќе денови не сме во можност од многу други причини, а исто така и од самиот мир во своите домови што го имаме. Има и такви држави кои во ништо не партиципираат во совладувањето на хуманиарната катастрофа, а си земаат за право да не критикуваат и да не советуваат како и колку треба да се грижиме за бегалците. Таквите земји ги молиме со конкретен придонес да покажат разбирање за бегалците но и за социјалните случаи во нашата држава.

Поради наведеното, Македонската Влада презеде брзи и адекватни решенија за вистинско згрижување и овозможување на соодветна помош за бегалците. Со големи напори од страна на Владата воспоставена е соработка со повеќе земји во Светот. При што, воспоставени се неколку воздушни мостови, кои овозможуваат организирано прифакање и евакуирање на бегалците, во Турција, Германија, Норвешка и други земји. Најголемиот товар со бегалците го понесе Македонија, ни крива, ни должна. Покажа најголема хуманост. Само како пример ќе наведам. Македонија со 120 или со 160 илјади бегалци, поцентуално некаде би било еднакво ако Франција или Англија би примила 6 до 7 милиони бегалци. Јас се извинувам што ја спомнувам Англија или Франција може да биде и друга земја. Потоа би ги прашал англичаните или французите дали брзо ќе успеат да ги сместат толку големиот број бегалци. Во прилог на наведеното ќе го цитирам г-динот Волебег кој вели дека земјите од Европа уште ги чувствуват последиците од босанските бегалци.

Поради состојбата во која се најде Македонија, не треба да се биде голем економист, да се сфатат последиците кои произлегуват на економски план на штета на Македонија. Мораме да укажеме на економската соработка помеѓу РМ и Република Југославија. Поради тоа сме загрижени колку време ќе трае оваа војна. Југославија е втор или трет партнер на Македонија, со која сме во суфицит. Македонија од Југославија увезува суровини, а извезува готови производи. Тука е Тетекст, ЕМО, ОХИС и разни градинарски култури. Уште кога би додале најблискиот сувоземен пат кон Европа со кој најмногу соработува е Автопатот Север-Југ, јасно колку губиме. Поради војната, принудени сме да бараме алтернативни решенија, односно патишта, кои се многу подалечни и полоши и во голема мера придонесуваат цената на производите да чини многу повеќе.

Поради наведеното не треба да седиме со скрстени раце или да плачеме, туку треба да се бараат други решенија, адекватни, а верувам дека и такви ќе се изнајдат. Многу договорени зделки со странски партнери се откажани, бидејќи Македонија се прикажува како ризично подрачје. Исто така, многу инвестиции требаше да се вложат во Македонското стопанство, но поради војната тие треба да причекаат подобри денови. Сето тоа што е наведено досега зборува дека Македониа е соочена со голема хуманитарна катастрофа. Поради целокупната состојба во државата потребно е сите партии да покажат цврсто единство и да дадат придонес и поддршка на целокупната политика што ја води оваа Влада за доброто на сите граѓани, кои живеат во Македонија.

На крајот, би ја потсетил парламентарната опозиција своето работење во Парламентот и надвор од него да го остваруват врз основа на конструктивен придонес за доброто на Македонија, а не на декларативна ориентација, или на чесен комунистички збор.

**НИКОЛА ПОПВОСКИ:**

Последниот пратеник од колаицијата претпоставувам од ВМРО ДПМНЕ, ја обвини пратеничката група од опозицијата, се мисли на СДСМ, дека не работи за доброто на Македонија. Се разбира, дека сакам тоа категорично да го отфрлам и го отповикувам да не си дава такви излети.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почтиувани пратеници,

Ние денеска расправаме за една многу чувствителна тема и многу сериозна и многу одговорна работа, но за жал, Владата не најде за сходно вака и да ја оквалификува оваа седница и да биде присутна да ги сослуша видувањата на пратениците за тоа и околу кризата, односно безбедноснта ситуација во РМ. Сигурно дека една ваква ситуација не може да не стави во позицја да плачеме и кудеме.

Вакви ситуации се честопати многу пати да докажуваме колку ние сме определени и одлучни да создаваме држава, како што ние барем декларативно кажуваме.

Од порано, сосема беше јасно дека РМ по својата геостратешка положба има две реални можности. Едната е таа да

биде столб и носечка сила на развојот на таканаречената Југоисточна Европа, а втората алтернатива таа да биде црна дупка во Европа, или понор од кој секој ќе сака да избега подалеку. За жал, од осамостојувањето на РМ целата политика се повеќе и повеќе дава аргументи да се дојде до оваа спора констатација. Секому му беше јасно дека РМ може да биде столб за развојот на Југоисточна Европа, а само добро и квалификативно се однесува по две клучни прашања. И тоа е надворешната политика и внатрешната политика. Иако декларативно од осамостојуваето на РМ на прв поглед изгледаше дека РМ е добро позиционирана во Северноатланскиот сојут и ЕУ, но за жал, ако подлабоко се анализира се она што се правеше, се добива јасен впечаток дека таа беше и работеше на два колосека. Декларативно за Европа, декларативно за НАТО, но сите процеси укажуваат на тоа дека таа ниту има цел, ниту има намера таму да стигне. Ке ве потсетам. Подолго време веќе РМ, или во РМ лансираат тези како генијални дека при дестабилизација, односно радикализација на работите во Косово ќе дојде до огромен прилив на бегалци и тоа од 300 до 400 илјади. Не знам дали е таа генеијална идеја, или пак беше сосем договорено, или пак во најлош случај и видување за начинот на решавање на Албанското прашање на Балканот. За жал ова и се оствари. Се прашвуам колку РМ со нејзината политика придонесе ова да се случува. Дали навистина нашите видувања, кога се бараше од нас размислување и видување како треба да се решат овие проблеми, ни требаше цело време да прокламираме дека сме за Европски принципи, а всушност секогаш одевме еден чекор или два чекори позади тие принципи. Така, на овој или на оној начин се добиваше впечаток дека РМ просто мамеше една ваква политика. Таа цело време укажуваше дека приливот на бегалците во РМ неминовно ќе придонесе за дестабилизација, пренос на конфликтот и целосна дестабилизација на Балканот. Но денеска ние сите можеме да констатираме, дека сепак тоа не се случи, иако за жал многу некои фактори придонесоа тоа да се случи. Не се случи само заради тоа што албанскиот фактор, политичките партии на албанците јасно останаа до нивнот принципиелен став дека ќе бидат за зачвувување на РМ и за стабилизација на регионот. Тоа го покажаа и на дело.

И на крајот, кога дојде до промена на власта, додека првата власт овие прва принципа ги лансираше преку тезата за еквидистанца во надворешната политика, додека за внатрешната политика беше оазата на мирот, новата власт дојде со новата идеја, позитивна енергија на надворешната политика и релаксирање на меѓнационални односи. Но всушност, што направи Новата Влада. Неговата позитивна енергија која здрачеше и стигна дури од Тајван, се одговори на сосема поинаков начин. Се одговори со тоа што во РМ почнаа да се откриваат гробови со бугарски натписи. Се одговараше за тоа што во РМ дојдоа од јужниот сосед и открија зоолошка градина. Се одговори на тоа што барање на границата со северниот сосед се одговараше со енбарго. Тоа беше резултатот на позитивната енергија. Додека на внатрешната политика релаксацијата на мегународните односи даде за резултат само една работа.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:** (Продолжение)

Се донесе еден фамозен закон за амнестија, додека сите други позитивни чекори направени во поглед на кодификација, доенсување на закони што ќе значат вистинска релаксија на меѓунационалните односи, како што беше Законот за знамињата, како што беше Законот за употреба на јазикот во судството, тие беа укинати. И ништо од тоа. Иронијата да биде уште поголема во моментот, воглавно во такви моменти се создаваат големи сојузи, се полагаат големи испити , се направи токму спротивното. беше голем момент навистина меѓуанционалните односи да релаксираат и ојакнат. Тоа беше случајот со протераните од Косово. Нажалост Владата на Република Македонија неспремно дочека или попрецизно кажано несакајки навистина да придонесе во стабилизацијата на внатрешните проблеми се одлучи за најлошите потези. Се одлучи да направи концентрационен логор на границата со република Косово. Тој концентрационен логор беше пренесен на сите радио и ТВ станици во светот. За тоа дозна целиот свет, за тоа добивме препораки, укори од релевантните меѓународни фактори. Ние можеме да се согласиме со тоа или не. Но вистината е таа. Во таква ситуација нашиот премиер кој после 8 години од улица се нафати да води држава и се најде во паника и отвори војна со целиот свет. Никому не му падна на ум да го посоветува, да каже дека најмалку што може, со кого може да се идентификува и изгледа може да биде со Санчо Панса, затоа што денеска некој да отвори војна против НАТО-ПАКТОТ да отвори војна против Европската Унија, СИ

ЕН ЕН ЕНБИСИ јас незнам како би го протолкувал поинаку. Тоа е за жал што ни се случува на нас. Тоа е она што секој може да го види. Ние никогаш не очеквуате такви авантури да поддржуваме. не можеме никогаш да поддржиме затоа што имаме горко искуство од тоа. Не дека сакаме и сме против некој народ, макар тоа да биде и српскиот народ, напротив ние секогаш принципиелно сме биле против тоталитарнтие системи. Ние против таквите системи сме биле и ќе бидеме затоа што повеќе отколку било кој друг народ тоа го почувствувавме на наша кожа- 50 години еден тоталитарен систем во Република Албанија ја натера државата Албанија таму каде што е , затоа што кој ги тераше да му пеат песни и да му дигаат споменици како жив цело време ги тераше истовремено да копаат бункери изолирајќи ги од целиот свет, отворајќи војна против империјализмот. Тоа нажалост денеска се случува во Србија, а некој на индиректен или индиректен начин тоа го подржува. Земете ги само весниците, макар тоа да бидат и неделните весници ќе видите дека 90% од нив, било да се спори позицијата или опозијата, нажалост ја имаат отворено антинато кампањата.

(Реакција на пратениииите од позицијата само за туѓи држави зборуваш).

Токму тоа кажувам , за Македонија , Вие потајно сакате да го лажете паметниот свет дека наводно се залагате за европска ориентација и НАТО, но по што правите рпавите токму да ги подржите таквите системи. Затоа и Ви се овие укори. затоа и ние ќе ја платиме цената сите заедно. Нажалост, на време Ви укажував дека оваа Влада има четири правци едниот кон Исток, ВТОРИОТ кон Север. четвртиот кон Југ, а самомалку навистина мислеја кон Запад.. И тогаш реков дека оваа Влада е брод со четири кормилари кои секој гледа кон својата страна и е убеден дека иднината на Македонија е во таа страна која што тој ја гледа. А иднината на РМ, ако навистина цврсто стоиме за она што формално се декларираме - Европска унија и НАТО, но не само декларативно, со сите постапки ние треба да работиме и да бидеме во тој правец. Тоа е иднината на Република Македонија.

Тоа што денеска го направија албанците во РМ треба сите да ги пофалиме. Имавме и ние повеќе , посебно како опозиција да идеме да правиме протести, како што некој организираше и правеше, имавме и ние повици , или бараа од нас некои да идат и со сила тие кордони да ги отворат но ние многу јасно и гласно им кажавме дека тоа не може и не треба да го правиме. Не сакавме да злоупотребиме и од чисто маркетиншки потез да правиме такви потези. Тоа можевме да го направиме како што го направија другите, а ако денес , или цели 10 - 15 дена ги отворите весниците се до ден денес нема јасна дистанца што стана со анти натовските демонстрации. Кој стоеше зад тоа и што беше целта. Ги квалификувавте како анти војни. Анти војните не биваа со војна. беше атактирана Амбасадата на Америка и до ден денес не направивте јасна дистанца, а тоа ќе морате порано или покасно да го направите ако сакате навистина да ја гледате во европа и во НАТО.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Ризван Сулејмани.

Збор има г-динот пратеник Михајло Георгиевски.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници,

Многу зборови се кажаа, многу мастило и хартија се потроши укажувајќи на положбата што деновиве ја снајде РМ со енорно големиот број бегалци од покраината Косово, поточно од соседна Југославија. И покрај сите искажувања има се уште за што да се зборува, па ете и јас се осмелив дами и господа да си го искажам моето видување за ова несакана и трагична положба од Бога не дадена на нашата татковина, која што со ништо не придонрсеода се најде во таква тешка економска социјална политичка и психолошка ситуација. Бев на 2 април , петок посветен на христијансктие маченици Свети Јован, Свети Сергеј, вечерта околу 19,00 часот на Стенковец надвор подврнуваше ситен и студен дожд, а таму невидена глетка од околу 70 илјади несреќни маченици, жени, деца, старци, младинци, сите човечки суштества, како да се помогне на оваа огромна маса на нсреќни луѓе се прашував и никако не можев да си одговорам. Знам дека нашата држава е сиромашна, на работ на економска пропаст што ја доведе осумгодишното недомаќинско владеење. Не дека не ми е жал, туку од каде да се најдат толку многу ќе бања, шатори и згрижувања кога самите знаеме дека ни за себе немаме. Таква бројка да влезе и во најбогатата земја на светот, Америка, бегалци - мексиканци, кубанци, порториканци или било какви , ни самата Америка не можеше веднаш да ги згрижи. На крајот, мораме да бидеме реални. Оваа

земја во тие тешки моменти и го даде тоа што го имаше, сигурно небо над глава и тврда земја под низе. И само тоа да беше требаше да и бидат благодарни. Тоа треба убаво да го разбереме, да го разберат и некои меѓународни средства за јавно информирање кои што се нафрлија како оси на Македонската држава прикажувајки ја како нехумана и спора, а некои фактори се залагаа за отворање на границите.

Замислете господа државата македонска да ги отвореше границите и во неа да влезат 200 до 300 иљјади бегалци неконтролирани и тие денес да шетаат по нашите градови исела каков мир ќе имавме денес. Благодарение на пожртвованоста на Владата на РМ го поминавме најтешкото и денес треба интензивно да работиме и размислуваме за утрешнината на државата и својот народ што живее во неја. Според тоа го предлагам следното.

Прво, да и помогнеме сите здружено на Владата на РМ непречено да сија врши својата работа. Таа пред сите нас докажа дека е патриотска и дека знае што прави, кога и какви мерки да преземе од државен и национален интерес.

Второ да се вршат силни напори за побрзо испраќање и згрижување на бегалците во побогатите европски и вон европски земји.

Трето да се регистрираат сите бегалци што се наоѓаат во семејствата независно дали се албанци, срби , турци, роми и слично. Истите да се приберат во бегалските кампови каде што организирано ќе го чекаат денот на нивното враќање во својата земја, кога ќе се создадат услови за тоа или пак во трета земја. Предлагам покрај другото и од чисто практични цели за да не си омрзнат едни на други, народната поговорка вели "Секој госта за три дена му е доста", а токму тие луѓе еден ден кога ќе се вратат во својата татковина ќе бидат главните мсотови за згрижуваше, затоа што со себе ќе го понесат споменот за прет стојат во нашата земја и гостопримството на граѓантие во Македонија.

Четврто со цел да се зачува етничката структура во РМ новороденчињата во бегалсктие кампови и сместените во домовите да се водат како државјани на СР Југославија, а браковите склучени меѓу бегалец и бегалка, граѓанин и граѓанка од РМ да се сметаат како со странец или странкиња и да подлежат под тој режим.

Пето да се купуваат прехрамбени и други производи од производителите во Македонија за потребите на бегалците како би се помогнала економската економија која е во тотален застој поради војната кон северниот сосед.

Сигурен сум дека Владата на РМ го има тоа во план, а можеби веќе и го спроведува, но мое е да си го кажам своето мислење.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според овој редослед има збор пратеникот Лазар Китановски.

(Не е тука)

Збор има г-динот пратеник Мирко Тилевски.

(Не е тука)

Има збор пратеникот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ние и денес расправаме за информацијата за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија. Од нас како пратеници и избрани од граѓаните се очекува да покажеме во овие моменти единство, цврстина и решителност по однос на зацврстувањето на безбедносната состојба на Републиката во овие моменти. Но и во овие моменти кога некој од опозицијата без аргументи ја обвинува Владата за некомпетентност, лоша процека и доцнење во инсталирањата на камповите за бегалци, во овие моменти кога РМ со ништо не придонесе за состојбата во која што се наоѓа некој од опозицијата искористува и сака да се претстави како голем аналитичар и стратег и дава одредени проценки за развојот на ситуацијата во понатамошниот период. Се разбира дека притоа ја исклучува меморијата и забора зошто беше претрпен изборниот пораст. Јас како пратеник во овие моменти немам оптимизам дека освен Владата на РМ и другите субјекти би можеле да се вклучат и да дадат свој придонес за надминување на оваа состојба. По се изгледа дека од страна на македонската опозиција во овие моменти се појавува голем интерес за состојбите во владината коалиција за односите помеѓу коалиционите апртнери без тоа да се води сметка за сопствените редови. Се разбира од загриженсот за тоа дека во наредните неколку месеци од членството на СДСМ очигледно е нема ни трага освен овие неколку пратеници што се присутни помегу нас во салава.

Инаку , за ова зборува исто така координираниот напад на Владата од страна на бившите коалициони партнери СДСМ и

ПДП кои сега во оваа ситуација најдоа заеднички јазик да ја напаѓаат Владата.

Почитувани пратеници, ова не е конструктивна и принципиелна опозиција. Јас мислам дека во тоа никој не верува. Би сакал да кажам дека и новата Влада околу стратешките прашања на РМ има исти став со ставот што го имаше старата Влада. Ние исто така сега сме членка на Партнерството за мир и имаме одредени права и обврски кои што ги почитуваме , а произлегуваат од Договорот СОФАТ. Во РМ има меѓу партиски и меѓу етнички концензус во однос на надворешната политика на Републиката за полноправно членство во НАТО и Европската унија, за добри односи и развиена соработка со соседите , како и активно вклучување во сите регионални иницијативи за соработка, како и развој содруги држави без разлика од нивната локација. Ние како РМ земајки ја предвид нашата геостратешка положба несебично се уклучивме кон напорите на меѓународната заедница за побрзо разрешување на косовската криза и хуманитарната катастрофа со бегалците по дипломатски пат почитувајќи ги притоа начелата за заштита на интегритетот на северниот сосет. Тие од своја страна остро реагираа на присуството на НАТО во РМ, а ние со сите сили настојувавме и ден денес да бидеме неутрални во однос на тоа прашање и да не бидеме вовлечени во оваа војна.

Република Македонија со својата принципиелна политика бара цврсти гаранции за зачувување на мирот и безбедноста, како и помош за разрешување на драмата на Косово. Факт е дека до неодамна Меѓународната заедница се однесуваше како нем посматрач на настаните кои што се случуваа на нашата северна граница. Тие си земаа за право да не потценат и да ни делат лекции од политика, воена тактика, хуманост давајки мизерни средства за ублажуваше на кризата и мислејќи дека на тој начин ќе го разрешат проблемот. Но почитувани колеги пратеници секако дека треба да се сложиме и дека ќе се сложите дека ние балканците со нашиот менталитет придонесовме на некој начин да се најдеме во оваа ситуација во која што се наогаме. Со тоа што направивме плодно тло за развој на вирусот на недовербата, шовинизмот, национализмот, себичноста, наспроти долгогодишната соработка која што беше на бившите простори да претставува основа за наша сегашна соработка, ние станавме на овие простори непријатели. Сега многу месеци после неколкуте војни на бившите Југословенски простори во Словенија, хрватска и Босна скоро 20 дена се води жестока војна на Косово, што сите сме доволно информирани претставува еден вистински пекол. Тука не е поштеден никој, никоја националнсот, а што е најжално најголемите виновници за таа војна се на најбезбедно место. Казната неправедно ја споделуваат невини луѓе од сите националности што сакале или не ќе мораат и понатаму да живеат заедно после оваа криза.

Владата на РМ несебично се залагаше да се помогне на сите тие што се од корен откорнати и на Меѓународната заедница во овие тешки моменти и одржавме една добра лекција според нашите скромни можности како треба една одговорна, една цивилизирна земја во рамките на овој различен балкан да се однесува спрема своите соседи. Високо развиените земји кои што се декларираа дека сакаат дипломатска развирска на оваа ситуација веројатно не водеа грижа дека голем дел од бегалците од Косово ќе се слејат во РМ. Веројатно притоа не водеа сметка дека РМ е простор населен со цивилизирани граѓани кои што имаат натоложено огромни проблеми пред себе, меѓуанродната заедница како да не потцени и како да сметаше дека РМ е територија на која што може неограничен број на бегалци да се слејат.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ**: (Продолжение)

Политиката на запад за прифаќање на бегалците не соодветствуваше на декларациите на кои се повикуваат. Тие не водеа сметка дека регионалната и националната безбедност се неделиви, дека ќе се рефлектираат и во Албанија и во РМ, со што иднината на Балакнот се поставува под лупа, со сите етнички и религиозни конфликти, продлабочени со социјално економски и политички проблеми.

Во нашава Република заради постоењето на албанско малцинство, српско малцинство, разбирливо е нивното нервозно реагирање заради засегнатоста, но мораме во овие моменти да кажеме дека сите сме загрижени поготово оние од македонската популација, заради тоашто РМ е наша матична земја и ние освен РМ немаме друго место во светот.

Би сакал од оваа говорница да дадам еден апел за сите колеги пратеници во Парламентот и сите граѓани кои можат да придонесат да го зачуваме мирот во РМ, при тоа со нашите постапки да придонесеме да се врати мирот на Косово, да и помогнеме на Владата да ги хармонизира сите

миротворни потенцијали, да ја зголемиме меѓусебната толеранција и да го привлечеме повеќе вниманието на меѓународната заедница кај нас, заради тоа што е очигледно дека ќе ни биде повеќе нивна помош во таа разврска.

Владата во овој период ги направи потребните активности со сите расположиви сили. Кои беа теи сили и кои беа тие потенцијали што ги имаше РМ на сите ви е повеќе од јасно. Ми се чини дека на опозицијата и е повеќе од јасно какви потенцијали имаше на располагање новата Влада.

Не би сакал во овие моменти некој да прави маркетинг и да се обидува да поентира на сметка на една повеќегодишна криза која на крајот резултираше со крајно нецивилизирана завршница, со една војна од чии последици долго време не ќе може да се изгуби мирисот на овие простори. Ваква загриженост за овој регион во светот досега не се почувствувало. Затоа, мислам дека од овие 4 војни во бившите ЈУ простори неопходно ние македонците да извлечеме поука како треба и колку требае меѓусебе да се почитуваме и колку треба заедно да се заложиме за зачувување на стабилноста и мирот и интегритетот на РМ. Сега е потребно повеќе од било кога да ги заборавиме емоциите и повеќе да мислими на мирот. Силните потреси на војната, силните болки и детските крици не опоменуваат да ја потиснеме во себе смислата за освојување и воинствената природа. Тие треба да не поттикнат за тоа како да се вратат мирот и вербата за подобра иднина.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Во ваква, според многумина тешка ситуација, во вакво неприродно течение на настаните околу нас, па ако сакате во состојба која опстојува во воена тензија, околу нас, повеќе од логично е човек да биде искрен прво пред себе, а потоа пред оние што го избрале за пратеник. Тоа е поконкретно моето охридско гласачко тело. Знаете дека Охрид, иако не толку изразито, сепак е средина во која освен Македонци живеат и припадници на други малцинства. Не сакам поединечно да ги набројувам од едноставна причина што сите тие се рамноправни граѓани пред Уставот на РМ. Она што сакам да го потенцирам е следното:

Сето мое гласачко тело, сите граѓани кои ме избраа за пратеник во највисокиот законодавен дом во Македонија инсистираат и верувајте со оправдана доза на критика, дека народот и граѓаните на оваа земја и во ваква наметната сложена ситуација имаат право уште повеќе отколку порано да го промовираат својот глас. Зошто? Од едноставна причина што во ваква ситуација, во овој милитантен хаос што не опкружува овие закони без покритие, она што најлесно може да се заборави е гласот на народот. Затоа, апелирам, без разлика од развојот на настаните, ние пратениците, без разлика на партијата од која доаѓаме, уште со погоелема одговорност да го пренесеме гласот на народот, на нашето гласачко тело од оваа говорница. Верувајте, несакам во вакви моменти да бидат едукативен, туку едноставно реагирам сосема искрено, човечки, на она што се случува во мојат гласачка база, а тоа е возмеирувањето, чекањето на оваа морбидна воена атмосфера во соседството. Тао е немирот, па ако сакате и ставот на народо што не избрале. Бидете уверени сите пратеници дека поголем суд од судот на народот во овој момент во земјата не постои. Токму затоа, без многу најави бев искрено вознемирен, како граѓанин, како пратеник, со каква доза на негативна енергија и со каква желба за неоснован реваншизам беше дочекана од круговите на опозицијата излагање на премиерот Георгиевски за актуелната безбедносна ситуација во земјата. Она што се наметнува како прашање е од каде толкав гнев, зошто толку неаргументирани политички ставови, зошто по секоја цена се избегнува реалноста. Не би сакал да дадам свои хипотези дали оваа опозиција знае да биде и парламентарна опозиција во вакви услови во земјата. Тоа прашање го оставам за медиумска расправа или препис за научните кругови во земјата. Дами и господа, не би сакал да зборувам за актуелниот проблем со бегалците, затоа што деновиве за него е и премногу зборувано и анализирано. Во овој контекст сега конкретно и директно би сакал да зборувам за однесувањето и хипотезите на опозицијата, во ова време, невреме за РМ.

Сакам да напоменам дека мојот став не е инспириран до желба за некаква политичка пресметка на парламентарно ниво, туку од желба актуелната ситуација да биде пренесена од моја страна субјективно, конкретно и без предрасуди.

Премиерот Георгиевски, како што ви е познато во своето излагање се задржа најмногу на оние делови и сегменти од кои што според сета рационаност зависи во голема мера и актуелната политичко безбедносна ситуација во земјата. Премиерот со податоци користени од

меѓународно признати субјекти ја образложи ситуацијата, акцентирајќи ги деловите кои се инволвираат во целокупниот спектар на државниот ентитет на нашата земја и тогаш неочекувано или очекувано пропагандно медиумската и маркетиншка машинерија на опозицијата веќе утредента сето тоа го дочека на исукана сабја. Зошто? Зошто опозицијата го чекаше овој момент. Затоа што сето тао се совлаѓа со нивното посакувано сценарио за рушење на демократски избраната власт, со што се користи воената психоза на Балканот за ситни малограѓански политички игри од страна на опозицијата во земјата. Многумина од граѓаните се прашуваат зошто опозицијата нема слух и арогантно одбива да се вклучи во заложбите на Владата за внесување дополнителна доза на сигурност во однос на состојбите во државата. Одговорите на овие прашања лебдат во воздух и знам дека вие одлично ги знаете. Одговорот за нив е повеќе од јасен. Одговорот се гледа токму од, би рекол, се почестото медиумско стампедо на опозицијата која има единствена цел, рушење на легитимно избраната власт и тоа рушење без разлика на ситуацијата во која низ призмата на безбедносно политичкиот карактер се наоѓа земјата. Тао е фантомска желба да се оди без милост до крај, да се гази преку труповите или да се цитира Макија Вели на крајот од 20-от век. Но бидете уверени дека нема да ви успее од едноставна причина што овој напатен македонски народ има огромна меморија. Овој народ, дами и господа, верувајте не заборава. Не забора и ништо не заборава од времето кога вие бевте власт и се однесувавте кон нас како случајни минувачи, а не како кон опозиција. Македонскиот народ не го забора вашето политиканство, вашиот цинизам и вашата бирократска машинерија со која вие ги блокиравте нашите демократски права за време на вашето еднопартиско владеење. Затоа вашето однесување во овој момент е повеќе од чудно. Или имате тотална амнезија, или пак по никоја цена не сакате да прифатите конструктивно.... во Парламентот. Во ваква сложено безбедносна политичка безбедност во регионот вашето однесување е, благо кажано, играње со оган. Во ваков тежок и историски момент за регионот и Македонија опозицијата почнува најави за пресметки, нуди сопствени режии и сценарија, се занимава со подземни медиумски иновации, а ни еден од нив или од вас не сака отворено да признае дека тоа стои отворен обид за блокада на институциите на системот во РМ. Повеќето од опозицијата мисли дека тао е најлесно да се направи токму сега. Несакам да помислам на варијантата дека никој од опозиционите лидери не сака да размислува какви ќе бидат последиците од сето тоа, а тие би биле катастрофални за иднината на Македонија. И уште еднаш, не е време и не би сакал да ги проширувам моите опсервации за оваа проблематика од едноставна причина што сега навистина немаме време за тоа. Уште еднаш си го земам тоа право, ја повикувам јавноста, а пред се моето гласачко тело да ги поддржи заложбите на Владата за одржување на стабилноста во политичко безбедносната ситуација во земјата, затоа што без нив во ваков тежок момент, едноставно што може да ни се случи, е да ни се влоши ситуацијата во РМ. Со други зборови кажано да ја подржиме стратегијата на Владата сега кога е најнеопходно за мирот и целокупната стабилност на РМ.

Друга алтернатива нема.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:**

И кога би сакале тешко би можеле да признаеме дека ние сме виновни за оваа ситуација иако би имале најдобра намера.

(Префрлување од место)

Смирено и ќе чуете убави работи, за жал, непријатни за РМ и тоа заради тоа што оваа Влада неуспеа да најде сили на нашата подадена рака да разговараме за Македонија, во меѓувреме и понатаму ги прави истите грешки, за жал.

Најпрвин ќе кажам само една критичка нота на уводното излагање на премиерот, г-динот Љубчо Георгиевски, дека сум разочаран од неговото техничко излагање во кое, според мене, немаше доволна анализа, не беа укажани сите аспекти на последиците по РМ, кои се тие и какви се тие. Јас само да ве потсетам, неговиот говор отприлика го имаше овој тон, дека ситуацијата е смирена, дека се е во ред и кризата е помината. Меѓутоа, според мене, кризата сеуште го нема достигнато својот максимум и тоа е голем проблем пред кој се исправува РМ и за тоа сакам да разговарам денес. Веројатно ќе бидеме сведоци на тоа, за жал и во нредните денови.

Второ, да не заборавиме, ова е најголема криза во Европа после 11-ра Светска војна и такви кризи не завршуваат за еден, два или три месеци, или за една, две или три недели.

Трето, во ваква ситуација секој треба да си го гледа својот национален или

државен интерес. Тоа треба да бидат реперите за однесување и на Владата и на опозицијата. Јас ќе нотирам зошто го велам ова:

Може да се случи НАТО да ги постигне своите цели кои си ги има поставено. Може исто така да се случи и српскиот режим да ги постигне своите цели, а тоа е етничко чистење на Косово. Меѓуто што станува со РМ. Дали РМ нема да биде уште една жртва на една криза која е од европски карактер, европски размери, а жртва да биде РМ. Затоа, мислам дека во ваква ситуација право на секја држава е да поаѓа пред се од своите национални или државни интереси. Кога зборувам национални, јас не мислам на англиската терминологија државни интереси на својата нација, меѓутоа, и на сите граѓани на РМ.

Мислам дека 3 елементи се битни во таа заштита на својот национален интерес. Прво, тоа е сопственото инволвирање во кризата, второ, да ги избегне последиците по сопствената безбедност и трето, да ги прогнозира идните случувања. Едниот елемент од тие случаи го кажав, мислам дека кризата сеуште ја нема достигнато својата кулминациона точка.

Ќе започнам со првото. Да се заштити од сопствено инволвирање. Ќе почнам веднаш директно со она што е став на СДСМ, без сега да навлегуваме во една историска анализа, бидејќи таа ни е позната што се случуваше на Балканот последните 10 години, а тоа е веднаш да престанат сите дејствија, на сите партиципиенти за кризата на Косово. Тоа значи и напади на НАТО, и на етничкото чистење на Милошевиќ, меѓутоа и на активностите на ОВК, од она што остана од ОВК на Косово и би зборел за реперкусиите врз РМ со тоа што се случи на Косово.

Во Македонија имаше голема вознемиреност, дури некои луѓе излегоа на улица. Надлежните органи ќе си кажат кој се бил организатор. Ако бил организатор странска земја сигурно дека Министерството тоа ќе го констатира и ќе преземе мерки, меѓутоа, имаше многу луѓе без партиска припадност, дури некои знамиња со партии кои денес се на власт, не го кажувам тоа за некаква вина некому да припишам. Зошто? Зашто македонскиот народ има едно инстиктивно чувство дека при секоја војна која се водела на овие простори македонецот бил жртва на таа војна. Го има тоа историско чувство. Мислам дека тоа му е влезено во социјалниот код. Го чувствува тоа. Но, не само што го чувствува, туку за многу елементи може и рационално да се покаже дека може да биде Македонија повторно жртва на оваа криза.

Во рамките на тоа прашање веќе се заговара, се прочитува јавноста во Европа па и во светот, како би реагирала на копнена интервенција на Косово. Таа варијанта е неповолна за РМ. Во случај на копнена интервенција РМ станува воено боиште, а военото боиште не признава државни граници. Воено боиште во одредена територија, географска, воена, каде се случуваат дејствија и каде што не постои ни една сила која може да ја обезбеди границата на една држава. Во тој случај јас зборувам за сите граѓани и за Македонци и за Албанци. Ќе гинат наши деца и македончиња и албанчиња. Во тој случај Македониај ќе стане полигон на воени дејствија, ќе биде апсолутно инволвирана, објективно и јас се плашам дека тоа може да биде почетокот на деструкцијата на македонската држава, бидејќи во таа ситуација не можеме д предвидиме, или можеби можеме кои се фактори ќе се вклучат во една таква разврска.

Вториот елемент на заштита од сопствено инволвирање тоа е правното регулирање на престојот на силите на НАТО во Македонија. Самиот премиер Љубчо Георгиевски кажа дека постоеле неколку фази и точно е тоа дека Владата на СДСМ партиципираше во првата А и првата Б фаза, а тоа е во здружената верфикација и мисијата на екстракторите, меѓутоа, тоа беше со одлука на Влада, со решение на министерот коректно да се користат, под кои услови и со јасна мисија на силите кои престојуваат во РМ. Таа мисија беше утврдена, в прочем, со договор меѓу српската страна и НАТО и тука состојбата е чиста.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа за што ние сме загрижени, зошто до сега нема правна рамка за сегашниот престој на 12 илјади НАТО војници? Дали е тоа усмено кажано? Меѓутоа, не е доволно. Дали е, зошто се уште не се прави правен договор за нивниот престој. Ве молам, многу се шпекулира околу СОФА договорот СОФА договорот е правна рамка за правниот статус. Ништо повеќе. Се друго е одлука на земјата домаќин.

Повеќе за македонската јавност, многу земји, членки на НАТО одлучуваат за определени активности на НАТО. Тоа е првата фаза. Меѓутоа, дали самите држави ќе учествуваат, тоа зависи од секоја земја одделно. Го имате најсвежиот пример. Има земји што не учествуваат во оваа операција

што сега се води во Република Југославија. Имало и порано такви случаи.

Според тоа, мислам дека Владата под итно треба да ги утврди начелата, целите, мисијата на овие 12 илјади војници што се сега во Република Македонија.

Третиот елемент, тоа е Македонија да не се користи како територија од која ќе се вршат дејствија кон соседни држави.

Тоа е еден принципиелен став што го почитуваат многу држави во рамките на НАТО. Ретко ќе сретнете земја која е сосед да учествува во некаква акција. Иако, морам да кажам дека за прв пат во историјата современите меѓународни односи се изведува ваква акција. Меѓутоа. тоа е друго прашање и не би сакал сега да излегувам од темата што е предмет на нашата расправа, а тоа е безбедноста на Републкика Македонија.

Мислам дека Собранието заклучи, на една од своите претходни седници, јас ќе го цитирам тоа, тоа е членот 4 дека Собранието го потврдува ставот дека територијата на Република Македонија нема да биде користена за преземање офанзивни дејствија кон било која од соседните држави.

Премиерот, за жал, го проблематизира овој едногласен став од заклучоците на Собранието, став што го поддржаа сите пратенички групи. Мислам дека тоа може да внесе додатна конфузија меѓу граѓаните на Република Македонија и да биде протолкувано како погрешен сигнал, дека Македонија би можела да се користи како територија за агресија врз соседна држава. Во тој случај, реков, Македонија не може да го избегне фактот да стане воено боиште на сите можни операции од секаков вид.

Вториот елемент - да се избегнат последиците по сопствената безбедност.

Морам да ви кажам дека и пред да настане оваа криза, во изјавите на нашиот претседател на партијата, меѓутоа и ставот на партијата беше да бидеме пооперативни. Тоа го кажавме јавно неколку пати. Но, некако тешко оди таа работа. Овој елемент на избегнување на последиците по сопствената безбедност опфаќа неколку елементи, а еден е по мене битен:

Тоа е континуитет на функционирањето на институциите. Има посебно за вакви министерства што се чувствителни, за одбрана, за внатрешни, за надворешни, мора да има некаков континуитет на функционирање. Инаку, ќе се изгуби драгоцено време.

Јас побарав седница на Комисијата за внатрешна политика и одбрана уште на првата нејзина седница, кога се конституираше. Да се повика министерот за одбрана и неговите соработници да ни ја прикаже состојбата каква е на Косово, бидејќи ние како пратеници треба да кажеме свое мислење. Да бидеме информирани, можеби некои сугестии што, се разбира, по принципот на поделба на власта министерот може а и не мора да ги прифати. Тоа не се случи.

По втор пат побарав седница, тоа не се случи.

Третиот пат се свика таа седница заедно со Комисијата за надворешна политика на која беа присутни, навистина, тројцата надлежни министри. Меѓутоа, се е заврши, тоа беше пред петнаесетина дена кога кризата почна, само со информација без право да го кажеме своето мислење, ние пратениците кои би требале да бидеме најинформирани за оваа област.

Сакам да укажам, заради моето искуство, некакво кое го имам, сигурно дека и министерот веќе стекнал искуство, со тоа не сакам да го доведам во прашање институцијата на актуелниот министер кој е одговорен со својот ресор, да ги укажам нашите согледувања како Влада за можната криза кога ќе настапи оваа пролет и што се ние предвидувавме. Ние оставивме нкои планови како Влада, меѓутоа некои анализи сепак останаа на едно друго ниво, за да се помогне на новата Влада да се справи со проблемот што очигледно беше дека ќе биде сериозен и сведоци сме дека навистина е сериозен.

Притоа, мислам дека имавме добри проценки и сакавме да укажеме што треба да се направи, особено веќе познатиот план коридор на кој тогашната опозиција се исмеваше, па и пред 20-тина дена овде во Парламентот. Знаете, секоја држава има неотугиво право да го брани својот национален суверенитет. Не е точно дека по конвенциите, точно по конвенциите, штом имате бегалци или хуманитарно згрижени лица треба да постапувате на определен начин. Но, вие одлучувате дали ќе примите или нема да примите определен број бегалци. И дека за Република Македонија тоа беше нашата тогашна проценка дека за Република Македонија ќе биде многу лошо ако голем број бегалци, бројка што секако треба да ја утврди

актуелната Влада. Тоа значи сегашната Влада на Република Македонија.

Можеби тој план имал некои недостатоци. Можеби требал да се дополни, да се допрецизира. Тоа не го исклучувам. Апсолутно. Можеби се имало нови сознанија. Тоа го прифаќам. Меѓутоа, мораше уште тогаш тој план да се доразработи ако има недостатоци, бидејќи Македонија не е земја што може да го издржи овој притисок на бегалци.

Некои овде во дебатата спомнаа, што се точни бројки. Нашите бројки покажуваат дека за САД тоа се 14 милиони бегалци кога би дошле. Не се веќе 14 милиони. Правевме ние анализи и за некои други држави. Да речеме, за Германија, Франција биле 4 милиони, 8 милиони, тоа е огромна бројка за држави кои имаат по 20 илјади долари бруто национален доход по жител. Тоа се страшни бројки.

Од тој аспект сметавме дека коридорот треба да биде реализиран. Коридорот што значеше: По првата фаза згрижување на сите луѓе кои ќе преминат преку границата, пред се жени и деца. Лекарски прегледи, обезбедување на храна и упатување во земјите кои можат да го поднесат овој товар. Пред се Албанија, можеби и некои други земји. На тој начин тоа да биде европски проблем.

Ако вие ги примите бегалците, сите во Република Македонија, тоа станува македонски проблем. Ако ги дисперзирате, станува европски проблем. Тоа оваа Влада го почувствува тогаш кога на сугестија на претседателот Глигоров во одреден период се затвори границата. Тогаш реагираше Европа. Знаете, јас сум свесен дека во политиката нема морал. Меѓутоа, во меѓународната политика има најмалку морал. "Тапшањето по рамо", во меѓународната политика не носи резултати. Таму мора секоја држава да се постави партнерски, да каже ова се вашите интереси, а ова се нашите интереси. Ние можеме до тука, понатаму не можеме. Дајте да разговараме. Тогаш многу повеќе ќе ве ценат.

Од друга страна, мислам дека коридорот, колку да се чинеше дека е нехуман, е похумана варијанта отколку тоа што ни се случуваше на Блаце. Тоа беше навистина тешка слика. Јас ја сфаќам Владата, беше на тешки маки. Таа практично сега спроведува варијанта од тој коридор, меѓутоа откако се создаде проблемот. Нашата идеја беше пред да настане проблемот да се предвидат сите можни ситуации и да се избегне она што се случуваше тие денови со бегалците на Блаце. Навистина, една лоша слика. И, бидејќи сметам дека кризата се уште ја нема достигнато кулминацијата, лично очекувам уште еден бран, најмалку уште еден бран на бегалци од Косово кон Република Македонија.

Третиот фактор, тоа се прогнозирање на она што ќе се случува понатаму.

Тука сега е прашањето дали да го плашиме или да не го плашиме народот? Имаше некои такви дискусии.

Најдобро е да се каже вистината, да не го потценуваме народот. Јас реков, македонскиот народ има едно богато искуство и инстиктивно ги чувствува работите. Не можете вие да го излажете со руски авиони, со хеликоптери, па после се покажа дека се тоа делови да речеме условно од технички неисправни делови од авиони.

Првиот негативен фактор, тоа е дека Македонија можно многу брзо да доживее економски колапс, само заради ситуацијата што е во Југославија. Инаку, показателите и пред да настане оваа криза беа негативни. Но, рековме сега да не се сфати тоа партиско дискредитирање на актуелната Влада.

Второ, бегалците тешко се враќаат. Нема земја, не постои земја во која се вратиле 10 % од бегалците. Дури е прашање дали ќе се вратат 10 или 15%. Не знам која е таа сила и од сега треба да се работи на тој план бегалците да се вратат, бидејќи е нормално дека тие би требале да се чувствуваат многу подобро во своите домови, отколку во некоја друга држава. Со тоа ќе настане етничко нарушување на Република Македонија, еден проблем што е проблем на секоја држава;

Тоа и се случува денеска на Македонија. Утре може да се случи на некоја друга држава. Доколку настане етничко пореметување на балканските држави, тоа ќе биде една многу опасна ситуација што може Балканот да го вовлече во една подолгорочна криза. Не се работи овде дека се во случајов албанците. Може да биде некоја друга ситуација. Меѓутоа, секое етничко пореметување, а посебно за нас и како што е македонската, тоа е многу чувствително прашање.

Третиот елемент е појавата на ОВК во Република Македонија.

Неспорно е дека ОВК се наоѓа во Република Македонија. Мислам дека државата тука треба да си ги преземе сите законски мерки, овластувања што ги има според Законот. Притоа, активностите околу "Процесот на бомбашите", мислам дека треба да продолжи. Тука не станува збор за македонци - албанци. Зборува за група која беше подметнувач на експлозивни направи и процесот на откривање на целата група треба да оди до крај. На сегашната Влада и се оставени точни показатели за правецот во кој што би можела да се движи истрагата.

Да не бидеме наивни. Има луѓе кои учествувале во креирањето на безбедносната политика на Република Македонија. Во Македонија се уште има магацини на оружје и министерот го знае тоа. Мене не ми е јасно од кои причини не се продолжува со акцијата да се прибере тоа оружје? Во случајов тоа е оружје кај македонците, ако настане тензија ќе има оружје кај македонците. Го има сега кај албанците. Многу е лошо ако државата нема контрола врз оружјето во една држава. Тоа ја растури и Албанија практично ја преполови на два дела. Немојте ова да го сведувате на етнички проблем. Тоа е проблем на функционирањето на институциите. Секое оружје кај една етничка група создава тензија и вооружување кај другата етничка група. Затоа е битно државата, министерствата да го продолжат тој процес, без разлика на можни политички притисоци бидејќи последиците ќе бидат многу потрагични ако сега не се пресече целата таа работа.

Прашањето на ОВК има уште еден правец за кој мислам дека мораме конечно, јавно да проговориме. Тоа што ме загрижува, мене како член на овој Парламент, сосема е извесно дека ОВК се помага од некои значајни европски држави. Дури, еден дипломатски претставник на една значјана европска држава препорача дека секоја држава треба да ги прифати припадниците на ОВК на својата територија. Мислам дека е тоа доста цинична изјава, а припадниците на ОВК можат да дојдат или во Албанија или во Македонија. Во неговата земја може да дојдат евентуално акотие самите организираат транспорт, па да ги однесат во Северна Ирска, да бидат во кондиција, да можат да вежбаат. Мислам дека Владата треба да бара објаснување од соодветниот дипломатски претставник што сакал со тоа да каже.

Прашањето е што ако ОВК се организира во Република Македонија?

А, веќе мислам дека се организира. Сакам да кажам дека во услови на етничко нарушување, во услови на тензии, ако се додаде и ОВК, како фактор на дестабилизација, не се определува сега каква организација е таа, и каква улога има во Албанија. Во Албанија, добро реков и во Албанија и на Косово, мислам дека ќе претставува еден од факторите за дестабилизација на Република Македонија.

Впрочем, дека косовското прашање не е едноставно, трае со десетици, можеби и повеќе години. Нека ни послужи изјавата на премиерот на Албанија Пандели Мајко дека процесот на голема Албанија е во тек и дека од тоа никој не треба да се плаши.

Видете, имаме многу такви изјави од кои ни велеа - не се плашете. Имавме ние меморандум на Српската академија на науките, велат не се плашите, тоа е за доброто на сите. Сега имаме на албанската академија, имавме и на Бугарската академија. Сакам да ви кажам, сите тие програми за големи држави, во најголемиот дел се ориентирани кон Република Македонија. Тоа е нашиот сериозен национален проблем. Тука мора да бидеме ние многу внимателни, и да се спротивставиме на некој начин, со целиот ризик дека можеби некому нема да се допадне и на нашите соседи, меѓутоа и на некои европски држави.

Односот кон НАТО и некои обвинувања, препукувања.

Нашиот однос кон НАТО и Европската Унија е јасен на сите партии и тука нема спор. Имавме неколку средби, меѓупартиски, имавме став практично на целата јавност. Впрочем, нашиот однос е ставен према НАТО и во Стратегијата за одбрана на Република Македонија и во Белата книга, така што јас сум опериран од тоа дека некој ќе ме обвини за ова или за она. Меѓутоа, не можам а да не кажам неколку работи:

Мислам дека НАТО, во акциите што ги преземе не ги калкулира сите можни ризици по Република Македонија. Можеби ги испланира своите цели што сака да ги постигне, политички, воени. Меѓутоа, имам еден впечаток дека недоволно или не до крај вкалкулира што ќе се случи со Македонија до колку тие цели

не се постигнат. А, се случуваат работи што, очигледно, можат да бидат негативни за Република Македонија. Тоа е она што создава во Република Македонија можеби една психоза на несигурност, не против НАТО, туку против тоа што очигледно дека ова што се случува на Балканот може да ја погоди Република Македонија, посебно македонскиот народ кој, реков дека има горко искуство со војните кои се водени на овие простори.

Понатаму, не можам да не спомнам дека Република Македонија, до сега имаше, без разлика која Влада била на власт, коректен однос кон европската асоцијација и кон НАТО, однос на соработка, желба да се вклчиме во тие асоцијации. Меѓутоа, мислам дека не ни се возврати со иста мерка. Сметам дека тоа е еден генерален став кон Република Македонија што може да се илустрира на многу начини.

Да речеме, Република Македонија, никогаш не и беа простени дел од долговите. На Полска и беа простени 40 милијарди долари, што е огромна сума на пари. Ако Македонија е стратешки важна точка, а е отратешки важна точка, тогаш мислам дека Европската Унија, светските фактори, со една многу мала финансиска помош во целиот овој период од нејзиното осамостојување ќе ја направеја Република Македонија уште постабилен фактор во регионот и на југот на Балканот.

И на крајот, морам да ви кажам дека во нашата партија имаше многу јавувања да организираме протести против Владата, против НАТО. Ние рековме не, има консензус меѓу политичките партии дека во оваа тешка ситуација мораме да внимаваме, пред се на државата, но тоа не го исклучува да ние водиме дебата во Парламентот. Ве молам, тука е голема разлика.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Парламентот е место каде што партиите ќе пројавуваат одредени разлики. Ве молам да не се импутира, што е мислам безпредметно, да се продуцира став за некаков НАТО и проНАТО однос на некои граѓани на Република Македонија, зашто ќе дојдеме во многу непријатни ситуации. Да речеме во Американскиот сенат 41 сенатор гласаше против акциите на НАТО. Дали се тие против НАТО?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Од место)

Гласаа за копнените трупи.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Не, ова беше дискусија, кога за копнените трупи уште не разговараа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Од место)

Се изменија состојбите сега.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ќе се менуваат, јас тоа се плашам, ќе се менуваат и понатаму.

На пример, еден Кисинџер, професор по стратегија, професор по воена стратегија, поранешен државен секретар, беше против интервенцијата. Некои земји, на пример Италија, Британија не примаат бегалци, а ставот е да се примаат бегалци. Дали се тие против НАТО? Ве молам, да разграничиме, НАТО и Европската Унија кои се перспектива на Европа и мислам дека од тука не треба да отстапуваме, бидејќи кој ќе отстапи од таа ориентација ќе застане зад новата железна завеса во Европа, но во оваа ситуација ние мораме да водиме сметка за нашите национални интереси и да укажеме кои се слабостите на мегународните потези на меѓународните фактори кои можат негативно да се одразат врз Република Македонија.

И на крајот уште една тема за размислување која не би ја елаборирал денес. Стара е идејата дека македонскиот народ не може да живее сам, дека мора да биде со некого, да биде со оваа или со онаа држава. Сакав да кажам да не бидеме изненадени во овие глобални турбуленции, кои допрва престојат на Балканот, ако наскоро не се јават идеи за тоа дека Република Македонија неможе да опстане сама, па затоа треба да се приклучи кон некоја културно блиска земја и тоа да се јават тие идеи како внатре така и надвор во некои надворешни кругови. Ве молам, укажувам само на една таква опасност со која можеме да се судриме и тоа ќе биде последен сигнал дека Република Македонија треба да издржи уште еден тест, затоа што ова што досега е остварено ние мораме да го задржиме. Инаку, ова можеби ќе биде последно прекројување на Балканот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Лазар Китановски.

Господа пратеници ние имаме уште девет пратеници пријавени за дискусија. По ред ќе прочитам како се пријавени: Александар Флоровски, Петар Гошев, Филип Петровски, Нано Ружин, Мевљан Таири, Насер Зибери, Слободан Даневски, Рубенс Наумовски и Ванчо Чифлиганец, и Сејфедин Харуни и веќе и други се пријавуваат.

Ве молам, дали може дискусиите да бидат пократки затоа што ова се километарски дискусии од по еден час.

Денес мораме да продолжиме и ќе продолжиме со работа, секако но само сакам да ви кажам дали е можно да се скратат дискусиите максимум на 15 минути, да не бидат како сега со еден саат кога ќе застанете на говорница.

Збор има, по ред како што е пријавен господинот Александар Флоровски, а потоа господинот Петар Гошев.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток, согласно временскиот термин што е определен меѓутоа малку во пооптимистичка варијанта отколку што говореше претходниот говорник. Нели, после дожд доаѓа сонце. Како што реков, ќе бидам краток, прецизен, концизен за она што е тема на дневнито ред. Ќе почнам вака.

Не можам да се отргнам од впечатокот дека живееме во едно критично, поточно речено трауматично и би рекол мамурно време, во кое општиот: мамурлук ги има фатено сите. Тука,пред се, мислам на оние кои ја креираат светската политика. Зошто ова го потенцирам? Затоа што светските фактори олицетворени во ликот на НАТО алијансата сигурен сум дека беа свесни што ќе се случи после бомбардирањето врз СРЈ на Косово и каква ќе биде реакцијата на српските трупи како одговор на НАТО ракетирањето. Па сепак, дами и господа, горе споменатите светски фактори не преземаа нишлго за спречување на огромниот број бегалци. Говорам тука конкретно во Република Македонија.

Република Македонија стана жртва "на суптилни интереси" и со смаото присуство на огромен број бегалци на своја територија, кои за жал претставуваат пред се економско социјален проблем и проблем на етничкиот баланс на државата. Значи, косовскиот проблем директно или индиреекно, како сакате, влезе на голема врата во државата. Тоа се факт кои не можат да се негираат и покрај сите напори на некои внатрешни и надворешни субјекти гореспоменатото да се минимизира или целосно негира Едноставно, значи сакам да кажам едноставно негирањата не држат затоа што тоа е така и никако поинаку. Негирањето на фактите може да се оцени само како необјективно гледање на работите или посликовито кажано т.е. попластично класично политичко лицемерие во функција на политички маркетинг. Но со краток здив. Во моментот ког бегалската криза ќе стане претешко време за оние кои денес најмногу се залагаат за истите. Пред се,нечесно е вербално да се поддржува Република Македонија во справување на бегалската криза, а во пракса многу малку да се прават напори за релаксирање на состојбите на економски-политички план во државата.

Фактот дека Македонија е невина жртва на косовскиот конфликт е повеќе од точно. За жал, изгледа дека тоа се судбините на малите држави. Но ако веќе си жртва не е битно дали си виновен или не. Но јасна е исто така определбата на сите релевантни политички субјекти, позициони и опозициони, кон Евроатланската ориентација, што значи дека Република Македонија тука ја гледа сопствената перспектива, а и ставот на актуелната влада по ова прашање е јасен и дециден.

Но фактички што е тоа што ме натера да излезам на говорницавг и да земам учество во дискусијата? Едноставно да одговорам на некои обвр нувања упатени на сметка на Владата, обвинувања изречени од лидерот на СДСМ. Држењето лекции и соживување со улогата на сеуште актуелен премиер е доста интересна работа која бара доста подлабока анализа на одредени мозочни релации. Пред се, дека и Владата односно премиерот придонесоа за создавање на анти НАТО расположение преку своите изјави, како што тог го потенцираше господинот Црвенковски, воопшто не држи, туку само се констатиташе фактичката состојба во која се наоѓаме. Впрочем, на кумановскиот анти НАТО митинг,така да го наречам, кумуваше и директор на една транспортна фирма, на еден ваш поранешен коалиционен партнер, а можеби главен протагонист на истите и тоа е вред, доколку се немаше тенденција митингот да се претвори во насилие. Пример на митингот во Скопје при палењето а Американската амбасада виден е еден ваш поранешен пратеник, господо од СДСМ. Не ве обвинувам, сигурно не можете да водите сметка за некој ваш екс пратеник, а уште помалку за некој си директор на поранешен коалиционен партнер. Само потсетувам дека гореспоманатите обвинувања на сметка на Владата немаат основа. И доколку реакцијата беше насилна при сузбивањето на митингот во Скопје, поточно пред Американската амбасада,епилогот барем според мене многу незгоден по Република Македонија, и ако се знае дека амбасадите се неотугив дел на соодветните држави. Следствено, некој тоа и го посакуваше како чин на можна дестабилизација на државата, т.е. Република Македонија.

Во истиот контекст што значи терминот "одговорна власт", спомната исто така во излагањето на екс премиерот Црвенковски. Цитирам: "Одговорна власт

нема задача постојано да објаснува кој е виновен за тоа што не снашло. Одговорна власт мора да преземе мерки превентивно, да се спречат тие лоши настани со сите последици свои да дојдат и да се реализираат": Колку да ве потсетам господа, бегалците буквално беа транспортирани до македонската граница со возови, па се прашувам, а и вас ве прашувам: Кои се тие мерки што требаше превентивно да се преземат за спречување на тие настани како што вели господинот Црвенковски. Постојат три начини на спречување, според мене.

Прво, да се влезе на југословенска територија за да се спречат бегалците во својот од кон Република Македонија, што практично е неизводливо.

Второ, да се изврши блокада на македонската граница, што исто така не држи имајќи ги предвид можните негативни последици при една ваква блокада по Република Македонија.

Попатно само би спомнал дека тука не се работи за страв по опстојот на коалиционата влада, како што повеќе пати беше спомнато и наметнувано и од парламентите и од медиумите од СДСМ. Впрочем, господа што ќе ни е Влада ако ја немаме државата и ако не се лажам, потписници сме и на низа меѓународни договори за бегалците кои ги потпишавте вие господа во изминатиот период т.е. за време на периодот на вашето владеење.

Трето, активирање на планот "коридор", што значи тој план според господинот Црвенковски?! Цитирам: "Тврдо чување на северната граница, контролиран прилив на бегалци, носење во приватни кампови и оттука по пат на коридор до земји кои сакаат да ги прифатат, но и до земји кои во тој момент не се спремни за прифат да им ги искрцаме на граница, со што ќе стане и нивен проблем, а не само наш". Мислам дека во тој контекс говореше и господинот Китановски.

Би било добро доколку би било вистинито и изводливо. Зошто ова го велам. Поради тоа што овој план во пракса е неизводлив, според мене, а тоа е мое лично мислење и мој личен став. Се работи за живи луѓе, а не за предмети кои треба да се преместат од едно на друго место т.е. да се транспортираат, а и ставот на Високиот комесеријат за бегалц кој за.жал на некој начин стана и став на земјите членки на НАТО дека бегалците би било пожелно да останат во регионот, претставува тежок удар за конструктивната, барем на надворешен план конструктивната политика на Република Македонија во односот со бегалците и јасно прокламираниот став на Владата за максимално прифаќање на 20.000 бегалци колку што се и објективните можности на државата. Но што значи тврдо чување на границите и контролиран прилив на бегалците, претходно цитиран од говорот на господинот Црвенковски? Пред се, мора да се има предвид дека масовниот прилив од 10.000 и повеќе илјади бегалци дневно не може целосно да се контролира. Цели композиции едноставно беа дотркалани до македонската граница и нормално се случи Блаце. Но пред се, пак според мене, благодарејќи на оние кои цело време ветуваа хуманитарна и секаква друга помош во првите денови на вегалската криза, а всушност ништо не направија за истите. Како треба да се искрцаат според рецептсг на господинот Црвенковски, бегалци на граница, се разбира, не на нашата за да стане и нивен проблем, а не само наш, би сакал да слушнам едно подробрно елаборирање од господинот Црвенковски лично на таквата акција Мене не ми е јасно воопшто како би се извела таа акција.

Впрочем, кога се говори за одговорна власт станува неизбежно да направам и една кратка паралела и би се навратил на шестгодишното владеење на СДСМ. Многу кратко и конструктивно ќе го направам тоа. Точно е дека Владата на СДСМ беше многу одговорна, тоа е факт, но само пред самите себеси, пред своите лични конта во некои странски банки. Барем така се говореше и пишуваше. Пред сопствените потреби и прохтеви а најмалку одговорни пред сопствениот народ. Тоа е мое мислење. Ако веќе се продава демагогија, таа мора да биде во рамките на возможното, а не во рамките на научната фантастика. Кога се лаже, со усул да се лаже, за да можеш да го убедиш слушателот. Се случија низа финансиски малверзации, само попатно ќе ги спомнам многу кратко. Значи, низа фина? сиски малверзации, пирамидални штедилници како ТАТ, Алфа С, веќе многу пати спомнати и други, приватизација невидена во нормални држави, а нели цело време прокламираме дека сме нормална држава, јавни грабеж тоа медиумите го велеа без да се сноси одговорност и тн.

Затоа, ве молам господа, немојте да продавате ветер и магла затоа што горенаведеното се случувало во периодот на владење на СДСМ 1992-1998 година и сеуште е во свежо паметење на јавноста. Тоа е во контекс што значи тоа одговорна власт.

Искажаниот став дека ВМРО како стожер на Владината коалицијз ќе ги стави партиските интереси пред националните не треба да ве тревожи воопшто затоа што националните и државните интереси немаат цена и на тоа цврсто се опстојува. Никогаш да не се сомневате во петриотизмот во македонскиот" патриотизам на ВМРО-ДПМНЕ и на цврстата определба за сочувување на Република Македонија како единствена и целовите, по секоја цена ако треба.

Во контекст на гореспоменатото морам да ве потсетам дека е направено максимално во рамките на можностите на државата, се алармира европската и светската јавност за состојбите со бегалците и кризата во која се најде Република Македонија најмалку по своја вина, термин кој господинот Глигоров многу често го употребува.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (продолжение)

Делењето лекции за кадровските промени во одредени министерства и наводната загриженост за акцијата "Силекс" е повеќе од лицемерна имајќи ги во предвид постапките кои ги правеше Владата на СДСМ и сметам дека секаков друг коментар е излишен во овој контекс.

На крајот еден многу мал коментар по предлог заклучоците предложени од лидерот на СДСМ во име на неговата партија. Се работи за два заклучока кои сакам да ги презентирам и елаборирам.

Под точка шест од предложените заклучоци околу бомбашкото подметнување во РМ , морам да го потсетам г. Црвенковски дека судењето околу тие процеси е завршено и актерите на тој чин се на издржување на затворска казна. Вкупно, ако не се лажам некаде околу 40 години. Значи, не се работи за некои виши интереси во име на некаков коалиционен мир , очигледно дека г. Црвенковски заборава дека таа е веќе завршена работа, а доколку има тука е г. министер ќ& каже нешто конкретно во врска со тоа.

Седмиот заклучок во кој се промовира некакво менување на Законот за државјанство за олеснување на можностите за прием на истото, ќе морам да демантирам дека таква работа воопшто не била предмет на разгледување, а и неверувам дека таквата работа може да помине некаде, а најмалку во редовите на ВМРО-ДПМНЕ, ве убедувам. "

Но, кога веќе сме кај Законот за државјанство само би ве потсетил дами и господа дека 1994 година, како дискреционо право на тогаашниот министер за внатрешни работи, ако не се лажам беше г. Фрчковски издадени се, таа бројка се вртеше во јавноста, 125 илјади државјанства на луѓе кои не ги исполнуваа условите за да станат државјани на РМ, од "разбирливи причини" како дополнително гласачко тело на тогашните претседателски избори. Само да ве потсетам 1991 година, со амандман односно амандмани на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ поднесовме

амандман каде баравме дека треба најмалку 30 години да имаат престој во РМ за да се стекне со статус на државјанин. Вашиот предлог беше 15 години господа од СДСМ. (дофрлуваат од место седум години). Не коментирам. Инсинуациите дека ВМРО-ДПМНЕ во име на некакви повисоки интереси ќе го менуваат Законот за државјанство, што би рекол нашиот народ, е лук и вода. Таква работа не постои. Претходно кажав дека нема шанси да помине. Следствено само би го потенцирал моментот на присуството на НАТО кој го сваќам само како превентива во функција сочувување на мирот, а никако како потенцијална закана за северниот сосед што претставува став на овој Парламент и мислам дека по тоа прашаше не треба да се дискутира, тоа е завршена работа, веќе гласавме еднаш. Се надевам дека пророштвата на Нострадамус нема да се исполнат и 1999 година, нема да биде година на Апокалипсата и Арнагедон, како што пишува во своите центурии или стихови. Како судир како што тој го нарекува меѓу источниот и западниот цар, а поттикнати од третиот антихрист.

На крај само би порачал арсеналот за големи државни идеи извлечени од некои самобендисани типови не се добредојдени на Балканот. Таквите идеи водат само кон една работа-војна, која не веру-вам дека ни еден нормален човек не ја прижелкува.

Краток бев, јасен, концизен.

Благодарам што ме сослушавте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Флоровски Александар.

Збор има г. пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господа,

Се псотавува прашањето дали е потребна оваа седница. Всушност оваа точка за која расправаме втор ден. Јас мислам апсолутно да. Зошто го поставувам ова прашање.

Затоа што имаше обиди да се постави точка на дневен ред но таа да помине речиси формално, но некои настани потоа покажуваат дека некој не сака да има вистинска расправа по ова прашање. Од што е мотивиран тој пристап? Формално да се разговара за ова прашање. Некој мислел да не се распламтуваат страстите во врска со вакво чувствително прашање. Да не се каже нешто на оваа седница од овој Парламент, од овие луѓе нешто што на некои партнери на РМ нема да им се допадне, да не настраниме стратешки ние пратениците па да направиме некакви штети за државата македонска, бидејќи некои луѓе од извршната власт мислат дека само~тие ги знаат или препознаваат стратешките интереси на РМ.

Има и други помалку навредливи мотиви за  одбегнување на расправа на Парламентот по некои прашања вклучувајќи го и ова или за чисто формално минување на прашањата и тоа на многу важни прашања на многу важни теми.

Прво, да не и  се даде шанса на опозицијата да поентира по некои чувствителни прашања, тоа е стар мотив и важи за сите партии што се на власту тоа го имавме веќе видено и во сите претходни периоди наше искуство, а веројатно не е само наше искуство .

Второ, да не се создаде прилика за тестирање на односите помеѓу коалиционите партнери , бидејќи однапред се знае дека има судир на ставовите ИЈШ интересите помеѓу одделни коалициони партнери и затоа нема денеска и минатиот пат уште партијата за Демократски просперитет на албанците. Затоа имаше предлози Глигоров и Георгиевски да информираат, а само по еден од групите да ги изложи ставовите   на своите пратенички групи и тоа на начин да не брануваме, да не тумбаме што се вели  , да внимаваме со подигунувањето на тоновите и страстите. За среќа да речеме не се прифати тоа и покрај тоа што претседателот на Парламентот имаше голема желба да им угоди на некои луѓе  , па на тој начин се направи малку конфузија и штета на Парламентот кога се договаравме на КОЈ начин ке се расправа, дали ќе се расправа денес дали утре и тн.

Денеска имаме нов дополнителен момент дека некој не сака да се водат расправи јавно, демократски, бидејќи еве денеска сме информирани дека телевизијата од овој момент воведува нова шема баш од овој момент, па нема пренос. Претпоставувам дека не знае ни претседателот за тоа, незнаат ни пратениците за тоа  , за Парламентот евентуално да ја сообрази затоа што членовите на Парламентот не говорат сами заради себе, говорат заради министрите, говорат за новините говорат за јавноста, говорат за своите избирачи и сето ова вкупно едноставно не е добро за Парламентот, не е добро за дигнитетот на оваа институција и никој не е поважен во државата од Парламентот на РМ и додека тоа не го научиме, нема да ја научиме демократијата, процедурите во нашата држава и нема да бидеме продуктивно оптешство.

Затоа повикувам сите заедно да го браниме дигнитетот на Парламентот заедно со претседателот на Парламентот во кого не се сомневам дека има намери да го брани дигнитетот на овој Парламент инаку зошто сме ние пратениците овде ? Кукли. Некој да дојде да ни ги соопшти ставовите, да си замине, а потоа не е важно воопшто што мислат членовите на Парламентот, а овој Парламент ги бира сите тие луге, овој Парламент е контролниот механизам , овој Парламент е законодавното тело и тн.

Сакав ова да го кажам на почетокот и мислам дека треба да извлечеме инаку бадијала сме членови на Парламентот. Никој и ништо нема да бидеме , ништо нема да значиме и ние нема да влијаеме на тековите во РМ, а должни сме, избрани сме затоа. Дали е сепак добро замислена оваа седница? Кога веќе почна да се одржува и некои предлози, реков и покрај добрата волја на претседателот  да угоди на повеќе личности не беа прифатени, дали е добро на ваков начин да се расправа по оваа точка на дневен ред апсолутно мислам не, а јас денеска говорам иако не би требало да говорам, би требало да про-тестирам затоа што еве има некои министри овде ги почитувам заради вас овде како колеги всушност говорам и за некои медиуми кои си го одработуваат лебот чесно на оваа сеница.

Не е добро. Не е добро затоа што е отворена расправа, иницирана преку излагањето на премиерот потоа ќе го слушаме излагањето на претедателот, меѓутоа, нема заклучоци по кои треба да се сублимира мислењето на овој законодавен дом и ми се чини дека ние расправаме заради некаков тренд овде  говорнички, од тоа нема фајда, а некои аргументи што ги слушам наводно дека биле усвоени некои заклучоци на 24 март, тоа е денот кога всушност започна нападот на СРЈ и дека е тешко, невозможно е пратеничките групи особено од коалицијата да се усогласат по некаков заеднички документ. Ете, токму

заради тоа еве ќе расправаме и нема да заклучиме ништо како Парламент а министрите ако слушаат или неслушаат или колку што слушаат Владата тие како самопослуга ќе си земат што им се допаѓа што не им се допа-ѓа, а во тој случај повторно се разбира е суспендиран Парламентот како највисок државен орган на РМ.

Било кој од овие аргументи да е во прашање расправа заради расправа, расправа без завршница не е добра и од тие причини мислам дека вакви работи не треба да ни се повторуваат. Ако е во прашање аргументот веќе биле усвоени ставови на 24 март по истото прашање проблемот е помал, треба да видиме дали тие ставови се остваруваат или дали ја одразуваат ситуацијата по нивното усвојување од моментот на усвојување до денеска. Лично мислам дека треба нивно дополнување обновување, затоа што сите знаеме какви нови состојби настанаа ако не друго барем по интензитетот и ако заклучоци не се предлагаат, не се предвидуваат поради втората причина заради тоа што наводно ќе немало консензус помеѓу коалиционите партнери, тогаш работата е исклучително загрижувачка, крајно загрижувачка. Имено, ако по такво прашање коалицијата на власт или Парламентот или ние сите во целина неможеме да предложиме и усвоиме заклучоци затоа што еден субјект од мноштвото политички субјекти во Парламентот не се согласува, тогаш како ќе функционира државата, го поставувам прашањето. Ако некој смета дека заклучоци или било каков вид на завршница од расправата по било какви, а уште помалку по вакви прашања неможе да има овој Парламент, тогаш нему или ним им го поставувам прашањето по кое слово од Уставот во Парламентот во РМ дефакто го вградуваат , вклучуваат, вметнуваат одлучувањето според принципот на консензус, а не според квалификуваното или релативното мнозинство како што бара Уставот на РМ. Всушност дали не тргнал некој на таков начин да го демонтира уставното уредување на државата и без измени на Уставот? Значи, на оваа седница по ова прашање поради состојбите околу и во државата поради познатите настани и проблеми, расправата по точката треба да заврши со определени заклучоци, ставови, препораки, апели , но некое финале е потребно за да се слушне што мисли Парламентот на РМ за овие состојби. Еднаш расправало, се слушнало , но потоа се случиле многу нешта за кои повторно треба да расправа овој пратенички дом. Ако расправата нема таква завршница, тогаш ефектите од седницата ќе бидат само негативни, спротивни на очекувањата на предлагачот. Наместо плодотворна расправа ќе имаме само некакви џамкања помеѓу себе наместо смирување на јавноста ќе имаме вознемирување , затоа што расправаше Парламентот, но зошто расправаше ќе се прашува таа јавност. Наместо охрабрување на државните органи за поефикасно спроведување, справување со проблемите, може да настане нивно обезхрабрување, а ние сакаме да ги поддржиме во овие важни моменти државните органи поуспено да си ги извршуваат работите во интерес на РМ . Наместо позитивен ефект врз меѓународната јавност скриеме некои тонови можеби што нема да им се допаѓаат на дел од таа меѓународна јавност. Наместо поуспешна кристализација на државните интереси што е примарната задача наша, ќе имаме едноставно замаглување на патот на кристализацијата , доаѓањето до тоа што е државен интерес на РМ ќе имаме конфузија во определувањето на тој државен интерес.

За да стигнеме до сеопфатни заклучоци, ставови и препораки нужно е, по мое мислење, да се потсетиме на заклучоците од 24 март да видиме едноставно кои од нив се адекватни за најновата ситуација која настанала, бидејќи нема ништо вечно.Да видиме кој од нив едноставно се тие кои се добри и по кои треба да продолжиме сите ние државните органи.

Второ, да ги оцениме настаните по 24 март што е можно попрецизно, новите моменти кои бараат огласување на Парламентот и утврдување ставови и мерки кои се соодветни на тие нови квантитативни и квалитативни промени во оваа хуманитарна катастрофа на Балканот.

Што е најбитно во Заклучоците од 24 март? Јас не присуствува; на таа седница и сакам да кажам дека за мене е апсолутно прифатливо кризата на Косово да се реши по мирен пат, така велат тие заклучоци тогаш, ама кризата не започна да се решава по мирен пат, започна но се влезе во нешто друго.

Второ, територијата на РМ да не се користи за офанзивни дејствија против било кој сосед.

Трето, Владата да покрене разговори за формите и начинот на обезбедување на потребната економска помош, поддршка што треба да и се даде на РМ. Зборувам за 24 март.

Четврто Владата на РМ да се ангажира во заокружувањето на правната рамка за престојот на НАТО силите, мисијата, дејствувањето во и од РМ.

Тие се најбитните според мене. Што се случи по 24 март? Што сеуште се случува наложувајќи видоизменување на некои од спомнатите заклучоци и вградување на нови, а се разбира потврдување на дел од веќе усвоените.

Прво, воените дејствија станаа разорни. Србија економски е девастирана, опустошена. Со сите рефлексии врз целиот регион. Логично со огромни економски штети и врз нашата држава, огромни. Сите бројки се од ракав ирелевантни кои ги слушаме и неверувам дека има бројка соопштена или анализа или претпоставка која се доближува до вистинската штета врз РМ.

Се случува немилосрдно рушење на цивилни објекти и се поголем број на цивилни жртви.

Второ, таа ситуација под а) се користи и под б) произведува одамна претпоставен не изненадувачки , не збунувачки, невиден бран бегалци , несовладлив за нашите капацитети и покрај сета хумана расположба на граганите на РМ. Македонија и Албанија се преплавени така што прашањето поради што се случи и случува овој егзодус тие депортации , тие реки од човечки збегови односно дали поради тоа што НАТО бомбардира како што некои велат или дали поради тоа што Милошевиќ ги, депортира тие граѓани на СРЈ на Косово, заради последиците за нас стануваат чисто теоретско прашање, туку ние сме справени едноставно со последиците независно од тоа дали се од овој или оној мотив призведени тие избеглички движења.

Трето, се случуваат антинатовски демонстрации после 24 март демонстрации кои за виновник го прогласуваат НАТО, нејзините водечки членки. Огромен број македонци во етничка смисла на зборот и некои други освен етничките албанци или главниот број од нив сочувствуваат со српскиот народ и во овој случај не помислуваат на Милошевиќ како еден од виновниците.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Убава е реториката да се каже дека ова не се антинатовски демонстрации, туку антивоени демонстрации и јас би сакал тоа да го кажам. Се разбира, дека е тоа не е невистина во извесна смисла, но дами и господа, демонстрантите ги нападнаа Американската амбасада Германската амбасада и други водечки членки на НАТО алијансата, со што покажаа кои мислат дека се виновни. Барем, тие што демонстрираа и, се разбира, не е страшно НАТО и Европската унија, по мое мислење, да знаат што барем кај еден дел од населението на Република Македонија се мисли за таквиот начин на решавање на кризата. Јас со ова, можеби кај некого ризикувам да бидам прогласен за антинатовски и антиевропски определен, ама јас сакам да говорам, за тоа не ми е гајле, сакам да говорам за она што мислам дека е факт, а факт е дека овие напади произведоа такви чувства кај еден добар дел граѓани на Република Македонија и ние тоа не можеме да го прикриваме, не можеме да ги ставаме главите во песок да велиме дека тоа не е така, туку нешто друго е во прашање. Бидејќи, на тој начин нема да ја определиме правата терапија, нема да кореспондираме со вистинските пристапнички интереси и нема да влијаеме на јавното мислење врз неговата канализација кон тие интереси за кој што сме длабоко убедени дека се интереси на Република Македонија.

Четвото, се направија и се прават обиди и Македонија да се инволвира во директните судири. Подолго време се прават тие обиди и во последно време се интензивира. Се активираат познати јатаци средини и поединци за запалување на дестибилизирачкиот фитил на Република Македонија. Тоа не можеме да го гледаме и да кажеме состојбата е мирна и нема никакви опасности за РМ. Најчесто се ползува панславистичката и правохристијанската генетика и припадност, што е лакмус и Вие добро го знаете сите без конкуренција за корисниците на методите на специјалната војна. Наведеново се храни од другиот вид собирање кое што се случува во РМ, од другата линија на поврзување, браќата по род албанци, браќата по род муслимани, кои и тие, како и господин Милошевиќ бараат да живеат во една држава. А, неискусниот премиер на Албанија не успеа да го сокрие тоа со неговата скандалозна изјава дека Голема Албанија е процес што тече и ние тоа треба вака мирно да го сушаме без некаква реакција и некој да дојде овде од говорницава и да каже, бидете спокојни, тоа не значи ништо. Значи и тој премиер на Албанија не е ништо. Всушност тој е премиер на Албанија и ние го почитуваме како премиер на Албанија и како прва личност кој што ја води политиката на Албанија. Тоа се шеми и концепти кои се плетат околу нас, а ние велиме ситуацијата

е мирна, ја контролираме итн. Да, уште не е таква каква што би можела да биде. За среќа се уште е добро но треба да бидеме подготвени на сите нешта.

Шесто, ни се случи уште еднаш на дело да ја видиме себичноста на развиениот свет и не стеснувам да го кажам најотворено и најдиректно тоа и двојните аршини на тој развиен свет, кој што ги промовираат за исти нешта. Едни кога од други бараат да бидат хумани, бараат од нас да бидеме хумани, други кога тие треба да покажат, други аршини кога тие треба да покажат хуманост. Затоа што, и кога се обидуваат да ја купат хуманоста, тие пари ни од далеку не се доволни за да ја купат, иако вулгарно звучи да купуваш хуманост.

Според тоа, старите заклучоци и новите состојби по нив нови според интензитетот, и нови затоа што манифестираат и други квалитативни појави, по мое убедување, бараат во Парламентот по завршување на расправата да ги преоцени, да ги дополни, да ги доизмени, да подготви некоја препорака нова, некои акценти да апострофира нови, кои што ќе ги упати до јавноста, домашната и меѓународната јавност, до Владата на Република Македонија, подржувајќи тоа што мисли дека треба да се поддржи. Во таа смисла јас сакам да кажам дека мислам дека е важно следното.

Прво, итно запирање на војната што се води во соседството. Со тоа, ниту може некој да не определи дали сум за овој блок или за оној блок, туку војната итно да запре и тоа треба да биде барање и на овој Парламент и на отпочнување нови преговори за решение на кризата на Косово. Притоа, треба да останеме на ставот дека за нас е неприфатливо ниту едно решение со кое што се крши принципот на неповредливост на границите и територијалниот интегритет на постојните држави, во случајов во регионот, а тоа треба да важи во Европа и треба да важи за секаде. Ако се влезе во тие авантури, се разбира, тоа нема да биде добро за Република Македонија и за никого на Балканот, а сигурен сум и во Европа нема за никого да биде добро.

Продолжувањето на војната произведува голем број губитници. Албанците било како да не сватат на Косово доживуваат огромни жртви и страдања, поради што нивните водачи имаат огромна причина да размислат за начините на борбата за остварување на, според нив, закинатите човекови права односно да размислат за нивната лична вина за овој пекол во кој што се наоѓа Србија и во кој што се најдоа тие.

Понатаму, Србија и српското раководство, затоа што тие и направија на својата држава народ, економија со своите концепти од 1988 година па наваму. И, тие се големи губитници во сето ова. Членките на НАТО алијансата, кои без правна основа или сомнителна, најблагоречено правна основа, се решија на чинот што го остваруваат со што отворија бројни и други прашања за меѓународниот поредок и идната безбедност во Европа и светот. И тие се, сигурен сум, губитници во сето ова, без оглед што нечиј концепт може повеќе да помине или помалку да помине, затоа што отпосле ќе следат голем број анализи за сето што е сторено. За жал, и Република Македонија е губитник, која што во сето ова е вметната не по прв пат во историјата без никаква вина.

Второ, да се издржи на ставот од територијата на Република Македонија да не се вршат напади на било која соседна држава. Македонија треба да издржи на тој став. Премиерот навестува и други тонови под определени услови. На пример, ако Македонија била членка станала членка на НАТО алијансата. Но, мислам лично под никакви услови Република Македонија не треба да го промени тој став и од територијата на својата држава да дозволи атак врз друга соседна држава. Ако сака некој да не прими во НАТО со таков став, ќе не прими. Ако не, ќе измислува безброј други и нема да не прими во НАТО алијансата. Мислам дека на НАТО му правиме големи отстапки и сакаме да бидеме таму и тоа треба да биде нашата стратешка ориентација, но ние поинакви ставови во врска со ова прашање не треба да имаме.

Трето, да се бара правна рамка за регулирање на статусот, мисијата правата, тоа е вградено во претходните заклучоци и тоа треба да продолжи, а претпоставувам дека Владата работи на тоа прашање и можеби ако сега нема резултат, во наредниот период ќе има некој резултат во врска со тоа прашање.

Четврто, останува да бараме и економска помош, што веќе го прави Претседателот на државата, премиерот и целата Влада. Ги слушаме сите тие изјави секојдневно, Но, да кажеме дека како Парламент, или јас еве лично да кажам, дека нема пари што можат да ја надоместат штетата од оваа војна и дека тоа што и се нуди на Република Македонија, особено таа што конкретно резултира, барем до сега,

поблиску е до безначајноста, отколку до некаков вистински компензационен ефект. И од оваа седница треба да се изрази незадоволството на Парламентот од меѓународната заедница, иако сакаме идилични односи да градиме, да бидеме фини, да не ги лутиме да не примат во Европската унија, да кореспондираат во меѓународните кредитни институции со Македонија и тн. меѓутоа, ние мораме да кажеме дека ние сме задоволни од тоа што го прават за Република Македонија ако сметаат дека Република Македонија навистина таа централна точка на стабилноста на Балканот за каква што се изјаснуваат во безбројните посети овде кога доаѓаат во република Македонија. Тешко е дека може да се проценат загубите од осакатениот извоз, кој што ќе се случи и веќе се случува во РМ. Од одвратените инвестиции за кои што се надевавме дека секој ден ќе почнат да доаѓаат во РМ. Од затворените капацитети кои веќе се затвораат во РМ, заради сета оваа ситуација. Штетите од новоотпуштените работници, од загубената човечка супстанца, затоа што ако во Македонија некој се доселува, некои други луѓе се иселуваат. Се иселуваат квалитетни одважни луѓе. Никој не може да го надомести со пари способниот човечки материјал, кој што ја напушта или ќе ја напушти Република Македонија, заради вкупната регионална политика која што ја водиме ние или ја водат некои други повеќе или помалку. Мостовите во Србија и мостовите на Косово се мостови и на Република Македонија. Железниците во Србија, се железници и на РМ. Затоа што, по тие мостови и железници поминуваат нашите луѓе, нашите камиони во коресподенција со таа држава, со другите европски држави затоа што до сега кукавме дека имаме само еден магистрален пат север  југ, треба да градиме исток  запад. Значи тоа се и наши мостови. Па, тие, исто така, се рушат со сите видови оправдувања за да се присили на ова или она господинот Милошевиќ.

Трето, бројот на бегалците во РМ му се допаѓало тоа некому или не, тоа не зависи од личната желба, од хуманоста во дадениот момент. Мора драстично да се намали тоа од хуманитарни причини драстично да се намали. Спротивно од некои други што велат од хуманитарни причини нека дојдат во Македонија, 200, 300 или 500 илјади бегалци, јас велам од хуманитарни причини треба драстично да се намали бројот на бегалците во РМ. Зошто? Република Македонија не може да издржува ново население плус пед до десет насто од нејзиното население од досегашните економски потенцијали. Не може да го издружува тоа население. Помошта ќе доаѓа и ќе видиме колку ќе опфати сето тоа. РМ не може да добие нови десетици илјади претенденти на и онака отсутните работни места. РМ не може да ги зголемува и онака високите трансфери, социјални трансфери во Буџетот на Република Македонија за вакви потреби. Не може да ги зголемува и тие луѓе овде ќе доживуваат мизерија, разочарување и сите несакани ситуации кои што ќе произлегуваат од таквиот начин на недостоен живот.

Во отсуство на решение за овие проблеми ќе растат, бидете уверени, тоа треба да го знаат македонците, албанците и турците и сите во Македонијиа, ќе расте криминалот, ќе расте корупцијата, ќе расте беззаконието, ќе расте проституцијата, ќе има многу, многу разочарувања, и разочарани семејства албанци денеска кои се во Македонија, затоа што ќе бидат изложени на многу, многу непријатни ситуации ако државата не е способна да одговори со економски, социјален колач за нив. Тогаш, ќе дискутираме за некои други состојби, како повторно некој не може да издвои или не сака да издвои.

Не бараме тие лица да не бидат згрижени. Ни на крај памет лично мене таква работа не ми паѓа. Да бидат згрижени, но грижата мора да ја преземат НАТО членките и Европската унија пред се, па и некои соседни држави. Затоа, на оваа седница Парламентот треба да изрази незадоволството од бавното преземање бегалци од Република Македонија. До вчера само седум илјади луге. Некој денес дискутираше за коридорот и дека тоа било решението и било штета што било пропуштено да се направи така или некој пропуштил. Сакам да ви кажам дека тоа може сега да биде прашање за префрлање на вината од едни на други Коридорот на господинот Глигоров беше прекрасна идеја, ама немаше да се реализира. Зошто не можеше да се реализира? Затоа што за да се реализира концепција на коридор, треба пред да се случи оваа катастрофа, ваква катастрова некои држави да прифатат дека ако се случат толку и толку бегалци, во таква и таква ситуација, ние ќе примиме по толку и веданш ќе се знае каде ќе бидат упатени. Можно ли е тоа некој претходно, сега не ги прифаќаат бегалците, па претходно да ги прифатат. Но, е, господине Нано, ако им ги однесеме на границите таму, па СИ ЕН ЕН дојде да види дека тие не

примаат бегалци, а бараат од нас максимална хуманитарна широчина, тогаш нека констатира светската јавност дали тие се во функција на решавање на проблемот или во префрлање на проблемот во кој што учествуваа и тие во неговото создавање.

Надлежните државни органи да ги преземат сите мерки за контрола на територијата на Република Македонија. Тие преземаат, се разбира дека јас со ова не сакам да кажам дека не преземаат, но ние сакаме да им дадеме полна поддршка, комплетен пас од Парламентот, да ги охрабриме, енергично да ги преземаат тие мерки, со што ќе бидат отстранети сите можности во РМ да функционира ОВК или било која друга вооружена граупа. Сакам да ја имаат нашата поддршка во целост тие органи. Сакам да изразам спремност јас, претпоставувам и мојата партија во целина дека сме подготвени да гласаме и за нов Буџет и за повеќе средства и за повеќе безбедност за тие луѓе што учествуваат во сето тоа,прашања што сме ги покренувале порано како партија и во претходниот Парламент и сега во овој Парламент. Контролата на границата со Југославија и Албанија мора да се зголеми и секој мора да води сметка за своите државни интереси, за својот капацитет, за пропусната моќ, во спротивно не сме држава. Во спротивно ќе имаме повеќе проблеми, па нека се лути кој сака во врска со тоа прашање и нека го квалификува како сака тоа прашање како однос не коректен наводно на РМ.

Да се установи прецизна евиденција на бројот на бегалците што ние, за жал, ја немаме. Тоа да се види и во камповите и во семејствата и прецизно да се евидентира и почитува редот на нивното однесување, за да не се случуваат после низа девијантни социјални ситуации, за кој што ќе мораме ние да се критикуваме или да велиме кој е одговорен што се случиле во Република Македонија.

Да се разгледа дејствувањето на бројните хуманитарни организации и да се констатира дали некој од нив се во шемите на политичкото дејствување спротивно на хуманитарната дискусија и спротивно на државните интереси на РМ. Од мене алично таквата поддршка државните органи ја имаат толку колку што вреди, еве, таа лична поддршка на Гошев.

Собранието уште еднаш ја потврдува ориентацијата на Република Македонија за зачленување во Северноатлантската алијанса и Европската унија и добро е што Владата на РМ врши засилени активности во таа насока. Значи, за разлика од некои, мислам дека и сега мора да се притиска на тоа прашање. При тоа, под импресија на незадоволствата кон НАТО, познатите разни филства и анимузитети на овие простори,би сакал да го кажам следното во врска со ова прашање, кое што мислам е од голема важност за Република Македонија,

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Прво, не можеме да се лутиме на луѓето што сочувствуват со состојбите во Србија или Југославија. Не можеме да им се лутиме за тоа без оглед колку од нас има, ако има анимузитет кон народ, кон народ никогаш не треба да се има анимузитет. Може кон политика, кон власт, кон властодршци итн. Имаат тие луѓе свои блиски по крв, имаат свои децениски пријатели, имаат своја економска егизстенција од нормалните и природните врски кои што не упатуваат. Знаат дека со соседите не треба да се караат, а уште помалку да војвуаат, иако кавгите најчесто со соседите бидуваат, ама луѓето знаат дека тоа не е добро. Знаат природно дека Брисел е подалеку од Белград и едноставно тоа не може да им се исфрли тоа надвор од душата на тие луѓе. Затоа тие така манифестираат. Инстинтот едноставно ги тера да се збираат врз критериуми на поблиски култури и кодови, што можеби не е добро, ама ете така е природа е над човекот и не може да се измени тоа. Значи има безброј аргументи, да ги разбереме тие реакции и да не им судиме така лесно и еднострано, а се разбира, неможеме да ги прифатиме оние ситуации на рушење, кршење итн. Но таа манифестации, тој излив на чувства е сосема природна работа и сизиф ова работа би била ние да се обидуваме да ги оперираме луѓето од сето тоа. Но сите ние овде во РМ мора да бидеме многу внимателни, одбирајќи ги нашите стратешки ориентации, кои треба да се раководат пред се, од нацконалните државни интереси на РМ. Ако тоа го имаме предвид, ако сакаме да не ни се замаглува патот на остварувaето на нашите стратешки државни интереси, ние секогаш треба да си го поставиме прашањето, или да си ги поставуваме прашањата покрај акцептирањето на сето ова штл го зборував.

Прво, зошто Македонците толку долго не можеа да имаат држава. Кој се противел историски на тоа, поради кого не сме дошле порано до наша сопствена држава, кога говориме за нашата стратешка ориентација. Каква била улогата на соседите во спречувањето или создавањето на Македонската држава. Каква била улогата на тие што го бенифецирале

Букурешкиот договор и на тие денеска што го сочинвуаат НАТО према ЕУ итн.

Второ, какви беа ставовите на соседите и на тие од групата 6 Англија, Франција, Америка, Италија итн. и тие од ЕУ од 1991 година наваму во тешката битка за прифаќање, признавање на самостојноста на РМ како држава. Такви беа ставовите, особено на некои соседи. Кој ни помогна во раа ситуација и која ориентација ни помогна, сепак Македонија да стане самостојан држава.

Трето, да размислиме дали стигнавме до членството на ОН ако немавме поддршка и од тие против кои на пример со поголемо или помало право некои луѓе огорчено демонстрираат, идентификувајќи ги како главни и претежни виновници во сегашната хуманитарна катастрофа. Значи мораме сето тоа да го имаме во вид, да го почитуваме ова претходно што зборува за чувствата на луѓето. Да го имаме сето ова во вид и да процениме навистина за стратешката ориентација на Македонија дали треба да се менува или не треба да се менува, а ја с лично мислам дека не треба да се менува, иако до крај буквално никому не му верувам, но затоа пак секој чекор на сите мора постојано да му поверува и да се оценува. Значи оваа ориентација кон Северноалтанската Алијанса, кон ЕУ, заради сето ова не смее да биде доведувана до прашања.

На господинот Георгиевски сакам да му порачам да не дозволи Владата или тој да не бидат заложници на било кој член од коалиционите партнери, на сметка на државните интереси иако тоа не го дозволува ние сме секогаш за поддршка на таквиот став, без калкулација по националните и државните интереси на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со расправата.

Јас мислам навистина денеска да ја завршиме расправата и предлагам нешто друго, шефовите, односно координаторите на пратеничките групи ќе ги задолжиме, доколку се согласувате, врз основа на целата оваа расправа, а имаше многу идеи и веројано ќе има и уште многу идеи бидејќи имаме уште 9 дискутанти, а ние ќе работиме и утре и задутре да седнат, да направат една синтеза врз основа на нови заклучоци или препораки што ќе ги донесе ова Собрание и по тие да расправаме и да ги усвоиме. Тоа не ни пречи ништо тоа да го направиме. Но затоа денеска барем да ја завршиме расрпавата. Затоа молам сите останати 9 дискутанти ако е можно пократко да дискутираат.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, Информацијата за безбедносната состојба во РМ, како што гледам предизвика кај пОшироката македонска јавност голем интерес, поради многу полемики, разномисли кои ете ги имаме и тука. Ако Парламентот како највисок парламентарен дом од тој аспект го погледнеме, тогаш можеме да кажеме дека е добро што имаме вака опширни расправи, кои ги зафаќаат сите можни аспекти на состојбата во кој што Македонија денес не по своја вина се наоѓа всушнсот, дискутирањето на вака важни прашања за Македонија е нашата приоритетна цел. Но правата работа што се наметнува како неопходна да се каже е секако дека од оваа говорница не треба да говориме се и сешто, употребувајќи зборови ги негуваат дополнителна несигурност и несигурност кај граѓаните. Тука беа спомнувани локаосци, логори, терор, фашизам, предавства. Нели е нормално после вакви зборови народот, граѓантие да почувствуваат страв. токму затоа не треба да ги кажуваме тие зборови. Не затоа што не се вистините. Меѓутоа, ттреба да ги мериме. Вез разлика дли сметате вие дека се вистинити. Одозгора на непрограмите зборови слушнавме и хипотези од типот што би било кога би било, што само ни ја зацврстува убеденоста дека може би и не е се толку случајно кажано тука. Се отиде дотаму дури да се говори за мировна конференција во влиска иднина на која ќе се одлучува за нови држави и нови граници. Тоа го кажа вашиот претседател на партијата. За кои држави и за кои граници треба да се прашаме. Тоа е уште еднаш наметнување на страв. Навистина анализата на политичко безбедносната состојба покажува дека ова се тешки моменти за РМ, за сите нас, дека е загрозена безбедноста и економската стабилнсот. Опасносите со кои се соочуваме не попречуваат да спроведеме реформа на Македонија. Тие се очигледни, нема потреба да ги повторуваме. Многу дискутанти ги кажаа, сите ги знаме и чувствуваме. Од новата состојба се поставува прашањето дали ќе најдеме сила да се надминеме.

Дали опозицијата ќе најде сила да се надмине. Таа навистина не беше гласна во првите денови од кризата, се до моментот кога премиерот ја поднесе Информацијата за активностите на Владата, околу Косовскиот проблем, односно кризата со бегалците. Оттогаш имаме друга слика. Одеднаш сега некој ни зборува меѓу

другото, меѓу сите овие проблеми што ги имаме, посебно околу безбедносната ситуација, за персонални промени, за Буџетот, за клиниките, за чиски, за несериозност, за некакво бегање од сопствената одговорност. Инаку слушнавме за паравоено организирање, за распад на државата, нефункционирање на системот итн. После таквите дискусии , морам да констатирам дека никако не се заборава партискиот маркетинг во кој што во вакви кризни ситуации се користат за ситни дневно политички потреби.

Сега го добивме материјалот од Пратеничката група од ПДП па малку да го изанализирам ако ми дозволите. Само точакта 5 каде што велите дека Владата треба да престане со раселување на протерани лица од Косово надвор од РМ и да превземе мерки за подобрување на условите во кампините и прифатни центри во РМ. Од друга страна СДСМ цело време овдека ни зборуваат за коридор и во минатите расправи што ги имаме. Јас добро се сеќавам дека минатата Влада овие две партии ја сочинвуаа и ја носеа,а овие се контрадикторни ставови. Да се навратиме на ставовите на минатата Влада. Во што да веруваме дека сте разговарале за коридор, коридор или дека нема воопшто коридор и дека имаме само политички маркетинг. Значи вракајки се на дневно политичктие потреби, мислам дека ова не е време што е погодно за тавки потези. Ова е време кога сите да вложиме напори да се надминеме. Сите ние треба да сме за Македонија. Мандатот ни е даден токму за тоа. А јас ве уверувам дека ВМРО е за Македонија. И навистина е повеќе декласирано некој постојано да повторува дека ги распродаваме националните интереси, или пак дека од друга страна сме не знам колку и колку сме неконпетентни. Кои колку национални интереси се распродадени е прашање за друг пат, може да дискутираме за тоа, а исто така и за компетнецијата, односно, колку беа копотентни што го докусурија она што вегетираше многу наназад како национално битие во Македонија.

Уште еднаш ќе повторам. Да не одиме веќе со тие тврдења дека институцијата не функционира на системот, бидејќи во исто време веднаш се прашуваме што ни остана од тие институции во системот. Дали се секаваме што ни остана. бидејки промената на власт, иако некому му се чини многу далечна беше, беше многу брзо пред три,четири месеци. Сето тоа настрана. Сега вртиме друг лист. Ова е Нова Влада.

Дами и господа,оваа Македонија треба да ја имаме од Табановце до Гевгелија, од Берово до Дебар, а јас воопшто не се сомневам дека таква треба да ја имаме. Ние едноставно не смееме веќе вака да зборуваме. Особено не да зборувам едозволувајќи со нашите зборови донесуваме и понатаму, конфузот, страв, и дезиорентираност во националжното битие. Многугодишното сечење на духовните корења, сега едноставно мора да престанат. Ова се денови на искушение на сите нас. Искушение можеби и поголемо од 1990 година. Ние едноставно не можеме и понатаму да толерираме ерозија и опаѓаше. Не можеме да си дозволиме неодлучност, апатија и слабост. Пред корозивните сили кои што работат против нас, против Македонија, одвнатре и однадвор. Специјалната војна која се води против Македонија, никако не смее да значи дека Македонија ќе ги менува своите врвни политички приоритети. И не ги менува. Сега одлучуваме кој пат е подобар за нас и нашата земја. Вистинскиот пат е ибзран. Ние нема да ја менувам есвојата ориентација. Уште еднаш повторувам. Нашиот избор не само што е од значење повеке за нас, туку и за целото наше опкружување, а и за Европа, која што е концентрирана деновиве тука, со нивниот интерес. Нашиот пат ќе мора да го следат сите. Или ќе се собереме сите единствено околу тоа, или ќе се најдеме на дното на Балканскиот лонец. Овој пат не постои середина. Пасивноста, конфузијата, апатијата ја бараат својата замена со оптимизам и надеж. Македонија нема да престане да се надева. Јас не престанувам да се надевам. Тоа е предивзик доволно голем за секој политички ангажман. Не само нашиов проблем од војната во Косово и бегалците, туку и сите остнати активнсоти што ги направи досега Владата. Погледнете низ призмата на претходно реченото. Ако ме следевте. Залсужуваат почит и будат нацеж дека нема да се откажеме од она што сме го заслужиле, ние и сите претходни генерации, а во името на наредните генерации, Македонија.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, минситри,Навистина присустуваме на една богата дебата и тешко е да не се повторуват некои работи, јас ке се обидам да не повторувам некои работи во моето излагање, иако имам забелешки дека господата од власта повеке се занимава со

експозето на Бранко Црвенковски, одколку со вистинската проблематика, односно безбедносната состојба на РМ. Мислам дека треба да ги фокусирате проблемите токму на тоа бидејки не видовме концепт што размислувате за сегашната состојба.

Во таа насока, би се обидел но најмалку три причини да појдам од мојата дискусија, со оглед дека знаеме дека Македонија по војната акција на НАТО во Косово делуваше збунето, уплашено, без комплет една држава која знаеме дека е мошне хетерогена по разни основи.

Од друга страна, дебатата која ја следиме и која се појавува во разните медиуми, покажува една недоволно мобилизираност и на нашата интелегенција и на нашите политичари, со исклучоци нормалн некако немаме вистински одговор каде се тие евроатлански врдности, бидејки, еве слушам и денеска од неколку наши клеги, ем сакаат, ем не сакаат, ем се определуваат за она што е евроатлански вредности, а од друга страна ќе кажат нешто друго, што можеби е и разбирливо и ќе го објаснам зошто.

Трето, какви пораки треба да испратиме одовде и какви визии и што очекуваме од целата оваа криза. Јас овие настани на Косово ги гледам од две нивоа. Едно локално ниво, односно, како судир на две концепции. Едната концепција која се потхранува од земјите кои што сакаат Косово да стане независна држава, односно сметаат дека сегментацијата на Балканот сеуште треба да трае, односно поаѓаат од принципот дека сеуште, иако тоа беше дефинитивно заклучено дека наводно сите народи на Балканот имаа сопствени држави и дека тука треба да се стопира натамошната сегментација односно натамошната поделба на Балканот, односно натамошното создавање на независни држави на Балканот. Во таа насока беше вклучен и Дејтонскиот договор кој што стави точка на И. Имено сегментацијата заврши. Знаеме дека таа теза која што семта дека поделбата, односно натамошната поделба на Балканот е завршена е присутна и во ЕУ и во Евроатланските структктури и во РМ.

Од друга страна чувме тези дека процесот на создавање на Голема Албанија за жал, навоедно се очекува да тече и натаму, односнс спротивната теза дека сегментацијата на балканот, односно создавање на други држави сеуште треба да продолжи. Тоа се две тези кои што сеуште се судираат во нашиот простор.

Второто ниво на судир на тези е всушнсот од еден поширок меѓународен аспект, а тоа е прашањето на хуманитарнат акатастрофа и етничкото ч истеше, односно нивоа и мотиви, заради кои НАТО се реши на интервенција на Косово. Што создаде таа интервенција. Ке се согласите дека од една страна, во однос на воената интервенција се афирмира една поларизација, една поделба на народот, по етничка основа за жал, која може да биде многу драматична, а тоа е знаеме дека Албанците, мислам на РМ и пошироко триунфално се однесуваат кон таквата воена акција.

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

Разбирливо, се работи за нивни интереси, за нивни сообраќај ит.н.

Од друга страна макеоднците , христијанското население, иако јас никогаш не размислувам во такви категории не ги одобрува интервенциите. Ние можеме да зборуваме за разни просрпски елементи, про,про, про, меѓутоа никој не може да ме разубеди дека многумина кои што живеат или кои што го набљудуваат овој настан во РМ од македонска локација не ја одобруваат таквата интервенција исто така од разбирливи причини. Да не зборувам за врските , за економските врски, за социјалните, за етничките , за културнтие, за самиот чин на живеење, за менталниот склоп и т.н. Самиот премиер рече дека 20% од нашето производство се извезува во таа држава не во Бугарија сите оние што тоа го прават, што учествуваат во тоа нормално дека се загрижени, па дури, да кажеме не од коснополитски, од еткономски причини. Рече Гошев, со секое рушеше на мостот е практично рушење на нашата економија , нашиот економски потенцијал. Со секое рушење на фабрика рушење на можноста да увезете суровина, за она што биле воспоставени одредени мостови на економска соработка.

Од друга страна ние можеме да го разбереме тоа, можеме да ја разбереме таа фоларизација меѓу етникомите, меѓутоа исто така треба да сватиме дека изливот на тоа додека има одредена граница каде можеме тоа да си го дозволиме. Навистина таа граница беше надмината и во случајов меѓу албанците меѓутоа и во случајот меѓу луѓето кои што демонстрираа и ја запалија Амбасадата, бидејќи тоа е еден голем удар на респектот и меѓународната позиција на РМ иако од оваа говорница беше кажано дкеа ние немаме никаков респект. Меѓутоа она што не се согласувам со одредени говорници е тоа што, државата покажа слабости, аа

беше неподготвена, се зборува тука за коридори и т.н., меѓутоа народот во Македонија покажа одредена солидарнсот кон бегалскиот проблем. Тоа мора да го сватите.И албанците некои го сваќаат, некои политички партии се бунат и т.н. Народот од Македонија можеше да се спротивстви на тоа, тој не се спротивстави, ја покажа својата госптољубивост, својат аголемина, иако то ане оди во негова полза. Самиот овој феномен е мошне дестабилизирачки и за Македонија, тоа беа наброени бројни елементи кои што дестабилизираат и затоа не се согласуваме со одредени критики дека се покажа одреден амонизитет кон бегалците. Напротив, тие беа примени иако ги знаеме потенцијалите со кои што државата може да стабилизира. Сега можеме да правиме разни сценарија, борци влезени од ОВК, нашата дискутабилна економска моќ, социјални тензии ит.н.

Воената интервенција во СР Југославија всушност како и секој веон настан има одреден субјект. На Косово тоа беа и сега сеуште се југословенската војска, бегалците и ОВК. Бегалците сеуште ќе пристигнуваат најверојатно незнам до кога, Југословенската војска постои како машинерија која што веројатно според своите начела и принципи, постои се подготвува и т.н. и ОВК која што наводно е разбиена и се повлече. Меѓутоа да видиме што е со другито субјект НАТО.

НАТО, за НАТО овој предизвик е пред се предизвик за неговиот кредибилитет и за иднината на Евроатланската алијанса кој овој пат е доведена на една огромна проба. Во врска со интервенцијата на НАТО е развиена широка дебата низ целиот свет особено во Европа и таму луѓето се поделени, пред се интелектуалците со оправдувашето и осудата на интервенцијата. Оние што ја оправдуваат интервенцијата поаѓаат од хуманитарната катастрофа, етничкото чистење. Оние што се против велат прво дека Европа практично умре, Европа остана без иницијатвиа, Еврош и државите европски и како индивидуални и колективни заложници на НАТО. Тоа се интелктуалци како Мац Гало, Брукнер, Режис де Бре, Шал Пасквај ит.н.

Другата жртва се Обединетите нации, институција која што во време на Горбачев покажа своја пролет, институција која што заради тој консензус им дозволи тогаш, гласаше Советот за безбедност да се интервенира во заливската криза овој пат ги доживеа најтешките моменти. Можеби е време за нејзината рекоснтрукција, меѓутоа ќе има уште два најмалку отежнителни околности.

Прво, што никаде во Повелбата на ООН Вие нема да сретнете одредба со коај што се вика на интервенција во друга држава, мислам во смисла НАТО да интервенира .

Второ, нормално е што Русија и Кина ќе се спротивставеа на таквата одлука. Значи ќе паднеше консенсузот. Сепак тоа е голем удар за ООН.

Но дали ние денеска ја разбираме евриатланската интеграција. По ова прашање поаѓам од улогата на интелектуалците, политичарите кои што мораат и на новинарите и на целиот интелектуален потенцијал што постои во РМ, кои што секогаш во такви моменти , некој рече историски моменти, точно историски моменти мораат понекогаш да мислат за неколку копја понапред пред својот народ. не смееме да се предадеме на емоциите, иако емоциите ни се во еден момент такви што сепак треба во преден план да ја ставиме безбедноста на нашата држава , нашите високи општествени интереси. Појдете од најсимплификаторното , наједноставното чувство на човекот, биолошкото чувство. Човекот кога е во криза, кога пропаѓа брод се свртува кон самиот себе си, кон своето семејство да го спаси. исто така и во овие услови кога е загрозема Македонија никој нема ,не се согласувам со тезата дека таа не е загрозена да се сврти кон Македонија, а кои се нејзините интереси.

Пред се ги кажавме негативните последици од тоа и натаму Македонија се наоѓа од една страна како меѓу чеканот и наковланата, од една страна она што велиме евроатлански систем на вредности. НАТО не е само една обична воена машинерија. За НАТО е еден систем на вреднсоти, па дури и кога го гледаме само во една машинерија. Пред се, значи транспарентност на плановите, добрососедство, Буџет кој што сите го познаваат соработка и т.н. Да не зборувам за другите принципи, како што е деморкатијата, политички плурализам, пазарно стопанство и т.н. Сите овие принципи беа прифатени и целата таква насока беше прифатена во сите источноевропски новосоздадени или така наречени посткомунистички држави. Во спротивно ние ќе мора да одиме со Белорусија и Русија. Затоа тука мислам дека треба да бидеме јасни па дури ако е овој против нашиот

моментален политички рејтинг, јас дури сум изненаден што такви заложби не чув од пратениците кои што се на власт. Мислам дека треба да биде поштено, барем кон оние вредности,бидејки секако очекуваме нешто да ќариме, велат во политиката многу е битно да се профитира , а особено настојуваат оние кои што калкулираат во такви состојби.

Инаку, интересно е да се анализира и односот на нашите соседк Очигледно е дека во таквата раздвиженост секој сосед е свртен кон сопствените интереси. Што мислите, бидејки постојано потврдуваме и повторуваме дека Македонија е фактор на стабилност, фактор што про-изведува стабилнсот дали сега ќе беа среќни и грците и бугарите и албанците Македонија да беше сеуште зависна држава, зависна Република или да беше во состав на СРЈ. Бегалците, вклучувајки не можеби и нас сите ќе бегавме во тие правци. Значи фактот што Македонија е независна држава всушност не остави ние практично да бидеме вон директната воена конфротација. Мислам дека тоа треба почесто да го акцентира особено во нашата надворешна политика. За на крај, со оглед дека многу работи беа кажани, јас исто така неколку космополитски или хуманитарни, како сакате апели, меѓутоа кои што можат да држат.

Прво, како и секој пацифист настојувам и јас иако знам дека оние од НАТО нема да не чујат, се залагам да престане бомбардирањето, да престанат воените акции. Некој може да каже дека тоа е спротивно, меѓутоа како човек сакав да го изразам тоа иако знам дека то ане може да се случи.

Второ,да се воведе бидејки веќе се насочуваат и првите сигнали повторното ревалоризирање на сликата на Советот за безбедност, тој повторно да влезе во овој конфликт во владеењето односно во командувањето, во контролата на кризата, бидјеки јасно е дека без Русија и без Кина целата оваа акција навистина девалвира.

Трето, натамошна заштита на цивилите, на цивилната популација веројатно многу поефикасно ќе се ефектуира со учеството на Советот за безбедност.

На крај како полу заклучок, сватете го како мое интимно размислување поаѓајки од некој логика, јас на пример верувам во едно сценаријо. Мислам дека архитектите на евроатланската интеграција се свесни дека независно Косово ќе доведе до големи дестабилизации на овој регион. Тие тоа го знаеа. Да не Ви кажувам зошто, веднаш ќе се јават србите од босанската федерација или хрватите, па ќе кажат ако две албански држави овде зошто таму не две хрватски, или две српски. Мислам дека така треба да размислуваме.

Втора работа, тоа е принцип кој што сметаме дека Косово нема да биде поделено. Тоа е принцип кој што бепе респектиран во двете досегашни кризи. Хрватска со Краина и Босанската федерација.

Практично АВНОЈ-ските граници останаа. И овде АВНОЈ-ските граници ќе останат, меѓутоа исто како што беше. Конечно тоа е еден можеби ментален елемент бидејки евроатланските интеграции сакаат да му покажат на српскиот народ против кого рекоа дека немаат ништо против дека остануваат за заложбите како стабилна институција, да неменуваат ништо на Балканот во смисла на граници.

Втора работа, со оглед дека се создаде едно антирасположение ќе бараат со помош или по пат на маршалови планови и т.н. да се реанимира овој дел од Балканот. Единствено што од многу дискутанти беше потекнато како дилема е што ќе биде со Македонија односно што со нејзината социјално економска иднина. Тука мислам дкеа се игра една мошне значајна, мошне значаен аргумент за сите политички субјекти во државата. Ние во периодот бевме консенсензуално и соработливи со власта, меѓутоа се случуваат работи кои што таа наша тишина ја искористија. Еве го чувме неќње министерот за образование, немам коментари навистина дали тој сака да докажеме дека имаме ние членство па да излеземе со сто илјади средношколци, службеници и т.н, мислам дека не му е коректна изјавата. Барем нека не не потценув акао не навредува. Мислам дека истите случаи пред две години кога се случуваа низ Скопските улици со многу страшни слогани, никој од директорите не беше сменет. Мислам дека минситерот треба д апокаже конечно една ширина и да ја

респектира нашта улога и нашата позиција.

И друго да ви кажам, немојте да мислите дека ако се реши да се уништи СДСМ во што никогаш не верувам дека тоа ќе биде позитивно за демократијата во Македонија, тие првите ќе реагираат. Затоа мислам дека со аземен респект гледајте заеднички да излеземе од оваа криза без никакви постапки кои што ќе ја дестабилизираат државата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Не е тука претседателот на Собранието но сметам дека ова што ќе го кажам ќе стигне до него. Имено при конституирањето тој вети дека ќе се залага и дека ќе се избори за достоинствено место и позиција на парламентот и на нас како пратеници, но се ова што се случува, еве пак само г-динот Димитров е овде, незнам ни зошто е овде затоа што јас очекувам некој друг да биде овде. Да биде координаторот на кризниот штаб, да бидат министрите за внатрешни работи, за надворешни работи, за труд исоцијална политика и сите тие луѓе кои што се ангажирани за разрешување на овие состојби. Но тоа е ситуацијата во која што сме доведени и се тоа за што се жалеше едно време опозицијата исто им се случува. Но, јас ќе продолжам за темата за која што дискутираме и ќе се обидам да побијам некои тези кои што имавме можност да ги слушнеме денеска.

Пред се по однос на генезата на кризата со која што сега можеме да кажеме дека се соочува целиот свет, а не само регионот, мислам дека никако не држат тезите кои што го обвинуваат НАТО, бомбардирањето на НАТО, акцијата преземена од страна на НАТО затоа што секој кој што со малку поголемо внимание и го следеше развојот на состојбите на Косово знае дека бранот на бегалци бавно но стандардно течеше во последните десет години и за тие што не знаат да го кажеме податокот дека од прилика и пред започнување на воените активности и на активностите на ОВК во Косово имаше безмалку половина милион расејани албанци низ Европа и низ светот. Така што ова што сега се случува е само интензивираше на една кампања која што долго време течеше.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (Продолжение)

Втора работа која треба да се има предвид е позицијата во која беше доведена целата меѓународна демократска хумана јавност во светот. Имено, таа беше исправена или да одговори на предизвиците кои непрекинато им ги упатуваше Милошевиќ, или да прифати една политика која утре или задутре може да се прелее и во Македонија и кај некои од соседите, или пак на некој друг од светот. Овој обид е да им се покаже на сите тие кои несакаат да се однесуваат во согласност со меѓународните норми, во меѓународниот поредок, да им се покаже дека такво нешто нема да помине во иднина.

Република Македонија, јас се согласувам со сите тие што кажаа дека не по своја волја, сигурно РМ не сакаше да се најде во граници со Косово и со Србија, сигурно дека не сакаше да се вовлече и во кризата со бегалците, па и со прелетите на авионите и се друго што се случува, но се случи тоа што се случи. И за жал, и покрај тоа што мнгумина пратеници од коалицијата, дел од коалицијата се обидуваа жестоко да набедуваат во спротивното, РМ, поголемио дел не го положи односно да кажам поточно претставниците на Владата, државните органи не го положија испитот по хуманост, во овој случај. Јас не се согласувам со тие што кажуваат дека во Блаце се случи концентрационен логор, дека имаше неподносливи услови затоа што тоа што се случуваше таму, верувајте, мислам дека некој и го слушнал тоа, било и полошо од концентрационен логор. Луѓето биле надвор на отворено оставени неколку дена без никаква помош. За илустрација ќе го кажам тоа што имавме можност да слушнеме цитати од некои пофални зборови на адреса на Владата, изјавата на Лекс Билклер, шеф на холандската секција на лекари без граници, кој доста пластично ја презентира

ситуацијата што се случуваше таму. Тој рече сеуште немаме пристап до бегалците, агенциите за помош имаа капацитет даи итервенираат, но не можат да влезат во регионот бидејќи тоа не им е дозволено. Популацијата за бодликавата жица исто така не може да се движи, а санитарните услови се катастрофалн. Тоа што таму се случуваше е многу полошо што се случувало во било кој концентрационен логор, се разбира, освен убиствата кои биле планирани некаде, но, овде тоа спонтано се одвиваше. Така што и покрај тоа, се разбира дека со задоцнување, можам да кажам полека но најмногу поради ангажирањето на меѓународната заедница полека таа ситуација се подобри, сепак останува горкото чувство дека нешто многу лошо, нешто морбидно се случуваше во Блаце. Иако стратешката цел на РМ е на сите политички партии кои дејствуваа во РМ е Европска унија, НАТО, евроатланските структури, јас се плашам на некој начин дека со се ова што се случуваше со неспремностас што го покажаа државните органи на РМ да се справат со вакви ситуации, сепак на некој начин остава дамка врз таа определба на РМ. Јас се надевам дека времето кое ни претстои, а мислам сеуште ние ќе се соочуваме со предизвици од овој вид, ќе може на некој начин да ја испере оваа дамка, но во секој случај не се покажавме, односно не го положивме испитот по хуманост. Се работи за државтние органи.

Друга работа која и се случи на Владата што не смееше да дозволи да се случи е свртувањето односно влијанието под кое падна во тие антинатовски, што од експремиерот имавме можност да ги слушнеме дека се антивоени, но според мое лично убедување цела таа ситуација многу помалку личеше на антинатовско расположение отколку на антиалбанско расположение. И на некој начин се обидувам да го сватам тоа што се случуваше. Но, во ссекој случај неможам да го разберам јас, еве и почитуваниот мој колега што пред малку зборуваше, г-динот Ружин, како може да се поистоветува една политика, една акција која тече за спречување на се тоа што се случува на Косово, со едно бараше за престанок на бомбардирањето. Престанокот на бомбардирањата, де факто ќе значи прифаќање на тезата која се наметнува во однос на политиката која се наметнува од страна на Милошевиќ. Точно така, тоа барање се однесува на санкционирање на една политика која се случува и би одело во прилог на таа политика. Затоа јас мисласм дека Владата треба да истрае во своите определби про НАТО, про евроатланските интеграции и да не подлегне под влијание на ова расположение.

Тоа што најмногу предизвика на некој начин и големо разочарување кај сите нас беше некоординирањето, односно недоразбирањата кои ги чувствуваме во валдината коалиција. Тао се прелева и денес на оваа седница. Неприсуството на пратениците од ДПА јасно збопрува дека сепак постојат одредени недоразбирања, а тие недоразбирања пред се дојдоа до израз со елиминирањето мак позицијата на Министерството за труд и социјална политика, кое спроед наше мислење би требало да биде носител на активностите во поглед на хуманитарното згиржување, на хуманитарните акции, а не таа кординацијг да падне во рацете на министерот аз одбрана кој што во една таква состдојба многу помалку се занимаваше со хуманитарните аспекти, а многу повеќе со другите за кои и самиот е надлежен и се разбира резултатот беше поразителен, односно катастрофален по бегалците кои бараа помош во РМ. И со една ваква политика најжалосно е што еден од коалиционите партнери, ДПА, тие недоразбирања сепак се обидуваше да ги прикрие со изјавите од типот дека нема никави недоразбирања во колацијата, дек се што се случува, оваа политика кон бегалците е координирана политика од 3 те коалициони партнери, со што ние навистина жестоко се спротивставуваме и сметаме дека најмалку што можеле да направат господата од ДПА е да се дистанцираат од една таква политика и да бараат соодветно склучување на најмалку од Министерството за труд и социјална политика, а да не зборувам и за понижувачкатаулога што ја имаше заменик министерот аз здравство, што се стави во една многу непријатна ситуација да не убедува за нешто што нема врска со тоа што се случуваше на теренот.

Една друга работа која што според мое мислење заслужува исто така внимание е обидот да се воспотави еден нееднаков третман на хуманитарните организации односно Владата, полека како што одминуваше времето воспостави специјален однос кон Црвениот крст и ги елиминира односно се обиде да ги елиминира другите химанитарни организации. Мислам дека ова е непримерна политика. Најмалку што може да направи е да не ги попречува во вршењето на хуманитарните активности, а не обратното.

Затоа, во иднина мислам дека Владата треба да обрне внимание во тој поглед, поготово Министерството аз труд и социјална политика и да обезбеди еднаков третман на сите хуманитарни организации кои сакаат да примат помош на лицата на кои тоа им треба. И една друга работа која мислам не смее да се случи, односно несмееше никако да се дозволи е вклучување активисти на ДПА во хуманитарните активности. Мислам дека нивното инволвираше е во спротивност со самата логика на дејствувањето. Имаме пример, мојот колега Ризван Сулејмани заборави најверојатно предизвикан од реагирањата од место да го каже по однос на случувашата во Блаце, каде што таму целата работа околу активностите што се одвиваа е преземена од активистите на ДПА и мислам дека на некој начин се заобиколени токму тие што цело време се занимаваат со таа работа, хуманитарните организации. Мислам дека грижата за бегалците треба да им се остави на тие кои својот живот можеби го определиле за помош на таквите лица и да се исклучат сите овеи други, затоа што не би сакал да кажам нешто повеќе, но имам информации дека многу лоши работи се случуваат токму поради инволвирање на лица кои до ден денес немале ништо заедничко со хуманитарни активности.

Што се однесува до некои обвинувања кои доаѓаа по однос на некои организации во камповите, само за ваше запознавање да знаете дека луѓето од некои кампови бегаат токму и поради екстремно лошите услови кои владеат таму. Заради тоа тие се спремни да платат и мито да дадат само да излезат од таму. Сватете го тоа како многу сериозна работа. Тие луѓе нема да бегаат од тие кампови доколку им се овозможи достоинствен престој што му доликува на еден човек.

Сега би сакал да коментирам некои излагања што имавме можност да ги слушнеме и се разбира да предложиме одредени измени на владината политика во овој проблем.

Во излагањето на премиерот имавме можност д проследиме како е организирана таа хиерархија во ангажманите на поединечните министерства и колку што успеав да забележам министерството е во прв ред во чии редови е и главниот координатор, второт е Министерстов за внатрешни работи, потоа Минситерството за надворешни работи, Министерството за здравство, за урбанизам и градежништво и како шесто беше спомнато беше Министерството за труд и социјална политика. Мислам дека овој редослед треба да се смени и координацијата и активностите по основ на проблемите со кои се соочува државата треба да тргне одпозади, односно во најмала рака координаторот да биде од Министерството аз труд и социјална политика, доколку не постојат некои сериозни разлики по однос на политикатакоја се спроведува до страна на Владата, а која се прикрива од страна на коалиционите партнери.

По однос на интересите и целите кои се поставени од страна на Владата, а кои, се разбира кооренспондираат и со интересите што ние ги имаме како граѓани, јас би сакал да додадам на сите поставени цели, на сите тие високи државни интереси, над сета таа себичност и егоизам што имавме прилика овде да го слушнеме од поедини колеги, дека најважни сме ние па се друго што ќе случува не е важно. Може да гледаме таму во Блаце како умираат, како се раѓаат во кал, и незнам што. Се тоа не било важно. Важни сме си биле ние. Мислам дека таа логика е во спротивнсот со чувството за хуманост кое би требало да биде вградено кај човекот. Поради тоа јас мислам дека, оставајќи ги на страна сите овие други интереси, а водејќи сметка пред се и за интересите кои ги има РМ да води сметка и за чувствата на голем дел од Албанците кои специјално се врзани со тоа население што страда, мислам дека таа политика треба да се смени.

Второ, интересите на Владата на РМ и на овој Парламент и на сите нас треба да бидат определени во смисла на исполнување на цели на НАТО Алијансата. Доколку НАТО Алијансата не ги исполни своите цели и се откаже на пола пат, тогаш сите тие варијанти што имавме можност да ги слушнеме од г-динот Црвенковски, можеби ќе бидат многу поморбидни. Единствената варијанта што треба да ја подржуваме е НАТО Алијансата да продолжи до крај и да победи.

По однос на некои загрижени тонови, кои, се разбира, јас можам да ги сфатам по однос на политиката што ќе се има во иднина со северниот сосед, кој како што слушнавме од премиерот а и од други дека такво нешто ќе се одрази на подолг рок на односите на РМ и северниот сосед, во секој случај дека паралелно со водењето грижа за односите што се имаат со северниот сосед, а треба да се води грижа и за односите што ќе се имаат со Албанците, пред се со Албанија и со идната Република Косово, при чие спомнување слушаме многу реакции. Но, ние како што г-динот Филип

Петровски рече, ние се надеваме, и ние се надеваме и на некој начин уште повеќе сме убедени дека полека но сигурно тоа ќе се оствари.

Што се однесува до однесувањето на опозицијата која на некој начин беше упатено на нас или пак на сите нас заедно, и по однос на некои коментари кои одеа во смисла на тоа дека еве постојат разлики, неможете да се разберете помеѓу вас, што е оваа работа, зошто не седнете да се договорите, мислам дека обратното треба да се направи. Не се толку проблематични односите што сега ги имаме меѓу нас, затоа што не дејствуваме ние како блок на позиција. Многу се попроблематични односите кои постојат во коалицијата која сепак носи одлуки, а ние само даваме предлози на препораки, искажуваме наши размислуваша.

Што се однесува до коридорите, до одредена политика што се водела од страна на Владата, ние како партија и кога сме биле во позиција, во власта, членови на таа коалиција, сепак не ни било срам, не сме се плашеле секогаш да го издвоиме мислењето по прашања кои биле во спротивност со интересите на Албанците. Ние тоа и понатаму го правиме и јас ви советувам и вас да не се обидувате да ги прикривате разликите затоа што сепак на крајот може да ви се одрази полошо.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме уште тројца четворица пратеници кои сакаат да зборуваат, да завршиеем со дискусијата, а комисијата ќе подготви заклучоци и на утрешната или задутрешната седница ќе ги донесеме заклучоците. Дозволете сега да ги ислушаме уште овие 3-4 пратеници.

(Има забелешки од место дека нема кворум) Јас мислам дека пратениците се излезени надвор, нека влезат во салта и сепак денес да завршиме со дискусиите, да не ја одовлекуваме дисусијата, а утре да го сослушаме претседателот на Републиката, бидејќи претседателот сака да се обрати овде на пратениците. Значи, да ја заклучиме расправата и после тоа да се обрати претседателот. Затоа реков денеска да завршиме со дискусија,

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Сакам денеска да ја завршиме расправата. Тука се пратениците.

Повелете господине Зибери.

Само ќе ве молам малку пократко, да не се повторуваме, тоа би била препорака од моја страна.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа,

Како ретко кој од вас ќе ја имам таа чест да зборувам, да настапам во присуство на претседателот на Собранието, но ќе ја делам судбината на сите вас, без исклучок, овде да настапам и да зборувам и овие наши зборови да останат во стенограмите на Собранието на Република Македонија, од причина што повеќето од работите и прашањата што се покренуваат овде се упатени на членови на Владата што денеска не се тука.

(Реакции од место).

Сигурно слушаат, ако не слушаат ќе им биде пренесено, Господине пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, но без оглед на тоа, кога има расправа по вакви прашања, должност е на секој член на Владата, вклучувајќи го и премиерот, да биде присутен.

Но, ова е уште еден доказ на сериозноста и на односот на Владата кон оваа тема и не само кон ова прашање. Јас ќе ја повторам констатацијата на претходниот говорник, на неисполнување на ветувањата на претседателот на Собранието дека ќе се залага за присуство на секој член на Владата на секоја седница на Собранието. Многу брзо бевме демантирани дека тоа не е точно и дека Владата воопшто не е присутна на расправи на Собранието. Но трагедијата можеби не е толку голема колку што е поголемо неприсуството на пратениците . Ние перманентно тука работиме без кворум. Перманентно сме надвод од уставните одредби, согласно кои Собранието може да почне со работа до колку има присуство на мнозинството на вкупниот број на пратеници. Тоа значи 61. Но, добро, ова е уште една слика за нашиот однос, пред се и одговорност кон тие не избраа.

Ова и не е случајно. Ова ме потсетува на едне наслов во весниците во кој беше третирана работата на Собранието и односот на Владата кон ова прашање. Беше илустрирано со старата поговорка "селото гори бабата се чешла". Таков е и нашиот однос кон ова прашање. А денеска, сега, во овој момент, додека ние расправаме на граничниот премин во Лојане 700 протерани албанци од Косово се запрени и не можат да бараат засолниште во Република Македонија.

Ја користам можноста, кога веќе не е министерот за внатрешни работи овде, министерот за одбрана, да упатам итно да бидат информирани да преземат соодветни активности за да се спречи нешто полошо

на Лојане и во останатите гранични премини.

Во овој меѓупериод додека Собранието заседава и расправа за ова прашање, за политичко безбедносната состојба во Република Македонија, низ разговорите со граѓани наидов на една констатација што неминовно ќе ја изнесам овде пред вас, зашто чувствувам и должност кон тој граѓанин. Инаку, за ваша информација е од македонска припадност, ако нешто ви значи. Тој љубезно ми се обрати и ми го рече следното: "господине Зибери, вие овие денови отворивте расправа за едно многу чувствително прашање, а тоа е темата за безбедноста и политичката сигурност на земјата и должен сум да ви кажам следното, конечно имало господ и во Македонија. Зошто? При ваква ситуација, на ваков наплив на протерани албанци од Косово и при вакви вжештени меѓунационални односи во Република Македонија имало и среќа. А среќата се однесува на следното, дека на власт се ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија на албанците. И, затоа, можеби состојбата ни е помирна".

Тие причини што ги наведува господинот од македонска националност, да беа на власт ПДП и СДСМ денеска ќе имавме можност да гледаме како активисти на ВМРО-ДПМНЕ ги потпалуваат и изгоруваат камповите каде се сместени бегалците, додека низ улиците на Тетово и Гостивар итн. ќе имавме демонстрации против Владата и против теророт што се врши над тие луѓе. И крајот не ќе знаевме каде ќе ни беше. И, навистина...

(Ракции од место).

Ве молам господине претседателе, создадете услови да настапам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам да се сослушаме. Молам, без коментари. Повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И дека тоа е така јас сум апсолутно убеден, зошто тоа во пракса ни се случуваше низа години по ред. Ако некој господин од ВМРО има кратко памтење, јас ќе го потсетам на настаните при обидот на Владата да го гради кампот за бегалците од Босна во населбата "Дексион" во Горче Петров. И, господата, на чело со денешниот премиер беа таму со групата да ја попречува работата и полицијата да не се изгради таквиот камп. Да не продолжувам понатаму со илустрации такви имавме можност да ги видиме и од страна на едните и од другите. Па, тоа се случуваше пред наши очи и пред очите на јавноста.

Но, јас навистина им признавам на политичката вештина на едната и другата партија. Зошто сета таа активност била со намера да се дојде на власт и од позиција на власт да се покажува друго лице.

Но, дали не размислуваат дотичните господа дека нивната улога денеска може многу фино, можеби и многу повешто да ја одиграат СДСМ, ЛДП, ПДП итн., се со намера да дојдат повторно на власт, како што се случи со вас? И, до каде ќе води таквата игра на потпалување на меѓунационалните односи и докажување на патриотските чувства кај едните и кај другите, а се со намера да се дојде на власт? И, во чиј интерес, во крајна линија е тоа?

Дека тоа не е така и дека крајно несериозно се приоѓа кон овие прашања, покажува и денешната и вчерашната и завчерашната расправа. Под еден смешен изговор господата пратеници ја напуштија седницата. Зошто? Зошто не сме го чуле настапот на претседателот на државата, Како причина за свикување на оваа седница да било настапот на претседателот на државата, а не состојбата, а не протераните луѓе, а не мерките на Владата сето тоа да се надмине. Мене ми е јасно, кристално зошто тие луѓе денеска не се тука. И, зошто се одигрува таа нечесна игра министрите се, пратениците не биле. Па од чија партија се тие, поставувам прашање, господа министри? И, чии интереси во крајна линија бранат? Или отсуството на повеќе членови на Владата?!

Но, бидете убедени дека политичко безбедносната состојба не може бескрај да се одржува со политички маркетинг и политичка фарса. Политичката состојба пред се зависи од реалното подигнување на нивото на меѓуетничките односи и положбата на албанците, на македонците, на сите кои живеат во Република Македонија. А, не со празни реторики и празни пароли. И, во крајна линија, албанците имаа можност да се стават на проверка низ овие 6-7-8-9-10 години од денот на осамостојувањето на Република Македонија па до денеска. Имаа можност тие да се постават конструктивно виза ви оваа држава и при донесувањето на одлуката за осамостојување на Република Македонија и при многу други настани што се случија во текот на овие изминати години.

Но, кој беше одговорот од другата страна? Дали ние перманентно ќе ги одлагаме прашањата што не ги криеме

нашите амбиции дека тежнееме кон тие прашања и во поглед на нашиот уставно правен статус и во поглед на проблемите во образованието и во поглед на прашањето на статусот на албанскито јазик и во поглед на многу други прашања. Но, ние сме за глобалните определби, да се демократизира Република Македонија, економски да се развие, Македонија да се интегрира во евроатланските интеграциони процеси. Но, во никој случај не се согласуваме да бидат на штета на интересите на албанците. Зашто тоа веќе не би бил пат на демократизација на Република Македонија, туку обратно од тоа.

И за тоа ние ја поддржувавме Владата во напорите да создава клима и рамка, ако треба и формално, за престој на НАТО трупите во Македонија, како најдобар гарант по мирот и безбедноста на Република Македонија. И затоа ни беа дури несфатливи некои тенденции кои сакаа да ги минираат овие тенденции и постапки на Владата. Но, не можам да ја прифатам констатацијата на премиерот дека Владата во овој период делуваше стабилно, компетентно, стручно и ефикасно во овој период.

Да беше така, како можеше претседателот на Владата, за едно многу кратко време, критикувајќи некои средства за јавно информирање дека создаваат антинатовско расположение, самиот се постави анти натовски кон НАТО, членовите на Европската Унија и главните информативни куби во светот, СНН, ББС итн. Тоа го покажува токму спротивното дека Владата делуваше во паника. Дека немаше разбирање помеѓу коалиционите партнери, дека под притисок на една одредена јавност кај македонците дека ги продава интересите на македонскиот народ, се става во позиција на сојузник на НАТО силите и сето тоа што се случува во Југославија, одеднаш сакаше да се извлече и падна во уште една поголема замка. И, да не ни биде денеска чудно што токму НАТО, членовите на Европската Унија и другите меѓународни асоцијации даваат вакви оценки за активностите на Владата при ваква ситуација.

Бев и лично замолен од еден пратеник кого лично го почитувам да ние пратениците албанци и политичките партии не ги експлоатираме многу сцените од Блаце и односот на Владата кон протераните лица, зашто тоа ќе нанесе голема штета на глобалните интереси на Република Македонија за интеграција во НАТО и Европската Унија. И, сосема ја разбирам неговата загриженост. Но, истовремено не можам и не можеме како политичка партија да останеме неми при таквите сцени што се случија пред нас.

И на крајот, по се изгледа поставувањето на Владата виза ви сето тоа што се случи е резултат на две цели што ги постави пред себе Владата:

Прво, преку несреќата на тие протерани лица да стекне политичка положба што ќе овозможи полесен пристап во НАТО и Европската Унија, преку нескриените намери на премиерот и одредени членови на Владата дека сега е шансата ние да бидеме поупорни за интеграција во овие европски структури и

Второ, да приберeме што повеќе хуманитарна, финансиска и друга помош, користејќи ја таквата трагична позиција на тие луѓе на Блаце.

Брзо се покажа дека Владата направила сметка без крчмар. Ниту едното ниту другото се оствари.

НАТО позициите на Македонија и позициите кон зачленување ако не во Европската Унија, тогаш да се стекне статусот на асоцијативно членство се покажа дека е само ветер и магла и само една нереалистичка надеж на Владата. А, суштината зборува за нешто сосема друго.

Затоа, треба да сфатиме дека Европа и Европската Унија и НАТО не се емотивни членки, асоцијација која може заради нашите потешкотии да ни го авансира статусот и побрзо да се зачленува, туку има стандарди што секоја земја треба да ги исполнува за да може да се стекне со таквото членство. Таквите стандарди не се исполнуваат со собирање на десетина, педесетина илјади граѓани во меѓуграничната зона и држени под полициски кордон од едната и другата страна.

И конечно, зарем може да се прифати тезата на премиерот дека ресорните министерства треба да добијат некое признание или да бидат пофалени од страна на некои политички партии или во крајна линија од страна на граѓаните. Напротив. Министерството, најнадлежно за бегалците и хуманитарните прашања не само што падна на испитот, туку не беше присутно. Министерството за труд и социјална политика беше исклучено, тотално од сите активности. Наместо тоа да биде носител и координатор на сите активности или тоа се прави затоа што дотичниот господин што го води ресорот се вика Бедредин Ибраими? Како може со

хуманитарната помош да координира заменик министерот за надворешни работи? Па, каква врска има тој господин кога има надлежен ресор за тоа прашање?

(Реакции од место) .

Ми пречи, затоа што тоа е надвор од надлежностите на дотичното министерство, господине што реагираш и дека, согласно Законот за органите на управата точно е прецизирано кој ресор какви надлежности има. Токму заради тоа.

(Реакција од место)

И тој кризен штаб е надвор од законските одредби.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, да се сослушаме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе уште еднаш барам од вас да ми обезбедите настап, а секој кој не се согласува со моите тези нека повели после мене нека реплицира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете.

(Реакции од место).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, ќе ве гњавам, јас три четири дена чекам да настапам.

Министерството за здравство, зошто ниту еднаш не се појави господинот министер кој го води ресорот? Зошто господата лекари кои се финансираат од придонесот за здравствено осигурување на овие граѓани ниту еднаш не се најдоа на Блаце или на другите гранични премини, туку се бараше тоа да го обезбедат лекари од приватните ординации?

Ќе ве потсетам, еден ден на граничниот премин се сретнав со претседателот на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија. И тој ме праша и ме замоли дали можеме да обезбедиме овие луѓе што ги носат овие кои паѓаат и умираат и ги извлекуваат од масата да бидат вмешани, да не бидат само албанци, затоа што тоа пред Меѓународната јавност лошо не претставува како земја? И навистина добронамерно го сфатив, но му возвратив со прашањета каде да ги најдеме тие луге и тој мешан национален состав за да можат тие кои носат да не бидат само албанци?

Нели е цинична изјавата на господинот заменик министер за здравство дека не била голема трагедија што умирале девет, а јас ви велам дека се 99 а не девет, заота што истовремено се раѓале уште толку, ако не и повеќе. Навистина не можам да ја прифатам ваква улога на овие министерства. А, да не зборувам за Министерството за урбанизам кое цело време тумбетираше низ средствата за јавно информирање колку е подготвено за 24 часа да ги гради, организира прифатните центри и камповите за бегалци. А, се покажа дека не за 24 часа, туку му требаат недели, ако не и повеќе. И, за сето тоа ни била виновна Европската Унија, членките на НАТО итн., што не успеале за 24 часа да ги градат, туку за 2-3 денови прифатните центри и камповите. И, отидовме толку далеку да ги обвиниме дури и претставниците на меѓуанродните хуманитарни организации од типот на УНХЦР и други хуманитарни организации. Зошто? Тие биле критички настроени кон активностите на Владата и се она што беше направено.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

Нормално, откако ќе се видат тие сцени на Блаце така ќе бидат настроени.

Но, како понатаму? Целата оваа трагедија и голгота на овие луѓе остана минато зад нас кои ги гледавме сцените на Блаце, но проблемите не се решени зошто од една голгота тие паѓаат во друга.Има огромни проблеми во прифатните центри. Вчера прочитавме информација во средствата за јавно информирање, во кампот Радуша на 24 часа му припаѓа четврт леб на ден по протеран граганин кој е сместен таму. Се прашувам каде е тука. таа помош која по 30-тина авиони на ден изјавуваат дека пристигнуваат во Македонија а никако да ја добијат? Или ќе ни се случува аферата "Нано", од типот на аферата со помошта во Албанија. Тоа, господа пратеници нема да го дозволиме.

Затоа, оттука повикувам на еден меѓународен мониторинг за прифаќање и распределба на мегународната помош и да биде вклучена и Европската Унија и Високиот комесаријат за бегалци и да се формира една пратеничка група која ќе ја следи целата работа со прифаќањето и со рсапределбата на хуманитарната помош. И наместо премиерот и Владата да најдат разбирање за ваквите напори, тие одат до таму да ги критикуваат хуманитарните здруженија од типот "Ел Хилал" кое собра толку помош што денес Владата ни еден леб да издвои за тие бегалци и целиот товар да биде на грб на тие хуманитарни организации. И наместо пофалби на тие хуманитарни организации, ние имаме критика дека криво ја претставувале состојбата со протераните луѓе во Република Македонија.

Потоа, Министерството за труд и социјална политика под итно треба да ја преземе улогата што ја има согласно Законот за органите на управата, да почне да ја прима и да ја распоредува хуманитарната помош согласно надлежностите. Ова министерство треба да го прифати управувањето со сите кампови заедно со Високиот комесарјат за бегалци и да ги координира активностите со меѓународните хуманитарни организации.

Министерството за образование кое и во овие најтешки моменти наоѓа време да разрешува директори низ Република Македонија, да ја врши својата работа и да организира настава за децата кои се сместени во овие кампови и по семејства и да создава нормални услови за развој на тие деца во соработка со УНЕСКО, кое неколку пати најавува трагедија меѓу тие деца, а никако да наиде на разбирање во соодветното министерство.

Министерството за здравство под итно да ги засили лекарските екипи, во секој камп да има соодветен лекарски третман, а не да чекаме од Израел и други земји да ги третираат тие луѓе. Соодветно да ги снабдува со медицински препарати, лекови итн. Да, пари примаме за таа работа.

Министерството за урбанизам да создава соодветни услови санитарни, хигиенски и други а да не ни случува во одделни прифатилишта да нема и основни работи за живеење за десетина илјади луѓе.

И конечно, за да не остане целата оваа расправа само кажано па заборавено, имаше и други идеи за тоа како да ја приврршиме оваа расправа и да се понуди нешто конкретно. Пратеничката група на ПДП се обиде да состави предлог - заклучоци кои ви ги нудиме на разгледување, а со оглед на тоа што претседателот на Собранието најави дека изготвувањето на заклучоците ќе биде оставено за утрешната расправа, тогаш ја прифаќаме таа сугестија, овие предлог - заклучоци кои ги нудиме ние да бидат основа за расправа, истите да можат да се дополнуваат да се подобруваат, но во секој случај да бидат насоки за натамошното делување на Владата, Собранието и надлежните органи. А во тие заклучоци три прашања се доминантни меѓу другото:

Констатацијата дека политичко - безбеднооната состојба во Република Македонија е стабилна, мирна и покрај периферните појави на нарушување на мирот и стабилноста, дека Република Македонија и покрај тешкотиите ќе продолжи да ги подржува тенденциите и активностите на НАТО и Европската Унија и Меѓународната заедница за разрешување на Косовскиот проблем и во исто време да ги поддржува напорите за мирна репатријација на тие луѓе кои без нивна желба се принудени да ги напуштаат своите домови.

Второ, Македонија да не дозволи оддалечување на разделените лица надвор од нејзините граници и Балканот, зашто тоа ќе оди во директен прилог на тезата за етнничко чистеше на Косово, зашто нема да биде ни во интерес на Република Македонија.

И трето, прашањето на хуманитарната помош да биде опсервираш од една собраниска комисија и Собранието да побара меѓународен мониторинг за прифаќање и прием на меѓународната помош и нејзината распределба, за да ги избегнеме сите можни шпекулации за злоупотреба на истата, зошто веќе има најави после толку примања на помош, сеуште во ниеден камп и ниедно семејство истата не е пристигната.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на госопдинот пратеник Насер Зибери.

Збор има господинот пратеник Слободан Даневски.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:** (Од место)

Процедурално барам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално? Јас незнам дали беше некој спомнат. Процедурално, повелете.

Има збор господинот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, пред половина час добив информација дека во илегалниот пограничен премин во Лојане е проблематично и барам од Кризниот штаб, односно од Владата, членовите што се од тој штаб да интервенираат, затоа што според информациите што ги добив може да има и инциденти. Тие луѓе се околу 700 жени и деца, нашата полиција според таа информација што сега ја добив ги протерала тие луѓе од другата страна и веќе од другата страна има пак бегање кон нашата. граница и го молам Кризниот штаб навистина да преземе најитни мерки, дури веднаш, за да се спаси таа трагедија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседател, дами и господа пратеници, еве два дена дебатираме, темата е безбедносната ситуација во Република Македонија. Едно можеме да заклучиме и да апсолвираме: По однос на настапот на пратениците албанци во Републичкиот Парламент на Република Македонија и во однос на македонските пратеници во Републичкиот Парламент на Република Македонија.

По однос на прашањето Косово, тука пратениците албанци се дека Косово треба да добие независност, да добие статус на држава, македонските пратеници се дека тоа е проблем на соседна држава и не треба воопшто да се дискутира по тоа прашање.

Другото прашање по однос на Косово е дека македонските пратеници се за мировно решавање, да се оди преку политички средства, албанските пратеници се да се бомбардира.

Во однос на бегалците, реакција дека Владата не ја завршила добро работата од албанските пратеници, дека требаше да се отворат границите и да се влезе и петсто и милион луѓе, а македонските пратеници дека границите треба да бидат строго контролирани и да ги обезбедува регуларната војска и резервниот состав на војската на Република Македонија и резервниот состав на Полицијата.

По однос на НАТО се дискутираше дека се прави анти кампања, дека народот во Република Македонија е анти натовски расположен, но расположението е антивоено. Стабилноста во регионот е загрозена, за тоа се согласуваме скоро сите - сега проблемот да се каже со еден заеднички именител, тоа значи безбедносната ситуација во Република Македонија што сеуште потешко, стои опстанокот на Република Македонија, а тука по ова прашање нема да има пардон. Дефинитивно паѓаат сите тези дека големи Албанци на овие простори на Балканот неможе да живеат. Падна тезата дека голема Хрватска пропадна, голема Србија гледаме што се случува и она што сака некој на мала врата да ни протне и тука во овој Парламент дека Голема Албанија ќе заживее и тоа ќе падне.

Граѓаните на Република Македонија се против војна. Зошто? Гледајќи ја назад историјата стои дека секогаш Македонија во сите војни кои се воделе на Балканот е губитник и само губи и овој народ не сака војна. Не саска војна па макар ја водел и НАТО.

Нашиот став како пратеници, како граѓани како сите оние луѓе да се реши со мирни средства, со политичка разврска. Што се случи? Што имаме сега? Рамбуе е веќе минато свршено време. Каква е состојбата во соседната држава? Нема да има ни победени, нема да има ни победници. Имаме само губитници. Губитници се само граѓаните од Косово по националност албанци.

Бегалците, мислам дека многу се манипулираше со бегалците. Она што се случува е за секоја осуда затоа што и македонскиот народ има еден егзодус и знаат што значи. Ние сочуствуваме со луѓето дека ова е навистина преседан на овие простори што се случува во Европа. И го осудуваме сето тоа. Но се прават напори да се направи шпекулација. Меѓу бегалците нема само албанци. Ромите се пишуваат албанци, македонците по пат на сила и други националности се пишуваат албанци, што значи и згрижувањето на сите треба да биде и евидентирано. Евиденцијата мора да се направи за сите бегалци.

Нападите на Владата: Мислам дека е недозволиво она што направи Владата го направи максимум што можеше во дадената ситуација. Може да има секакво гледање на Владата. Знаеме со што располага Македонија, знаеме каква држава е, со колкави ресурси, економија средства и ред други работи. Многу е недозволено странски новинари да го злоупотребуваат гостопримството на нашата држава и под албанското лоби, кое добро лобира во светот, и намерно се прави ова, се направи многу лоша кампања против Република Македонија. Знаете зошто? Затоа што сега ќе оди нова донаторска конференција. На донаторската конференција сега многу лошо стои положбата на Македонија, и на Владата, затоа што е многу оцрнено и се води антимакедонска кампања во целиот свет, што не е дозволено. За жал тоа го водат наши колеги пратеници во овој Парламент.

Пораката што ни ја прати премиерот Пандели Мајко, сигурно дека ниедна политичка партија од албанските партии не стана јавно и не се огласи. Не се огласи јавно да каже дека не се согласува со она што ќе се прави.

Што ни се случува сега? Ако се смири ситуацијата, а ќе се смири, затоа што победници и победени нема, има само уништување, егзодус на луѓето и сега се префрла топката во Обединетите Нации. Ако решаваат Обединетите Нации е многу лошо по Македонија. Зошто? Затоа што ќе се

прави нова мировна конференција. Ако се прави нова мировна конференција може да се прави и поделба на границите. За нас како Македонија е многу лошо затоа што во Советот за безбедност имаме еден противник, тоа е Кина. Многу е драматична ситуацијата.

Сместувањето на бегалците: Се направи грешка затоа што се сместија бегалците во домови. Се направи многу лоша работа што се сместија бегалците во домови. Некој сакаше од тоа и да профитира, но може да се поздрави потегот за тоа што се јави хуманост од сите албанци и други националности кои живеат во Македонија па и македонци кои имаат згрижено фамилии. Но што се јавува сега? Не се евидентирани, ќе се јави проблем на тие истите фамилии, ќе се јави проблем и на Владата и на Република Македонија, затоа што бројките не се поклопуваат. Ние секојдневнио добиваме разно - разни бројки. До ден денешен во Македонија никој не знае колку бегалци има. Се оперира со бројки 150.000, 130.000, 200.000, јас се плашам да не се повеќе од 300.000. Тоа е страшното. Таму да се евидентираат и да се знаат, да се извлечат од семејствата, да се стават во кампови и да бидат згрижени. Стои ова што беше кажано од претходниот дискутант, ако е тоа вистина, а верувам на еден избеган член, односно во фамилија не му е дадено за 24 часа леб и основни продукти, тоа е за секоја осуда и сигурно држи предлогот да се направи мониторинг, да дојдат и странски хуманитарни организации да се види што е состојбата во Македонија, како се згрижени бегалците.

Сега останува едно друго пршање. Ни фалат некаде 20.000 бегалци. Високиот комесарјат кажа дека на границата на Блаце фалат 20.000 бегалци. Каде се тие? Исчезнаа 20.000 бегалци? Дојде и госпоѓата задолжена за бегалците. Едноставно сега каде се тие бегалци. По новите кажувања, тоа биле наши луѓе, наши од Република Македонија дојдени да ги згрижат и се јавува сега дефицит 20.000 луѓе, кои по разно - разни основи, едни да згрижат свои роднини, едни со мобилни телефони да извлечат ако можат да ќарат, некој да профитира по две - три илјади германски марки. Во целиот случај беше трагедија она што беше на Блаце.

Ние во овој Парламент дискутиравме многу, мислам дека не дискутиравме за она што е сушстествено што треба да направи овој Парламент. Еве веќе два дена дебатираме што треба да преземеме.

Нај важно круцијално прашање за Македонија е Македонија да не се вовлече во војна. На оваа тема треба да работи и Кризниот штаб, и пратениците, и Владата и сите граѓани во Република Македонија.

Македонската, територија да не се користи за напад врз соседите, ни против Албанија, ни против Србија, ни Бугарија, ни Грција.

Втора работа, македонската територија да не се користи за обучување на борци на ОВК и разни други диверзантски групи.

И третата работа она што го предложивме и во Комисијата за надворешна политика, да направи тампон зона, снагите на НАТО да се оддалечат 20 километри за да не се направи никаков можен инцидент во било каков контакт. Знаеме дека ние во Македонија немаме никакви аспирации да водиме војна. Ние не сакаме војна. Знаеме дека нема опасност, Македонија не е загрозена од ниеден сосед.

Беше прокоментирано да се оди на Запад, Македонија да се прими во НАТО, Европската Унија. Да, сигурно, Македонија ќе биде примена но природниот пат не е преку Запад, преку Албанија. Ни случајно. Јас ја почитувам, но ни случајно Македонија неможе преку Албанија да оди во Европа. Македонија оди во Европа преку Србија, такви се правците, таква е структурата, такви се сообраќајниците. 1998 година ние донесовме една резолуција. Тука пратениците од СДСМ, кои и сега ги гледам не обвинија како антинатовски. 1998 годин рековме дека територијата на Република Македонија не смее да се користи за напад на било која соседна земја. 1998 година, не обвинија како антинатовски, а сега еволуираат. И ова што сакаат сега да го ќарат дека коридорот биле тие, ни случајно не беа. И не беше СДС, немаше став за коридорот. Тоа беше идеја само на претседтелот Глигоров, а Шеќеринска како потпарол кажа дека структурите од СДСМ не се запознати, ние тоа прашање не сме го гледале. И нема место, тоа е маркетинг.

Кога станува збор за штетите, сигурно дека Кризниот штаб работи на ова, македонското стопанство ќе претрпи огромни штети, бројките се астрономски, се вртат 150 до 200 милиони долари, што е катастрофално по Република Македонија, бидејќи тоа е она што се рефлектира директно во Република Македонија.

Беше спомнато дали Република Македонија е атрактивна земја за живеење. Да. Македонија е најатрактивна земја за

живеење, особено со жителите и со граѓаните албанци, затоа што најдобро живеат во Република Македонија во цел свет.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (продолжение)

Затоа што само стабилна, јака економска Македонија е просперитет за соживот и нивна перспектива во РМ. Би било чесно и би ги замолил пратениците албанци да не лобираат негативно против Македонија, Македонија е сега ставена на многу битно расчекорие, затоа што влегува во тоа дали ќе влезе во НАТО, дали ќе влезе во Европската Унија, се прават напори, желби, прашање е дали ќе влезе. Се прават напори, но лобирањето на албанското лоби кое е многу моќно во светот прави контра услуга на РМ, а тоа директно се рефлектира на сите граѓани; посебно на албанците кои живеат во РМ.

Владата мора да донесе итни закони. Еден од законите е тоа да забрани на сите државјани граѓани на РМ да се инволвираат директно во судирите во едната или другата конфликтна ситуација. Зборувам за војната која се води на Косово. Да се побара од НАТО писмена гаранција дека територијата на РМ нема да биде користена за офанзивни дејствија против било кој од нашите соседи. И закон за државјанство бегалците и хуманитарните згрижените лица неможат да добијат статус на државјани на РМ .

На крајот би кажал Македонија нема друга алтернатива, ние во Македонија живееме на овие простори немаме друга матична држава. Се ќе направиме ние Македонија мора да ја зачуваме, друга алтернатива немаме. Македонија останува тука и Македонија неможе никој да ја измести. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Пратеник Слободан Даневски. Денеска во расправата повеќе пратеници побараа претставник на Владата да се обрати да даде информации. Тука е заменик министер за надворешни работи г. Борис Трајковски кој побара збор и ако се согласувате да му дадеме збор да одговори на некои од прашањата што беа поставени или да сочекаме уште неколку дискутанти имаме, па на крај да му дадеме збор.Тогаш уште неколку дискутанти имаме овде, тогаш би му дал збор на пратеникот Рубенс Наумовски да продолжиме, па на крајот на сите прашања би одговорил заменикот министер за надворешни работи .

Збор има г. пратеник Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Не е баш среќна околноста во овие доцни часови после волкава дебата да се говори, меѓутоа, ќе се обидам сепак ако не е нешто сосема ново барем ќе се обидам некои работи кои беа изнесени како факти, како аргументи и согледувања на целокупната ситуација барем да ги осветлам од друг агол или подобро од досегашните обиди.

Оваа дебата се води по точката по која претседателот на Владата на РМ г. Љубчо Георгиевски го изнесе своето експозе за актуелните политчко - безбедносни состојби во РМ.

За жал, во текот на целата дебата многу често и многу време се потроши за прашања кои беа доста далеку од предметот на оваа точка, главната тема на оваа точка, но во секој случај се слушнаа и конструктивни и опсежни аналитички приоди кон актуелните политичко - безбедносни состојби во државата и ќе се обидам само за она што поамлку беше експлоатирано и по мое видување би требало на поинаков начин да бидат погледани одредени проглеми.

Прво, овде имаше еден консенѕус и заедничко мислење на сите пратеници дека имаме една сериозна ситуација и треба да бидеме најсериозни во приодот кон ова прашање и актуелните проблеми и исто така без разлика на мислењата на сите пратеници се

кажа дека основно во овие состојби да ја сочуваме стабилноста, безбедноста и интегритетот на нашата држава.

Меѓутоа, испадна дека е тоа повеќе декларативно отколку суштински беше испочитувано и не беше заборавено од сите дискутанти. Имено, во текот на оваа дебата се виде една хетерогеност и различен приод кон третирањето и анализите на сите проблеми со кои сме соочени сега. Воглавно имаше три аспекти од кои беа третирани проблемите со кои сме соочени.

Првиот аспект беше аспектот од кој ги третираа пратениците од албанската националност.

Вториот аспект беше третирањето на проблемите од припадниците на опозицијата и секако,

Третиот аспект беше како беа третирани проблемите од припадниците на пратениците од позицијата и тука видовме една голема различитост.

Прво, еве би се задржал на третирање на проблемот за настаните во соседството. И тука имаме една различитост. Припадниците на албанската националност често пати од оваа говорница изговорија косовска република. Не баре очекуваа или очекуваат целиот Парламент да зборува за косовска република. Со самото тоа се детерминира една нивна инволвираност на некој начин во сите тие настани иако сакаме да кажеме овде потврдивме сите дека Македонија со ништо не учествува ниту предизвика она што се случува во соседна Југославија.

Имено, знаеме кои се инволвирани страни. Југославија НАТО и ОВК. Но, не би рекол дека тука завршува списокот на инволвирани страни со полна одговорност и ќе аргументирам дека се инволвирани и припадниците на албанското малцинство од Македонија или одредени личности, политички партии и незнам какви други асоцијации. Можеби затоа што решавањето и третманот на овој проблем кај припадниците на албанското малцинство е поинаков од она што би значел еден нормален приод на граѓани на РМ кон збиднувањата во соседна држава. Тука се разликуваме многу. Дали тоа се должи на чувството и одговорноста заради тоа што во извесна смисла поддржуваме однесување на албанците на Косово онака како што се однесуваа досега и на извесен начин и тие се во некоја мера предизвикувачи на ваков тек на настаните.

Односот кон бегалците, навистина неможам да се согласам и морам да реагирам за квалификациите кои беа изнесени по однос на она што стори нашата Влада и РМ за бегалците. Во состојба кога ние имаме на територијата на РМ 120 илјади бегалци да бидеме третирани и оквалификувани како најнеодговорните по прашањето на згрижување на бегалците, а во таа прилика од страна на претставниците на албанската националност во овој Парламент ние еден момент да не упатат критика до сите членки на НАТО учесници во оваа војна е за мене неприципиелно. Ако зборуваме реално, а реално е од искажувањата да се процени дека без малку се очекуваше или присакуваше од голем дел или од сите пратеници албанци НАТО да се активира ги изврши овие воени дејствија врз Југославија, тогаш би било логично да се очекува и пред време планирање на сите последици што ќе произлезат од тие напади и ако НАТО и европските земји и Америка вложуваат толку многу и трошат толку многу воен арсенал јас би рекол дека мала ситница е економско - финансиската конструкција на згрижување на бегалците во овој момент. Тоа е мала ситница спрема она колку е инвестирано во воениот арсенал што е потрошен и што сеуште ќе се троши. Сега да се прашаме зошто тврдењето дека сме ние најповикани и безконечно, безмерно до крај се погрижиме за згрижување на бегалците од Косово. Мене навистина не ми е јасно, во секој случај би требало повеќе да се очекува од поразвиените економски помоќните, а тоа се сите членки на НАТО и да ви кажам по малку очекував можеби точно заради големиот оптимизам и сигурност од некои пратеници албанци кои рекоа дека вие смејте се, но Косово ќе биде република. Таа сигурност претпоставувам ви ја дава некоја релација со НАТО. Така! Би требало тогаш да очекувате во случајот со бегалците поголема поддршка или барем да ви биде ветено и сега се прашувам кој е овде изневерен и во која мера се луѓето изневерени. Дали и

вие, дали и НАТО, дали и Србија или Југославија, дали ОВК ги предвидовте сите можни последици. Ако ги предвидовте зошто сте толку изненадени и толку тешко ви паѓа односот на РМ , јас навистина незнам што би очекувале повеќе од РМ да го чувствуваме Косово како република и да се заложиме за Косово република, нема никаква смисла навистина. Или да преземеме одговорност за максимално и оптимално згрижување на бегалците од Косово како вие, а вие би требало како ние. Знаете зотшо? Заради тоа што на почетокот сите деклариравте пред се да биде грижа безбедноста, суверенитот на РМ и цело време се декларирате како државјани на РМ и ваш интерес е безбедноста и сигурноста на РМ исто колку и нас. Но, во сите дискусии напротив работата е спротивна. Не црните пред целата меѓународна јавност како недоволно одговорни кон ова прашање.

Понатаму, не црните и пред албанската јавност во Македонија а зборуваме дека меѓунационалните односи треба да ги градиме со сета сила дека се фактор на стабилност на нашата земја. Какви меѓунационални односи очекувате меѓу албанците и македонците кога вие упорно тврдите дека ние не водиме никаква грижа за албанците и ништо не правиме за бегалците. Вие создавате чувство кај вашите граѓани во Македонија непријателско чувство кон македонците. Но, очигледно не е ви е гајле. Можеби ви е дел од стратегијата можеби никогаш не сакате да се почувствуваат вашите сограѓани добри пријатели и дека еднаш треба да го напуштите системот на гетоизација и да заживеат тие луѓе. Очигледно немате такви цели и намери. Затоа лесно е да се припишува на други сета вина, но јас токму сакав да ве соочам со вашиот дел од вината не само за бегалците, туку и за настаните што се случија таму на Косово и за последиците што моментално можат да настанат од ваквиот ваш однос во РМ.

Да се споредат бегалските кампови со коцентрациони логори е крајно неприфатливо .

Прво, ние не ги викавме бегалците и не ги предизвикавме бегалците ниту намера ни беше да ги собереме во некакви измачувачки логори. Ние толку можевме, толку сторивме, а се трудиме и понатаму да ја решаваме состојбата со бегалците. Концентрационите логори, некој рече од вас, единствено не се споредува со оние од II-та светска војна затоа што таму гинеле луѓето, а и овде почнале спонтано да гинат. Да зборуваме и за смртните случаеви. Од 120 илјади бегалци колку што продефилираа низ Македонија можеби и повеќе па толку е природно да умрат 29 колку рековте. Во Охрид за овие денови јас ви тврдам дека преку 30 луѓе се починати, значи повеќе од 60 илјади жители повеќе луѓе се умрени од природна смрт одколку од 120 илјади бегалци до сега умрени. Видете, не е принципиелно, не е фер, не е коректно едноставно речено. Смртта на одреден број луѓе да не товарите за смртта на тие луѓе ја обвинувате Владата и негрижата на РМ е непринципиелно а живееме и заедно се бориме наводно за исти цели.

Во сето ова мора да се каже и ублажувањето на сите последици кои настанаа од приливот на бегалците и обидите на Владата да ги ублажат последиците и тука наидовме на силна критика заради тоа што министерот за надворешни работи дури наидовме на критика од СДСМ како некоректна постапка. Па, гледајте колку е нормално и во најтешка ситуација да се бараат аргументи, повод и причини за поинаков третман, попозитивен третман од страна на Меѓународната заедница од Европа и Америка кон Македонија. Зошто би било грев ваш со тоа обезбедиме, бидејќи сите се согласивме за едно Македонија трпи силни економски последици. Зошто во сета таа помош кон бегалците не би била важна и помошта кон Македонија преку тоа што десп од намирници и потреби за бегалците не бидат обезбедени од Македонија. Што е тоа грев? Не е никаков грев. Или ако во оваа прилика побараме асоцијативно членство на Македонија во Европската унија или поскоро влегување во НАТО ако е наша определба консензус имало во оваа држава од сите политички партии по тоа прашаше што е сега грев да се бара во овие состојби побрзо влегување во НАТО или асоцијативно членство во ЕУ. Конечно и морална обврска е и практична политчка обврска била НАТО и Европската унија тоа да го сторат.

Прашањето за две различни опции бегалците поблиску до Косово во Македонија или да се згрижат по сите европски земји, па и воневропски земји. Очигледно кај вас провејува опцијата дека треба да останат тука бегалците.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Го третираме проблемот чисто од хуманитарен аспект. Пологично решение би било за мене, па и за вас, ако сте загрижени толку од хуманитарен аспект бегалците постепено, сукцесивно да бидат префрлени во развиените европски земји и воопшто во сите земји кои што имаат повисок стандард, посилни се економски и можат повеќе да им пружат на тие бегалци. Подалеку рековме сто пати, денеска нема далеку во светов. Зошто подалеку, од секаде се стигнува за одредено кусо време имаме авионски транспорти итн. Е, гледајте сега Вие самите со ова што уфрливте ме потсетивте уште еднаш уште нешто да кажам. Сега, што е поголем проблем или приоритетна задача, хуманитарно да се згрижат тие бегалци или да биде што поблиску, па макар и страдале. А, од друга страна не обвинувате, не се грижите доволно за бегалците. Ако имате подобро од чисто хуманитарна желба, желба и цел да се згрижат албанците, вашите браќа по крв, а наши комшии, би било логично Вие, па тие и самите се изјаснуваат каде би сакале да одат, за Германија, за Швајцарија итн., а Вие дури би ги осудиле и да има место таму, да бидат тука поблиску. Зошто поблиску? Ќе се вратат брзо, но прашањето за враќање е друг проблем, дали ќе имаат каде да се вратат. Тоа е проблем за кој треба посериозно да се размисли. Затоа што почетокот се знае, крајот не се знае. Јас гледам по малку изненаденост кај сите учесници во оваа војна, и кај НАТО и кај СР Југославија, кај ОВК, па и кај вас.

Би ги поздравил сите конструктивни дискусии од опозицијата од СДС каде што провејуваше чувство на згриженост и потреба од конструктивен придонес во дискусиите на дадените проблеми, но морам да Ви кажам дека беа по малку компромитирани со нескриеното чувство и потреба да се поентираат партиски, маркетиншки и тн.

Ако малку се потрудевте тоа да го оставевте настрана, ќе беше подобро, а и повеќе партиски ќе поентиравте така маркетиншки.

На крајот, би сакал да кажам, за сите нас има, сепак, една вистина. Република Македонија таква е каква што е, толкава е наша единствена матична земја и почнете сите да сфаќате дека е на сите вас ваша земја. Немојте да имаме двојни, тројни критериуми и по потреба да користиме еден став, по друга потреба да користиме друг став. Ако се декларирате секој од нас дека Македонија е нашата матична земја и држава во која живееме, тогаш приодот кон решавањето на овие проблеми токму треба да зрачи од една таква опција и позиција.

Со сето сочувство кон сите страдања и на албанците од Косово, но и на србите, меѓутоа во никој случај тоа сочувство или приврзаност не можеме да ја издигнеме една димензија на една поангажирано навивање и преудицирање на решенијата од овие проблеми. Затоа што, ако за албанците е нормално да се бомбадира денеска Југославија, а многу силно се сочувствува со страдањата и маките на бегалците од Косово, кај нас позицијата е сосема друга. За нас не може да биде поздравено до таа мера бомбардирањето на Југославија и сите жртви што ги има при тие бомбардирања. Гледано чисто од хуманистички аспект. Исто како што не можеме да бидеме инфериорни или сосема не заинтересирани за страдањата на албанците и сите припадници и други етнички групи од Косово. Ние подеднакво гледаме, и страдањата на србите и страдањата на албанците се хуманитарен проблем и за нас е опција тоа да заврши што побрзо, конечно како и наша потреба на Република Македонија. Вие преиспитајте си ги ставовите дали ги мерите работите со еден аршин или со неколку аршини. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Рубенс Наумовски. Реплика имаше господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Прво, да објасниме на јавноста за три квалификации кои беа дадени како божемни ставови на пратеничката група на ПДП.

Прво, дека сме изиграни од страна на НАТО, затоа што и членките на Европската унија зошто не прифаќаат протерани лица од Косово. Напротив, не се чувствуваме изиграни, туку имаме заеднички видувања по тие прашања. Ние не сакаме луѓето да се носат во Исланд, Австралија, Аргентина итн. туку да им се пружи на Владата и на соодветните органи на Република Македонија адекватна помош и тие луѓе да останат во Македонија како

најблиска земја преку која ќе се врши репатријација и враќање на истите.

Второ, не сме против хуманитарната и друга помош кон Република Македонија. Напротив, за да Ви докажам еве ја користам оваа прилика и јавно да апелирам до Европската унија и други западни земји да смогнат сили и што повеќе хуманитарна и друг вид на помош да пристигне во Република Македонија. Но, и во исто време таа помош да не завршува во државните резерви на Република Македонија, туку таму каде што е дестинирана и под стриктна контрола на соодветните меѓународни асоцијации.

Трето, дека сме против влегувањето на Македонија во НАТО и Европска унија е точна дезинформација. Ние сме за НАТО, тоа сме го докажале, сме за интеграција во Европската унија, но во исто време, исполнувајќи ги и стандардите кои ги бараат тие асоцијации по однос на човековите права и позицијата на националностите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Насер Зибери.

Збор има господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине претседателе, почитувани министри во Владата на Република Македонија и почитувани колеги пратеници,

Можеби толку во овие два дена од кога расправаме за политичко безбедносната ситуација во Република Македонија беше искажано од страна на наши врвни лидери на политички партии и одговорни субјекти во Владата на Република Македонија, а посебно по излагањето на претседателот на Владата на Република Македонија господинот Георгиевски, би било одвишок ние овде да расправаме, но можеби треба нешто да се каже и во друга димензија, затоа што политичко безбедносната ситуација кога се разгледува денес ние можеме да ја карактеризираме за поволна повеќе или помалку, но може токму напротив, јас не би рекол агресија, интервенцијата на НАТО на СР Југославија, состојбите во Косово денеска да бидат стабилни, а после одредено време, јас сум за една проблематика во животот визионер во политиката овде и повеќе изверзирани луѓе, за жал, и тие многу често грешат, политички лидери и нека каже времето кога ќе биде.

Ако ние од еден аспект во овој момент ја разгледуваме политичко безбедносната ситуација на РМ, а сакале или не сакале секој го оптоварува одговорен субјект во овој Парламент што со овие 180 илјади бегалци, ако се помалку, еве импровизирам, ако се повеќе импровизирам, ни повеќе, ни помалку, се работи за 10 или 12 мали гратчиња со граѓани кои дошле преку ноќта за 20, 30 дена во Република Македонија, а тоа е гратчето Радовиш, кое секој го знае на Балканот и Европа, а тоа е местото од каде што јас потекнувам. Значи, имаме граѓани на 10,12 Радовиш познато гратче на Балканот во срцето на Балканот. Сега се поставува прашањето што ние со овие граѓани, дали сме одговориле или не сме одговориле. Јас мојот став ќе си го кажам, тоа ниту сум го дискутирал со моите колеги пратеници, ниту пак пратеничката група и.тн. 180 илјади новодојдени граѓани, не дај боже да го најде било кој граѓанин по националност и било која исповест на земјината топка да го доживее тоа. Но, ете ние како Република Македонија колку толку во границите на нашите можности со нашите голи и боси војници, полицајци ја вперивме целата психофизичка и финансиска енергија, колку имаме толку, да се покажеме дека сме хумани. Јас сум најмалку албанофоб, најмалку националист, но ми сметаат некои работи што се случуваат во следната деценија во Република Македонија. Тоа е, веројатно, современа македонска држава, со векови сме сакале, сме дошле дали многу заслужни, помалку или средно заслужни, сега да ја градиме и власта да ја одржиме. Јас, многу Ве почитувам колеги од албанската националност, никогаш не сум повлекол ни еден потег дека се работи од друга националност, па ниту од друга партија, напротив, дури ми сметаат овие пренагласени етнички дискусии, национални дискусии, расправии, овој Парламент го претворивме 70% само за албанското национално прашање. Можеби треба Република Македонија два парламента, еден за тоа, ако треба и не сум против тоа, но треба овој Парламент да зборува и за останатите 2 милиона граѓани. Ќе кажам подоцна, под хуманитарно згрижени граѓани јас ги сматрам и останатите 60 до 70% граѓани на Република Македонија кои немаат работно место, кои немаат син картон. Нашиот лекар во медицинските ординации не ги прима во ординацијата, затоа што нема син картон. Тоа е проблем на овој Парламент, па и на оваа Влада и на претходната Влада и тн.

Сега се поставува прашањето, дали Република Македонија призната од страна на Обединетите нации е за една употреба и дали и треба Република Македонија на граѓаните на сите националности македонци, албанци, турци, срби и роми. И, ромите извини колега почитуван. Во овој контекст би ги издвоил моите почитувани колеги пратеници поединци и граѓани од албанската националност, значи, Република Македонија им треба само за критики во РМ, во Парламентот пред светската јавност, кои поединци и кои не седат сега овде. Тие имаат по три пасоши. Јас имам пасош кој важи само за Србија и Бугарија. За Грција треба да чекам виза.

Се прашувам, господо, лидери, граѓани на политички партии посебно на македонските партии. Дали вие почитувани пратеници го повикавте албанското добронамерно граѓанство од Република Македонија барем еднаш за оваа современа македонска држава, еднаш да се произнесе за донесените државнотворни акти. Првиот државотворен акт, кој овие две партии еднаш позиција, еднаш опозиција и обратно гласаа за осамостојување на Република Македонија. Вие почитувани колеги пратеници од албанската националност, кои бевте една партија, подоцна се издвоивте, не гласавте за осамостојувањето на Република Македонија, кои сакавте и кои го почувствувавте виорот на огнот, да не бидеме во составот на претходниот систем. Тоа е првиот државотворен акт поднесен на оваа современа македонска држава.

Вториот, Уставот на РМ. Дали граѓански, дали таков, дали ваков, Ве молам колеги јас Ве слушав еден час, па сега и Вие ислушајте ме, дали таков, најдоа сили добронамерните граѓани на Република Македонија да гласаат за Уставот на Република Македонија. Вие, господо, не гласавте за Уставот. Јас бев обичен граѓанин и гледав на телевизија и знам дека не гласавте.

Пописот на граѓаните на Република Македонија, пак ги повикавте дали добронамерно, дали не добронамерно политичките визии што ги имате, јас не завлегувам во тоа, сега јас зборувам како пратеник и дури не сум се консултирал со мојата партија СДСМ. Сега се поставува прашањето кој е во оваа држава современа македонска, имаме само една држава, немаме друга алтернатива, македонска кој е позиција, а кој е опозиција. Сега, треба јас таму да се трудам народски речено, од Источна Македонија дека сум опозиција дека сум јас тој од другата страна "непријател", а оној овде што прима по три пасоши и што фамилијата не му е во Република Македонија, тој е попозиционер за македонските интереси на државата.

Извинете, господо, мислам дека тоа треба да се одвои. Затоа, треба да се прифатиме односно да сфатиме дека не треба по 12 часа, јас не се ставам, ако ние дали сме во опозиција или во позиција, административно, технички, формално во даден временски период, ние сме ги застапувале стратешките национални државни интереси на оваа Република и сме се изјаснувале. Тоа сме го правле и кога била во федерална единица во претходниот систем. Сме ја афирмирале Македонија, македонската нација како спортисти, како студенти, како стопанственици, на секој план и сега ја афирмираме и тоа треба да бидат нашите критериму на вреднување на секој граѓанин без разлика на неговата национална партиска и верска припадност и преку ноќ некој да е заштитен, а некој од другата страна.

Затоа, ова прашање, нека ми биде лично замерено, најмалку имам кај мене некоја омраза спрема било која нација, а најмалку со националностите кои живеат во Република Македонија, понатаму не смее да го толерира Парламентот и ниеден добронамерен политички лидер од било која партија, не сакам да ги двојам дали е македонска или албанска.

Понатаму, ова го зборувам со тешко срце, не се работи, политичките лидери се лидери и имаат визија утре да бидат пак на власт. Благодетите на оваа држава во подобра форма да ги осетат, зборува дека преку ноќ 10% жителите на Македонија се зголемиле. Не е точно, Западна Македонија, албанската националност за 40 или 50% е зголемена. Тоа треба да го потенцираме. Ако една националност во даден временски период многу краток за 40,50% се зголеми, ние каква демографска карта ќе имаме на Република Македонија. Сега да биде супер стабилна, ние утре да играме оро на сред Тетово, Гостивар, Дебар, Скопје, за нас за краток временски период тоа ќе ни се одрази. Значи, 40 или 50% од една националност која живее во Република Македонија е зголемено. И, на ова кога ќе додадеме дали ќе останат пола, дали 20, дали 50 илјади, ние фактички вршиме еден директен, индиректен притисок на севкупните состојби во РМ. Стопански, културни спортски итн. Еден мал број да има од 10, 5, 2 илјади или колку тие војни носат

и некои последици во генот, да не кажам, не по нивна вина, фрустрирани што ние ќе имаме во наредниот период. Не една македонска полиција, не една македонска војска, треба да имаме уште две. Тоа се последиците среднорочни, долгорочни, кои можат судбината на Македонија да ја стават. Зборуваме Балкан, Европа без граници. Па, ние сега имаме флексибилна граница. Ако ние во Западна Македонија имаме дупло 50% зголемено становништво, кој ќе ја чува границата. Кога тие луѓе кои ќе останат, тие исти луге, а сакаат да бидат во две држави, во три држави и имаат сопствен имот каде што се родил, сопстеното огниште не се заборава, нивниот патриотизам ќе биде многу поголем и таму каде што дошли и таму каде што се вратиле, односно да нема граница. Да бидеме малку поедноставни, ниту сакам да се бавам професионално, но чувствувам обврска, одговорност како обичен граѓанин и како пратеник зад кого стојат 8 илјади гласачи, тоа морам јавно да го кажам и нека им биде запечатена судбината и лично замерено и камо среќа, дај боже почнавме сите да бидеме религиозни, некој повеќе, некој помалку, да не биде тоа вистина.

Понатаму, јас би рекол агресијата од односно интервенцијата на НАТО не сакам да ја толкувам, Вие овде сте биле министри и ќе бидете, заменици итн. не треба тука да се натпреваруваме кој е проалбански, кој е просрпски, пробугарски ориентиран итн.

Треба да не радува, ако секој граѓанин на РМ, македонец, албанец, турчин, србин, ром итн., ако некој сум заборавил, египќанин ние треба да бидеме, ако не е така нешто не е во ред со нас. Треба да бидеме прокомшиски, прососедски ориентирани расположени.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (продолжение)

Се случува не сега, не следните 5 години, туку следните 50 години ќе ни се одрази, затоа што држава не се чува само со 20 часовно дискутирање, но треба да се има развиено стопанство и развиена екномија. Затоа сакав сега да се јавам. Ние господо треба максимален, конструктивен, принципиелен, психолошки притисок да жнаправиме на Владата. Зошто? Затоа што сега е моментот, покрај се ова што дошло, ние не сме сакале да дојде, но сега е моментот пред Европската и Светската јавност да кажеме дека ова Македонската држава ја чини. Некои за ова, граѓаните на РМ и нивните органи ризикувале. Треба тоа да го кажеме. Затоа што ние немаме некоја фабрика на која оџакот и дими. Тоа беше за време ембаргото, знаете од каде, сега интервенцијата на НАТО итн. Не може ако имаме ние 12, 15 илјади војници да нема овде огромна нехуманитарна помош, но мора Меѓународната заедница, да има тела кои ние како Собрание ќе ги разгледуваме тука, а не ние да се радуваме дека ќе ни дава помош или ке не примат во НАТО. Каков НАТО. Ние да ја задржиме земјата, тоа ќе биде голем успех, а тек сега покрај бегалците поради нив ќе искористи РМ да биде примена во НАТО. Ние сега треба елаборат. Г-динот канцелар Шредер рече за штети, но ние како РМ од Владата, од ресорните минситерства треба да бараме конкретна програма, студија што е тоа. Да ја елаборираме со име и презиме секоја теза на простор на РМ колкави се штетите. Огромни се штетите. Јас не се согласувам 200 - 300 милиони долари. Се од милијарда до милијардаипол директни или индиректни штети на РМ. Нека ме демантира министерот за надворепни работи, а би сакал и почитуваниот минситер за финансии да ме демантира.

За ваша илустрација јас сега зборувам како да се одбиваат состојбите, наместо да се грижам за 1000 та вработени на чие чело стојам 11 години. Имам 855 тона бакар, имам 10 кгр. злато, 250 кгр сребро, со меѓународен договор потпишан господо. Ние сме ја граделе оваа држава и инспекции сме подложни да испраќаме и да примаме. И вели дека тоа е околу 2 милиона долара. И вели дека спор виша сила војна меѓународен суд во Париз. Почитуван Наумов морам да ве вклучам за оваа работа да занете. Два милона долара, месечно камата 1,5%, кај кого да се жалам. А електричната еенргија ќе ми ја исклучат, затоа што не сум платил од јануари месец. Има кај нас работници кои земаат редовно плата, но сакаат повеќе. Недајбоже да им задоцниш. Јас сакав еден конкретен пример да илустрирам. А има такви 300 фирми поголеми, средни, мали и најмали што работат директно со СР Југославија и со Косово и со Црна Гора. Затоа треба да ни направи Европската или Меѓународната заендица кои се тие директни штети. И да направи Владата на РМ, ресорните министерства модел на обештетување на стопанството, односно што потенцира премиерот Георгиевски на македонската економија За 200 - 300 милиони долара полигорнот Криволак да го користиш , тоа се милијарди долари. Велев дека е најсовремен во Југоисточна Европа. Па само да им земаме патарина по патот што заминуваат секј ден возилата на НАТО, како

нашите возила ќе заработиме. Јас ја критикувам Владата да ја охрабрам, уште похрабро да каже дека граганите, пратениците, опозицијата бара од нас конкретно обештетување од НАТО. Ако може со еден лет да се прават 10 милијарди долари директна штета, свесна штета, на нас со сите тие 20 летови 20 бомбардирања, треба на Македонија повеќе милијарди долари да се компензира што сме ние сепак за сите жртви, но Македонската држава за сите векови може да бидеме најголема жртва и граѓаните.

Ние сме веќе на стопански, економски егзенстенцијален колапс во РМ. Ние немаме време за тоа да дискутираме. Ние дали ќе се критикуваме, нема да се критикуваме утре ние прво како сопственици, како менаџери ке бидеме на удар. Утре Владата, ресорните министерства и целиот Парламент под удар. Немојте да мислме овој е во позиција, овој е во опозиција, кога ќе нема ништо да се движи во РМ и сега нема ништо да се движи, затоа ми е зборот да се направи модел на обештетување да не се родат нови профитери, поединци или група на луѓе или тн. Мислам дека имаме едно искуство, дали добро или лошо од ембарго затоа Владата на РМ званично пред овој Парламент трба да го каже тоа. И тоа ме охрабри што ме трогна кога рече премиерот Георгиевски и опозицијата беше на висина. Не е само да бидеш дали опозиција или позиција за 10 - 15 дена. Ние за оваа држава со децении сме придонесувале и оваа држава не смее преку ноќ, месечно, годишно или четири - годишно да се ризикува и да расправаме ние од 100 часа 70 часа само за односите. Го респектирам прашањето, но има начин, има време итн. Колку сме ние хумани? Јас денеска бев во претпријатието, но прашав кој го спомна нашиот партиот, македонскиот војник Крстановски денеска со почит. Еден македонски војник, тоа се 100-тина, 100-тина америчкi англиски итн. Погина со 10 или 15 илјади плата личен доход. Зошто тоа прашање го поставуваме. Толку ни е и економската моќ. Нашите полицајци денеска за 10 - 15 илјади денара по недела дена седат на границата и им е животот загрозен. Нашите војници од Минситерството за одбарана исто така животот им е загрозен. Сега кои се повеќе во опасност. Дали бегалците, дали оние што не работат 60% со години и понатаму состојбата ке биде влошена, дали оние што немаат плав картон да се прегледаат, дали оние сега што садат тутун во мојот крај Радовишко на 35 степени со лук, со кромид, со сув леб работат да преживеат цела година. Некој ке рече сега маркетинг.Ние треба да придонесеме како Парламент за подобра економија итн. Ние денеска слушаме 180 илјади да ги рециклираш. Тие може се припремале што ке биде ако не се вратат 50. Зарем под шатори ќе живеат. Зарем ова лето ние ке имаме туризам. Можете да замислите што ке биде од Охрид, од Струга од Преспа ова лето. Добро, нека биде но затоа што Меѓународната заедница вие треба господо пратеници од сите партии сега да кажете како Влада ние сега треба да бараме повеке милијарда долари помош. И тоа не хуманитарна помош. За развој на РМ, затоа што е стожер во придонес на тоа. Кога ни треба РМ овде, кога не ни треба итн. Во таа смисла не можам да сватам.

Понатаму, јас би сакал овие што коалицираат во коалицијата сепак да бидат во првите редови. Сега се првите борбени редови. Товарот го носи, не сакам јас да кажам, нека го носат сите подеднакво. Сега товарот го носат два - тројца луѓе, Министерство за внатрешни раоти, Минситерството за одбрана итн. Другите Министерството за стопанство, Минситерството за развој, не да чекаме на вонредна седница да слушаме информации, тие треба паралелно да работат за зачувување и заживување на стопанството. Да си ги поделат позициите. Туак нема, вонредна состојба ни е. Мора да бдеат секој ден, она што го имаме да го чуваме. И затоа јас не би сакал овде да ги читам предлозите како почитуваниот пратеник Зибери, јас има и предлози што ке се доенсат од областа на стопанството и економијата, ке ги поднесм во писмена форма, ако не во најголем дел барем некој да се донесе и би сакал со тоа да завршам без развиено стоанство и економија Македонската држава не може да се сочува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани минситри,

Ние сега овде расправаме по едно би рекол, пресудно прашање. Не верувам дека сме имале поопасна ситуација за Македонија барем не во нашиот животен век и мислам со право Владата си побара да имаме таква точка на дневен ред, да ги изнесе своите оценки и своите погледи и да побара Собранието да расправа за тоа прашање да исслуша што пратениците уште можат да осветлат, што можат да додадат како факти, што можат да додадат како оценки за сосојбите, што можат да разјаснат како можно предвидување, со што Парламентот би го дал својот прилог во

собирање на силите на оваа држава да можеме на некој начин да го преживееме ова тешко време и на некој начин да создеме услови за идните генерации да не ни пропадне ова што нам ни го оставиле нашите претходници, што ние сме го граделе со децении и на некои перспективи сепак да можеме да погледаме, да можеме да се свртиме напред, да излеземе од оваа многу опасна темница со која сега се соочуваме. Го слушав внимателно и претседателот на Владата и расправата во која учествува пратениците од сите пратенички групи. Морам да ви кажам, мислам го делам и вашето чувство, дека ние се наоѓаме пред еден голем испит. Ние сите заедно сакале или не сакале, мораме да сфатиме дека се наоѓаме во едно судбоносно време, едно пресудно време и нас ќе не измери тоа време колку навистина тежиме, што навистина сме способни да направиме од тоа што навистина ке направиме ке зависи какви резултати сме постигнале.

Ова време се разликува од други времиња, што овде евентуално нашите грешки можат да дадат огромни негативни резултати и катастрофални резултати. Затоа е потребно, веројатно во ова време да се присоберат сите сили, да се ослободиме од емоциите, да се ослободиме од ривалствата, кои инаку се разбирливи и политички и меѓупартиски и на етничка основа и т н. И да се обидеме појасно да видиме во каква состојба се наоѓаме, колку е голем тој застрашувачки настан кој сега се обидува тука блиску до нас. И како ние сето тоа можеме да го преживеме, можеме ли, што треба да направиме, како да го преживееме и како да си отвориме перспективи понатаму.

Тука јас би ги спомнал три клучни точки,за кои цело време се расрпаваме. Една од тие точки е, како да избенеме Македонија да не биде вовлечена во војната. Јас морам да ви кажам, ние носиме денес одговорност за тоа. Денешната Влада, денешниот Парламент, ние сме тие што носиме одговорност. Не се тие што некогаш биле, макар и пред шест месеци, или не знам пред колку, туку тие сега што сме овде и има да седнеме и навистина да се измериме и да видиме дали нас не бива за таа работа, и можеме ли добро да се договориме , како ние ќе го избегнеме нашето вовлекување во војната. Ве молам, тоа е централен, државен интерес на Македонија и интерес на секој граѓанин на Македонија, без оглед од кое етничко потекло е. Тука треба да кажеме дека тој интерес не сме спремни да го подредиме на било чиј мегународен интерес и било чии меѓународни проекти и шеми. Ако така застанеме ние како Парламент нека цел свет знае тогаш дека иако некој насила нешто направи да искористи од овде, нашата почва, нашата територија за напад на некоја соседна земја, сега Југославија, тоа го направил насилно. Во оваа земја државна волја е од овде да не се напаѓа никој од соседните земји. Тоа треба овде да го заземеме како став. И никакви ценкања околу тоа дали утре ќе станеме членка на НАТО, па тоа ќе го дозволиме или не. Утре да станеме членка на НАТО, тоа не треба да го дозволиме, а тоа не треба да го дозволиме макар и никогаш да не би станале членка на НАТО. Тоа е нашиот национален интерес, нашиот државен интерес и ако околу тоа има колебања, треба по тоа прашање да се разбереме. Јас мислам дека по тоа прашање нема да има колебања и не треба да има колебања.

Второ прашање се бегалците. Првиот бран и непосредниот бран на последици од војната во Југославија се доаѓањето на бегалците. Јас тука прашањето вака би го поставил. Непосредните впечатоци што ги имаме за тоа, што се случува и како се случува е прво и второ, што е вистинскиот проблем со бегалците и како ќе се одвива тој проблем. Мислам дека заради брзината поради која дојде бранот бегалци, имаше сигурно еден впечаток преку медиумите дека има дури и суровости во приемот на бегалците, но мислам дека ние сите овде, јас ќе ви кажам после зошто тоа така го велам, сите овде треба да кажеме и како Парламент цврсто да застанеме дека хаосот на бегалците.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

...Македонија како држава успешно го примивме. Ние можеме да ја критикуваме Владата, можеме да критикуваме министри и министерства и служби и нивниот однос кон поединци, кон поедини хуманитарни организации и т.н., но непобитен факт и не е чесно да се каже дека Македонија не направила подвиг далеку преку нејзините сили што го прими тој талас, тој бран, опасен голем бран на бегалци. Разговарав со еден новинар од Јапонија и му ги кажав цифрите и бројките и му кажувам оти ако се 7 или 8% од вкупниот број на население со овој талас кој дојде влегоа во Македонија за 5, 6 дена, 7 дена дека тоа за јапонија би било 10 милиони. Па ми вели Јапонија би била скршена тогаш. јапонија на тоа ниво на развој, на тоа ниво на организирансот, на

тоа ниво на технологија со кое располага и економија со која распоалга. Според тоа ние треба тоа да го истакнеме и никој овде не треба да го употребува приемот на бегалците и тешкотиите што сме ги имале како аргумент да се ослаби меѓународната позиција на државата. Тоа што сме го сториле не било наша волја, ние тие луѓе не сме ги донеле овде, тие од зло бегааат, од тешкотии што таму имале, ние не одиме во оценки, ги немаме сите информации зошто до тоа дошло, тие луѓе овде најдоа каде да склонат глава. Кога велам Македонија , Македонија се пред се државните органи, но Македонија се и хуманитарните организации, тука е и ЕЛ Хилал , тука е и Црвен крст, тука се и другите невладини организации и семејства кои примија и т.н. меѓутоа во државата мора да има закон ако сакаме и тие на некој начин, некои стандарди има што влегле овде и нашите граѓани државјани да си сочуваат статус и некоја сигурност и другите државјани и македонци еднакво како и другите да имаат, како и државјаните од албанско потекло, кои се државјани на Македонија за сето тоа да се сочува. За да се сочува државата нужно е да се спроведува законот точно така бидејки тие наши закони се и во согласност со конвенциите што ги имаме и т.н. Тука мора да биде точна и евиденцијата , мора да биде точен и увидот кој што работи и дали работи преку своите овластувања, по закон па Ел Хилал ќе го пофалиме за помошта што ја дава на бегалците при приемот, но ако го пречекорува законот и ако смета на државните органи за тоа и ќе го критикуваме и тука премиерот има право што го критикува, не значи оти ако една добра работа тераш а друга не тераш, добро одиш преку закон, да може некој да ти стави забелешка, за тоа и мерки не преземаш. Според тоа мислам оти треба да, прво, ја зацврстиме позицијата на државата дека никаква вина државата овде неможе да носи, туку општо признание треба да и се оддаде на Македонија како држава, општо признание за овој удар од бегалци, овој бран кој го прими. Тоа е по мое мислење суштината, а сигурно имаше и суровости, сигурно имаше и лош прием на поединци. Луѓето работеле по 12 часа, или по 18 часа, исцрпени, нервозни и самите можеби не дошле до парче леб таму и тн., тоа беа натчовечански работи на луѓето што таму работеа и треба да се свати свадба некој да прави па ќе има многу на кого ќе му се замери а сега ние да му ги пребројуваме на овој или оној за тоа што се албанци, па вака се однесувале со нив. Апсолутно тоа не е точно. Тоа е овој дел.

Што се однесува до бегалците како наш проблем сега. Јас мислам оти она што Советот за национална безбедност го заклучил и Владата по мое мислење што го утврди како политика тоа не треба да се колеба. Ние треба да знаеме колку е нашата моќ и економска и социјална и политичка и безбедносна да издржиме толкав број бегалци во нашата држава. Владата тоа го утврди на 20.000,може да не се 20.000 илјади, може се 30.000 илјади. Овој број бегалци - Македонија ниту економски, ниту политички никако да го издржи. И тоа ќе биде лошо после. Огромно многу лошо за македонската држава, за државјаните македонци и албанци, роми, срби, турци и тн., страшно лошо ќе бидат последиците а ќе биде и за бегалците многу лошо. Еве сакам да ви кажам дека идејата да се тие скоро вратат на Косово е многу добра. Меѓутоа, тоа не зависи од Македонија додека Босна,најмногу од негде бегалци што се вратиле 20% има еден пример, а просекот е 4 до 8% бегалците се враќаат таму од кај што избегале. Во Босна, иако има 60.000 војска на НАТО, три ипол години неможат една третина да вратат. За тоа треба да сме свесни и мислам дека треба да се има една енергична јасна политика, бегалците да се распоредат по сите земји од НАТО и од Европската Унија, да останат овде да останат 20, илјади, 25 илјади или незнам колку може да прими, Владата треба тоа да го процени и тука никакви отстапки на никој кој овде ќе дојде да не убедува дека може поинаку. Тоа е вистински државен интерес и вистинска грижа за сите граѓани на Македонија, било од кое етничко потекло да се овде. Инаку, морам да ви кажам, така висока концентрација на бегалците нема толку да држи високо концентрирано внимание на овие кои сега не убедуваат кои ќе ни поматаат. После два - три месеци други проблеми ќе има, меѓународна конференција, па ќе се ангажираат кој колку да го убедува таму, па ќе има расправи. Добар дел ќе заборават на нас овде и на бегалците што ни ги оствиле и тн. Тоа е секаде, така се случило и тоа е извориште за огромни несреќи пред се на тие луѓе, а потоа и на оние кои од хумани причини ги примиле, без оглед од која националност се тие што ги примиле.

Јас морам да ви кажам, јас сум бил секаде, сум одел и по тие арапски земји итн. Ист народ е во Јордан и палестинците, меѓутоа, дојде неколку пати до тешки оружани пресметки меѓу ист народ, меѓу бегалците од Палестина 1948 година кога се истерани во Јордан и самите јорданци, а

после има истерани и 1967 година и така натаму. Исто така, има и во Либан истерани и до ден денес не се вратени најголем дел од нив. Затоа мислам дека треба да се изгради државна политика и околу тоа да бидеме единствени и да се избориме за таа работа да неможе никој да не расколеба.

Што се однесува за другите последици, тоа е економијата пред се. Јас морам да ви кажам многу ми се симпатични проектите и моделите кои треба да се подготват, меѓутоа имам големо сомневање во она што нас не чека и ние мораме да се соочиме, да сме свесни дека многу работи ќе зависат од нашата интервенција, нашиот цврст став и енергијата која ќе ја потрошиме околу тоа, ама и знаење како како ќе се поставиме тука. Јас ќе ви кажам, еве сега беа германци. На германците што доаѓаат јас би им рекол вака тоа што вие нас не убедувате дека ние сме сигурни, ќе не поддржите, Ве молам сторете го со овие и овие наши купувачи во текстил. Нас фабриките ни престанаа затоа што вашите германски државјани вас не ви веруваат како влада. Вие велите дека не поддржувате и дека ни гарантирате се, меѓутоа, они ни откажуваат. Нив не сте им рекле. Треба на нив да им кажете. Ако таму не ви веруваат како јас ќе ви верувам овде. Јас можам да ви кажам, над 20% е опаднато производството на пример во "Астибо" да не кажувам дека паѓа скоро секаде, не само во Астибо. Или Америка, идат овде и не убедуваат дека сме аголен камен. Убаво, аголен камен, меѓутоа како може да допушти таа влада и како може од овде Амбасадата да не ја извести, како може нашат Влада да не ја извести таа амбасада и таа влада дека од 1 март е преполовена квотата на блејзери и панталони увоз од Македонија. Зошто? Заради тоа што имало јака конкуренција на нивните производи, а зимата не била многу ладна. Ако текстилната индустрија на САД пати од конкуренција од Македонија тоа огромна слабост е, меѓутоа јас морам да ви кажам, јас верувам дека за тие работи ние не се бориме доволно, не ги познаваме, тоа се за нас ситни работи, ама тоа се крупни работи, фабрики заради тоа стојат. И на страна од тоа, тие што не откажаа, тие 50% што не откажаа сега заради атмосверата опасностите овде и тн., бараат бидејќи работата е лом, од таму праќаат овде штофови и се што треба, модели и затоа они бараат однапред депозит да платат нашите таму. Депозит да остават да можат ако му загине овде, се бомбардира, фабриката пропадне, имотот они таму да си наплатат.Ве молам кажете им на нашите американски пријатели тој депозит нека го плати нивната влада. Само да го плати таа влада така ќе ни помогнат да ни работат фабриките.

Околу економијата, ова што сега е со Србија, некои ги караат стопанствениците зошто се ориентирале на тој пазар и дури сакаат да им префрлат во Комората ги поучуваат како некоја ваква или таква погрешна ориентација, па пројугословенска, па носталгичари, меѓутоа, јас морам нешто друго да ви кажам. Па, чекајте таа Европа, па светска банка цело време не тера да правиме спогодби за слободна трговија. Со Југославија ја напрвивме, со Словенија ја направивме, со Хрватска ја направивме. Тие сами, да не и сметаме на нив сакаат да бидеме што повеќе овде поврзани. Сега им текна, бомбардираат, во концепцијата им е така, ако бомбардираат нас не оштетуваат. Ние имаме штета заради таа работа. Нас тоа тешко не погодува и немојте да мислите дека 20% увоз и извоз е. Тоа 20% е поврзано најмалку со уште 40% од индустриското производство. Некаде е прва фаза на преработка па оди понатаму итн, итн. Огромни се штетите и затоа треба енергично да се разговара. Нема како да преживееме ние инаку. Задутре ние ќе видиме со што ќе се соочиме овде.

Овие работи сакав да ви ги кажам, а внимателно слушав и гледам со какво уживање поедини пратеници гледат како еден на друг да му извадат заб овде и добро да го доболи. Да речеме од СДС така правеа, па ние вака ќе ви направиме и тн итн. Ве молам, со такви работи. СДС веќе не е на власт, опозиција е. Опозицијата ќе критикува и ќе предлага, тоа и е работа, а вие ќе слушате и тоа што ќе уважите ќе си го примените, а тоа што не го уважите ќе кажете дека тоа не го прифаќате. Тоа е разумен однос.

А сега зошто ова сето го кажувам.Ние се наоѓаме пред невидено тешки пречки. Во опстанокот наш невидено тешки проблеми и тука јас сака да кажам дека многу важна улога можат да изиграат нашите колеги од албанско етничко потекло, нашите албанци овде, со кои сум многу долго и пријател, бидејќи некои од нив се од 1991 година пратеници овде. Јас сум тој што се обрати така, овде беше спомнато дека еден пратеник се обратил така. Јас мислам дека нашите албански колеги треба пред меѓународната јавност, пред меѓународните медии итн., заради свој интереси и заради интересот на граѓаните

што тие ги застапуваат да застанат цврсто во одбрана на основните интереси на македонската држава сега. Тоа е потребно, верувајте ми нив им е потребно тоа, без оглед али во овој момент некој од нив некој глас ќе изгуби, но за два-три месеци ќе се види дека тоа е мудра одлука и тоа е вистински машки пристап. А во некои луѓе од нив никако не се сомневам и мислам дека ќе разберат како треба да се работи. Ние сега се бориме и треба да си ги спасуваме нашите граѓани без оглед од кое етничко потекло се. Тоа бара нешто друго. Бара многу голем слух на аргументите едни на други.

Јас го слушам на конференција за новинарите господинот Црвенковски како шеф на Партијата која е во опозиција, а која до пред четири пет месеци беше на власт понуди соработка. Јас морам да ви кажам, влада во други земји во вакви услови кога опозицијата ќе им понуди соработка прво што ќе направи јавно ќе ја прифати таа соработка.

Друго ќе бара средба да види во што се може да помогне таа партија, а потоа и ќе соопшти штоод тоа одлучила да прифати и како ќе прифати. Ништо нема да изгуби ниту премиерот, ниту партијата на власт итн., само ќе добие, само ќе покаже чувство дека треба да се соберат силите, ќе добие и СДС, ќе добие и опозицијата, ама на еден се добива ако другиот повеќе од тебе изгуби, а сите ако губиме. Така не се добива. Така само се губи. Затоа мислам дека на такви понуди треба конструктивно да се реагира. Треба да се седни да се разговара. Морам да ви кажам, можете да имате илјада забелешки на тоа како СДСМ ја водел Владата, имам и јас, ама таму е концентрирано кај некои луѓе одредено искуство кое може да помогне. Сконцентрирано искуство е и кај ДЦП. И нашите понудија соработка. Што ќе ви смета ако се воспостави некој контакт два пати неделно консултации, ПДП исто така, јас морам да ви кажам некои луѓе што ПДП ги даваше за министри се покажаа дури и многу подобри од некои што ги наследија, јас да не ги кажувам по имиња, но имаше и такви луѓе. Ние требаше на тоа да се потпреме. Нас ни треба секој способен човек, да се отвори простор да се соберат силите и таа сила да удри против ова што ни се заканува на нас. Не можеме поинаку да си ја извлечеме земјата. Тоа е неопходно. Затоа, за тоа како ќе профункционираат тие канали на нашата сила, на нашата способност одговорна е Владата и пред се премиерот. Тука тактизирања према коалиционите партнери се недопустиви. Одат на штета на тие партнери, а исто така и на штета на државата. Затоа јас со ова сакам да кажам дека ние нашата шанса ја имаме ако е многу опасна состојбата, многу е тешка, многу е можеби, на некој му изгледа и безизлезна, луѓето што се посвесни, што разбираат им изгледа безизлезна, јас мислам дека ние имаме шанса, таа шанса точно на одреден начин постои и треба да ја искористиме, а не да се пребројуваме колку од противничкиот табор сме отстраниле, колку сме компромитирале итн. Мора во интерес на државата, во интерес на народот, во интерес на граѓаните тие работи да ги оставиме за некое друго време, да се седне на маса, да се разговара, да се вложат напори и сите ќе бидеме многу позадоволни од резултатите кои ќе ги постигнеме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сметам дека сега треба да ја заклучиме седницата. (Негодување во салата)

Еве сега доаѓа претседателот на Собранието, па тој нека одлучи дали да ја затвориме седницата, бидејќи еве сега се јавуваат и други дискутанти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, мислам дека во основа почнавме

да се повторуваме и секој на своја варијација објаснува една иста тема. Навистина сме преморени. Јас немам право да го одземам правото ан никого да дискутира и ги елабориравме сите апсекти на проблемот. 43 дискутанти до сега дискутираа. Затоа ве молам денес да ја привршиме расправата. Ке имаме можности да се произнесе уште еднаш по заклучоците кога ќе ги усвојуваме. Тогаш исто така луѓето можат да кажат и конкретен придонес да дадат. Јас денес би ја затворил седницата, после излагањето на заменикот министер за надворешни работи кој што сигурно би ни дал посвежи инфорамции и нови сознанија.

Јас би ја затворил расправата, би ги замолил координаторите на пратеничките групи утре во 10 часот да бидат во Кабинетот на потпретседателот на Собранието, г-динот Томислав Стојановски, заедно, врз основа на оваа расправа да подготват предлог на заклучоци и тие заклучоци ние да ги разгледаме во продолжение на седницата, по излагањето на претседателот на Републиката , г-динот Киро Глигоров. Значи, пак ќе имаме можност да се произнесеме и на никого нема да му биде ускратено правото. Ако

можеме така да заклучиме добро, ако не тогаш можеби ќе можеме да тераме до сабајле, со расправата. Немојте да сфатите дека на некого сакам да му одземам правото.

Предлагам да го сослушаме заменикот министер, г-динот Борис Трајковски и потоа по оваа точка да ја затвориме расправата, а да се произнесеме, секој, се разбира, може поединечно, кога ќе усвојуваме предлог заклучоците, што ќе ви бидат доставени во писмена форма од страна на координаторите на пратеничките групи. Тоа е најдемократски за да можеме да ја сумираме целата расправа. Денес ниту можеме, заморени сме, ниту пак јас сум способен да дадам некои заклучоци, а имаме и дури и предлог заклучоци од страна на пратеничката група на ПДП кои исто така може да бидат некаква основа за заклучување.

Има збор заменик министерот за надворешни работи Борис Трајковски.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Се чувствувам повикан во името на Владата да дадам некои објаснувања.

Беше тука споменато нешто во однос на прашањето на хуманитарната помош. Мислам дека не е добро и штета би било за РМ такви констатации да се изнесуваат тука дека има злоупотреба на доделената хуманитарна помош, пред, при тоа, да се има предвид или да се располага со одредени докази. Така да паушални изјави може само на сите нас да ни наштети и најмногу пред меѓународниот фактор.

Исто така бев поттикнат од дискусијата на пратеникот Чифлиганец кога тој бараше објаснување за се она што треба Владата да го направи.

Морам да ве известам дека во рамките на Владата сите ресорни министерства веќе се задолжени, во рамките на своите министерства да изготват, се она што се нарекува штета. Исто така 2.066 тони, или пак во вредност Владата на РМ има искористено или добиено 1.087.811 долари. Невладини организации 4.256.364 долари и НАТО, непостои вредност, бидејќи на денот кога почна изградбата на кампот Стенковец во еден ден пристигна понудената помош и таа беше преземена од нивна страна, така да ние немаме увид во точната вредност на така преземената помош.

Сакам да го истакнам фактот дека сите земји донастори претходно договараа со невладини организации. Ќе ви дадам еден пример, Германија донираше одредена хуманитарна помош и тие имаат свои партнери и соработници тука во невладини организации.

Треба да се истакне фактот дека Ел Хилал 80% од

хуманитарната помош ја користи и дистрибуира. Ако нешто се појавува вишок на пазарот, тогаш треба да се постави прашањето од каде тоа доаѓа. Мислам дека се неспроведливи таквите констатации. Токму во тој правец минатата сабота премиерот Георгиевски организираше средба со сите невладини организации кои во моментот егзистираат на територија на РМ, со цел заедно да се договориме и високиот Комесаријат да биде кој ќе ги координира акциите со невладините организации, како поправилно да биде дистрибуирана хуманитарната помош во хуманитарно згрижените лица во камповите и во семејствата. Да истакнам дека сега за сега покрај претставниците на високиот Комесаријат, Црвениот крст на РМ извршува функции како дистрибутер на хуманитарна помош и католичките служби. Затоа не треба такви паушални изјави, пред се, да доаѓаат од страна на пратениците, а претходно да не бидат проверени бидејќи може само да создава забуна во јавноста.

Јас би го повикал г-динот Насер Зибери и му го дал овој збирен извештај да го има повеќе за негова лична употреба и она што е, пак ќе повторам, наречено директна помош на Владата на РМ. Затоа и постојат стокови резерви, тоа оди таму и истиот може да биде упатен таму и тоа го провери.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот заменик министер Борис Трајковски за дополнителните информации.

Деловнички сака да се обрати г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин претседателе, јас навистина не од суета побарав од Владата да бидат присутни, имав рабзирање, навистина, пред 15,оо часот. Меѓутоа, после 15,оо часот да нема ниту еден претставник на Владата од оние министри кои поднесуваат извештај, а информацијата беше од претседателот на Владата, мислам дека е најдобра илустрација каков однос има Владата према ова Собрание.

Второ, зошто излегов. Излегов да го кажам следното: Вие предложивте, ако добро сфатив, г-дине претседателе, ќе се предложат заклучоци и дека по нив ќе се отвори расправа по излагањето на претседателот на државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не по излагањето. Ќе се затвори седницата и кога заклучоците ќе бидат готови ние работиме во продолжение и во четврток, после тоа и во петок ќе работиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас предлагам, бидејќи тоа си е посебна седница, обраќањето на претседателот до Парламентот си е негово уставно право. Ние мораме да си ја апсолвираме нашата точка пред настапот на претседателот на државата, затоа што, ќе ге потсетам, една пратеничка група која е во власта ПДП - НДП, условот за нивното учество во работата на Парламентот беше прво да го ислушаат обраќањето на претседателот па после даотворам дискусија. И крајно неодговорно е зошто не учествуваат во расправта за едно многу сушстествено прашање за што ние овде сите толку време потрошивме и толку енергија. Ако е ова обид на мала врата да се вратат во Парламентот и да учествуваат во дискусијата, после настапот на дискусијата на претседателот на РМ мисласм не е коректно.

Јас предлагам пратеничките групи и координаторите, ако веќе има заклучоци, ако се предлагаат заклучоците од оваа седница на Собранието по оваа точка, да се соберат во 10,оо часот, во 11,оо часот Собранието да има седница да ги усвоиме заклучоците а претседателот на државата да настапи во 12,оо часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас немам ништо против во 10,оо часот да се соберат координаторите на пратеничките групи.

Незнам дали сега сте усогласени или не сте.

Деловнички сака да се обрати пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани колеги и господине заменик.

Би сакал да укажам на следново, во врска со вашиот предлог за текот на работата утре.

Ние имаме точка на денвен ред која е ставен по барање на Владата. Предлагач на точката е Владата. Владата не ни предложи заклучоци. подобро да не прифаќаме никакви заклучоци и да расправаме по нив. Едноставно да ја затворите расправата по информацијата и да не предизвикуваме, по повод заклучоците, дополнителни сериозни работи во врска со актуелната осстојба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме сега и ваков предлог. Имаме предлог од страна на пратеничката група на ПДП со конкретни заклучоци.

Има збор координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ г динот Љубен Пауноски.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Текот на оваа седница има свој историјат. Таа беше замислена сосема поинаку, меѓутоа тоа се случи што се случи и сега сме обврзани, ако сакаме нешто што еднаш преиначивме, го прифативме, по трет пат да не преиначуваме. Значи, утре седница во 12,оо часот, рпетседателот на државата да се обрати, бидејќи тој се изјаснил дека не сака после неговото обраќање да говориме на оваа тема.

Неколку пати јас предочив тука дека не би сакал да ги дешифрирам тие ставови и нема потреба да се дешифрираат. Но, ак тоа еднаш го прифативме да го спроведеме до крај. Претпоставувам дека може да се јави после една недела, даречеме, повторно да разговараме на можеби слична тема, или иста. Така што ќе имаме за тоа можност, да не комплицираме до крај, бидејќи од самиот почеток некои принципиелни работи што биле договорени се искомплицираа.

Второ, една пратеничка група од коалицијата не учествува во работата на Парламентот по информацијата.

Трето, пратеничката група на ПДП понуди писмени

заклучоци кои ни се доставени и кои очигледно имаат свои заклучоци што ќе инсистираат да се прифатат.

Пратеничката група на СДСМ, во својот настап, преку претседастелот на Партијата стенографски приложи 9 заклучоци или 10 заклучоци.

Денес видовме до претставниците на коалицијата кои учествуваат во работата на Парламентот дека тие 9 - 1 0 заклучоци во сите дискусии, без исклучок беа отфрлени. Ако сакате да расправаме како конструктивна опозиција јас би дал еден конструктивен предлог.

Во услови кога во Собранието очигледно нема да имаме консензус никаков во врска со заклучоците, една група има свои заклучоци, друга има свои, коалицијата отфрла се, дел од коалцијата не присуствува на седницата,

предлагачот на точката нема предлог заклучоци зошто бара да се гледа информацијата.

Мислам, во правец на и она што г-динот Андов го зборуваше, дека најдобро ќе биде за Парламентот да ја затвори расправата по информацијата без да усвојува никакви заклучоци за да не се претвори расправата по заклучоците во дополнителни сериозни поделби од повеќе основи, вклучувајќи ги во коалицијата внатре за состојбите во РМ, предизвикани од претходната ситуација. Затоа предлагам утре да не не свикувате како координатори на пратеничките групи затоа што ќе биде невозможно да се усогалсиме околу заклучоците, секоја пратеничка група ќе инсистира на своите, а тие се многу спротивставени, особено во услови кога Владата како предлагач на точката не ни нуди заклучоци. Затоа претпоставувам дека ќе биде.

Второ, пред почетокот на оваа седница координаторите беа присутни, разговаравме принципиелно за некои можни, би рекол џентлменски договарања, како да тече седницата. Но, добро, тоа не е воопшто обврзно, продолживме како што продолживме. Меѓудругото исто така преовладуваше мислењето дека Парламентот донесе заклучоци околу ова прашање на 24, и тогаш исто така преовладуваше мислењето дека нема потреба да донесуваме заклучоци бидејќи ова е седница на која според првата замисла треба да се обратат претседателот на Владата и претседателот на државата и нема потреба да донесуваме заклучоци, ако нешто од незнам кој карактер битно не се променува состојбата. Според тоа и мислењето на ВМРО-ДПМНЕ во овој случај се совпаѓа со предлогот на СДСМ. Предлагаме и ние да се заклучи седницата вечерва, утре да настапи претседателот на државата и во некои наредни денови кога, зависи од ситуацијата, ќе продолжиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние можеме многу елегантно да ја заклучиме седницата. Јас имам еден работен состанок, со кој ако се согласите би гласел вака:

1. Собранието на РМ ја усвои Информацијата на Владата на РМ за актуелната безбедносна состојба во РМ предизвикана од натамошната ескалација на настаните во Косово.

2. Собранието ги поддржува меркиет и активностите што Владата на РМ и надлежните министерства ги преземаа за надминување на тешките негативни состојби и последици предизвикани од војната што се води во СР Југославија.

3. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија.

Тоа е еден општ заклучок со кој ќе се затвори со кои ќе се затвори расправата по оваа Информација.

Ако сакате можеме да гласаме по овој работен заклучок и на тој начин да ја затвориме седницата.

Дали можеме да одиме вака, ако не, тогаш немаме никакви заклучоци, па ќе гласаме и без заклучоци.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Најпрво ние инсистираме Собранието да се изјасни по поднесените заклучоци од пратеничката група на ПДП.

Второ, доколку се инсистира да се прифати овој начин на заклучување на расрпават по однос на точкат аод дневен ред, тогаш ние сме против тоа. Прво не сме согласни Собранието да ја прифати Информацијата што беше поднесена од Владата. Ние сметаме дека е неточна, нецелосна. Второ, не ги подржуваме мерките кои се предложени.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Заклучете ја расправата по точката без ништо.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние мораме да се произнесеме, имаме заклучоци од пратеничката група. Мораме да се произнесе дали ги прифаќаме или не заклучоците на пратеничката група на ПДП, а после тоа можеме да ја заклучиме расправата по точката без заклучоци.

Има збор господинот Амбид Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се извинувам на сите пратеници овде, навистина до доцни часови останавме тука, но кога останавме, мислам еден сум, а може да вредам за 120 пратеници овде. Во моментот се решава една работа. Со недели се одолговлекува оваа точка а е во интерес на РМ и на сите граѓани да го прифатиме предлогот на г-динот Стојан Андов, сите 120 пратеници. Тоа беше и мој предлог пред две недели, сетете се добро, се водат тука стенографски белешки. Би требало, да прифатиме нешто за добробит на РМ, многу да не комплицирам некои работи, да не отвораме рани, затоа

што некоја рана кај некого кој има шеќер тепко заздравува. Таа само повеќе се шири. Затоа, во наш интерес е, уште еднаш апелирам, сите 120 пратеници што постоиме во Парламентот кој сме во РМ, кој се сега тука и кој не се тука, утре сите да бидат присутни и да излеземе со еден став, а сега да се заклучи оваа седница. Тоа е од добробит на РМ, затоа што гледате се прават разни сојузи. Немој да мислите дека, многу пати се смеевте овде кога велев мечката игра, а дајрето лупа овде, дојде времето, и со избелици и се. Немојте сега пак да сфатите, пак однаспред ви кажувам, гледате некој сојуз се подготвува и тоа јак сојуз. Размислете добро сите пратеници овде треба многу умно да мислиме затоа што тука ќе игра мечката. Тука ќе игра мечката. Сојузот што се прави не етој сојуз за фрлање. Ни НАТО, ни свети НАТО нема да му биде рамен. Затоа умно и паметно да размислиме тисте. Можеби некој се смее, но не е тоа за смеење. Еве јас зборувам и се потам. Зошто? Еден сум, ама ви кажувам, во овие моменти повеќе размислувам.

Јас имав и на заменикот министерот да му кажам некои работи. Не сакав да излезам и да зборувам околу тоа.

Укажувам, дајте сите, моето излагање беше исто

како и на господинот Стојан Андов, и опозиција и позиција, сите заеднички да дадеме придонес за Република Македониа, да излеземе од оваа криза, да немаме проблеми во РМ, затоа што раната ако се прошири тешко можеме да ја затвориме.

Би требало да го прифатиме ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па се знае. Пратениците ги имаат добиено во писмена форма за што гласаат.

(Реакции во салата). Ги поделивме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Тогаш, ако е така, нашите заклучоци, во името на пратенич-ката група треба како претседател на Собранието да ги ставите на гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ги ставам на гласање. Така и ќе направам. Немојте да ме учите. Знам јас што да направам.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ставете ги на гласање, па после...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ги ставиме, сигурно, на гласање.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Добро де, што се лутите, претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓо Гулистана, сакате вие нешто процедурално? Повелете.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитуван, претседателе, почитувани пратеници,

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, дајте повеќе да не се натегаме со процедурални забелешки.

Има збор господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине претседателе јас сосема кратко.

Јас бев еден од тие кои предлагав да има заклучоци, бидејќи мислев дека ова не е трибина за вежбање говорниште на пратениците, бидејќи се работи за многу важно прашање за кое што треба минимум, по неколку битни прашања, да има консензус. Говореа некои пратеници, говореше господинот Андов што е стратешки интерес итн.

Парламентарното мнозинство, еве, се изјаснува дека не му требаат такви заклучоци и таа има Влада и мисли дека Владата добро го тера тоа итн.

Ме чуди што Социјалдемократскиот сојуз не инсистира да има некои заклучоци, да се бори да влезат, независно од тоа дали ќе ги прифати парламентарното мнозинство итн. Но, очигледно е...

(Реакции во салата).

Очигледно не ви се допаѓа.

Јас не зборувам да ви се допадне вам. Зборувам што мислам јас Но очигледно е и бидејќи нема расположение да се направи напор да се соберат неколку важни ставови па да одат како ставо-ви на Парламентот во етерот, пред

домашната и пред меѓународната јавност, јас тоа не можам да го изменам, но сугерирам, заради дигнитетот на Парламентот друг пат да не се закажуваат седници или точки на дневен ред по кои што нема епилог.

Еве, тоа е мојата сугестија заради мене, заради вас, заради Парламентот и заради оние што не избраа и кои очекуваат од нас да направиме нешто.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Китановски пред вас побара збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа,

Прво, мислам дека, немојте ве молам да го губите трепението затоа што кога се декларираме односно кажуваме од оваа говорница дека расправаме за нешто значајно, многу пати слушнавме дека сме во опасна ситуација итн., а ние кога сме имале важни работи за државата сме останувале и до 3 часот сабајле. Сега е само 22 часот и нешто.

Ние, како пратенички групи, со самиот факт дека овој Парламент е плурален, Парламент, тоа значи дека секоја од пратеничките групи имаше можност, имаше прилика односно врз основа на дискусиите во Парламентот и од пратеничката група или од сите пратенички групи да достави заклучоци, односно Предлог заклучоци.

Ние, како пратеничка група доставуваме до вас Предлог заклучоци кои немаат друга можност како да бидат пред вас, туку како што е редот и процедурата и како што е и Деловникот. И, ние такви заклучоци ви нудиме, односно вие ги имавте тука.

Сега, овие заклучоци во исто време одат и во прилог на тоа дека имаше тука доста искривувања и коментирања на наши настапи итн., кој како сакаше и од свое видуваше, што исто така ние тоа го прима-ме како нешто нормално, затоа што не би било Парламент коЈга не би имале и разни дискусии, настапи, видувања во овој случај.

Затоа, јас, во името на пратеничката група и во договор со пратеничката група уште еднаш на вас и за јавноста би ги прочитал нашите Предлог-заклучоци и овие Предлог заклучоци, дали вие ќе ги прифатите, дали ќе има мнозинство што ќе ги прифати или не, тоа е мислам многу разбирливо и од тоа ништо не велиме дека, меѓутоа тоа што е наше, ние како пратеничка група мораме да го направиме. Затоа што кога ќе ги слушнете, односно кога ќе ги слушне јавноста ќе видите дека таму сме каде што би сакале сите. Зошто:

Првиот заклучок Собранието на Република Македонија констатира, ние бараме да констатира, дека политичко безбедносната состојба во Република Македонија е мирна и стабилна...

(Рекации во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, пратениците да не излегуваат.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Со цел и понатаму да се одржува мирот и стабилноста во Република Македонија, Собранието на Македонија, Владата и нејзините органи бара одговорно извршување на своите задачи.

(Рекации во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги добивме тие заклучоци.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ние не бараме никаква одговорност во овој случај и предлагаме заклучоци. Одговорност бараме од Владата.

(Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Заклучоците ги добија. Ако имате нешто друго процедурално, инаку сега повторно да ги слушаме заклучоците, тоа не е во ред.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не, но мора да се знае за што гласаме, за што не гласаме.

Ценејќи го вниманието и времето на сите пратеници, веројатно забележавте дека голем дел од дискутантите

од десната страна особено се откажаа од дискусија, заради времето.

Според тоа, ве молам, бидејќи ова не се работи за процедурални забелешки, да ја заклучите расправата, а воедно да искажам дека без оглед на тоа како ќе биде понатаму, утре ќе мора да продолжиме повторно од проста причина што Собранието нема кворум. Не може да гласа по ниту едни заклучоци, по ниту еден предлог на пратеничка група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да видиме, колку пратеници се присутни во салата, дали можеме да гласаме воопшто?

Ќе ве молам, моментално се присутни 50 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

(Пратениците влегуваат во салата)

Колку пратеници се присутни во салата? Ги имаме само 55 пратеници.

Констатирам дека не можеме денеска да гласаме. Според тоа, не ќе можеме да донесеме никакви, ни посебни заклучоци, затоа што не можеме да гласаме по заклучоците.

Според тоа, утре во 12 часот ќе ве молам, седница...

(Бурни реакции од страна на пратениците со барање да се заклучи расправата по оваа точка).

Ја заклучувам расправата. По ова ја заклучувам расправата.

Утре, во 12 часот ја имаме Седумнаесеттата седница, ќе ве молам, после тоа се затвора Седумнаесеттата седница и продолжуваме со работа по Петнаесеттата седница.

Расправата по оваа точка е веќе затворена.

(Седницата прекина со работа во 22,25 часот).